# ОПШТИНА ВЕЛЕС



# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## 2024-2027

**ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН**

**НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**за периодот 2024 – 2027 година**

Декември 2024

*Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина Велес во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.*

*Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.*

*Ставовите изразени во овој документ се на општината, и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.*

# I. Воведно писмо од градоначалникот

Почитувани,

Планирањето е клучна фаза во процесот на управувањето, а од квалитетот на планот зависи севкупниот развој на општината. Стратешкото планирање е без сомнение најбитниот сегмент кој гарантира одржливост и развој на еден субјект.

Во рамките на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка и Бирото за регионален развој, Општина Велес подготви Интегриран локален развоен план за следење на функционалноста, за подигнување на развојниот капацитет на општината и за подобра испорака на локалните услуги. Овој документ ги утврдува насоките за идниот развој на општината и претставува рамка за останатите и идни секторски и акциски планирања.

Се надевам дека содржината на Интегрираниот локален развоен план на општина Велес, односно неговата реализација во периодот што следи во најголема мера ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и квалитетот на услугите кон граѓанскиот сектор и деловните субјекти.

Посебна благодарност упатувам до Програмата за развој на Обединетите нации, кои го поддржаа целиот овој процес, како и до членовите на тимот за изработка на Интегрираниот локален развоен план на општина Велес за периодот 2024 – 2027 година.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

## СОДРЖИНА


........................................................................................ 1
I. **Воведно писмо од градоначалникот** ........................................ 3
СОДРЖИНА ................................................................................ 4
I. **ВОВЕД ВО ИЛРП** ...................................................................... 6
**1.1 Профил на општина Велес** ........................................................ 6
**2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЛРП** ................................. 13
**3. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ** ........................................................ 15
**3.1 Вертикално поврзување** .......................................................... 16
**3.1.1 Допирни точки на ИЛРП со Глобалните цели за одржлив развој и клучните развојни документи на ЕУ** ............................................ 16
**3.1.2 Поврзаност на ИЛРП со националните стратегии** ..................... 16
**3.2 Хоризонтално поврзување** ...................................................... 18
**4. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** ..................................................................... 18
3 СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект ...................................... 19
**5. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА** ......................................... 31
**6. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА** ............................ 31
**7. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** ........................................ 32
**8. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** ............................................................. 33
**Програма за комунални дејности** ................................................ 35
**9. БУЏЕТ НА ИЛРП** ..................................................................... 60
**10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП** ........................ 65
**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА** ..................... 68
1. Анализа -Демографски развој ....................................................... 68
2. Анализа-Аспект на пазарот на трудот ............................................ 82
3 - Анализа Економија ..................................................................... 93
**Црква Свети Пантелејмон** ............................................................ 101
**Црква Свети Спас** ........................................................................ 101
**Црква Свети Кирил и Методиј** ...................................................... 101
**Црква Света Петка** ...................................................................... 102
**Црква Свети Никола** .................................................................... 102
4.СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ Комунална инфраструктура и планирање ....... 116

Сектор Паркови и зеленило ..... 124
Пазари ..... 124
Акумулациони езера ..... 124
**Патен сообраќај** ..... 125
5. СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ Социјална инфраструктура ..... 128
6. СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ - Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија ..... 148
7. СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ - Безбедност и сигурност во заедницата ..... 159

# I. ВОВЕД ВО ИЛРП

## 1.1 Профил на општина Велес

### Краток историјат на општината

Општина Велес до 1996 година зафаќаше површина од 1552 km2 или 6% од територијата на државата. Со територијалната поделба на Република Македонија од 1996 година, од Општина Велес се издвоени новоформираните општини Богомила, Градско, Чашка и Извор, така што таа зафаќаше територија од 553 км2, односно 2,1% од територијата на Македонија. Со новата територијална поделба од 2004 година, картата на Општина Велес повторно се измени и сегашната територија што ја зафаќа Општина Велес е со површина од 464,5 км2, што преставува 1,71% од вкупната територија на Република Македонија.

Велес низ историјата се нарекувал со различни имиња, од кои три се најмногу користени. Од самото основање на градот, Велес се нарекувал со името Вилазора. Подоцна, во Отоманското Царство, градот се преименувал со името Ќупурли, кое подоцна било заменето со денешниот назив. За време на С.Република Северна Македонија, но и во првите години од самостојноста на државата, Велес се нарекувал со името Титов Велес, во чест на маршалот Јосип Броз - Тито. Велес како населба постоел уште од 168 година п.н.е. и се наоѓал нешто поисточно од денешната локација. Бидејќи градот има стратешка позиција, тој често бил мета на различни странски инвазии и окупации и бил дел од различни балкански кралства и држави, почнувајќи од Пајонија, па завршувајќи со СФРЈ.

Велес е значаен и познат по голем број обележја. Градот бил дом на голем број македонски преродбеници, револуционери, писатели и поети и тој е една од лулките на македонската култура, а низ историјата се среќава како град на првиот театар во Македонија, град каде што настапила првата глумица, учителката Тенка А. Коларова во популарната мелодрама „Многустрадалната Геновева" во 1875 година, град на првата библиотека, првата гимназија, првото музичко училиште, како и првиот музеј. Градот е карактеритичен по својата типична велешка и староградска архитектура. Велес е еден од индустриските центри на Македонија и значаен трговски, транспортен и економски центар.

### Географски карактеристики

<u>Географска положба</u>

Велес се протега во централниот дел на Р.С. Македонија и опфаќа дел од средното сливно подрачје на реката Вардар и има значајно место во рамките на Вардарскиот плански регион. Од физичко-географска гледна точка, најголем дел ѝ припаѓа на Велешката Котлина и планинските површини кои релјефно ја дефинираат. Котлината е оградена со релативно ниски ридови. На исток, кон Овче Поле се наоѓаат Св. Илија (565м), Кршла (420м) и Барјаче (448м). На север, со масивот на планината Јакупица (2540 м) и нејзиниот огранок Голешница, односно со нивните ридести делови, преку Таорската Клисура таа морфолошки е поврзана со Скопската Котлина. На запад се ридовите Грот (675м) и Баир (461м). Преку Велешката Клисура, Котлината на југ е поврзана со Тиквеш.

<u>Површина</u>

464,5 km2

Населени места

Денес, во рамките на Општина Велес потојат следниве населени места: Велес, Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Караслари, Горно Оризари, Долно Караслари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуниште, Клуковец, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Отовица, Ораовец, Раштани, `Рлевци, Рудник, Сливник, С`лп, Сујаклари, Сопот, Црквино, Чолошево и Џидимирци.

Соседни општини

Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Петровец, Зелениково.




Слика 1. Географска локација на Општина Велес Р.С. Македонија

**Комуникациски карактеристики**

Велес лежи на главната сообраќајница на Балканскиот Полуостров по Моравско – вардарската долина. Градот лежи на транспортниот коридор 10, што му дава посебна важност и значење како макролокација. Градот Велес има добра поврзаност со сите главни и магистрални правци кои поминуваат низ Република Македонија. Покрај Општина Велес минува главниот автопат Е – 75, кој ја поврзува со сите поголеми градови во Македонија: Скопје, Куманово, Прилеп, Битола, Штип како и со градовите во соседните држави. Всушност Велес претставува една од главните крстосници во Македонија, како во патниот сообраќај така и во железничкиот сообраќај (раскрсница и краковите на пругата кон Гевгелија, Битола и Кочани).

**Природни карактеристики**

Клима

Отвореноста на општината кон север и честите продори на студени континентални воздушни маси во зимскиот дел од годината условуваат појава на ниски температури на воздухот и владеење на континентална клима со просечна годишна температура од 12 до 15 Целзиусови степени.

Доминантните ветришта се од север и северозапад со зачестеност од 168, односно 152 промили и средногодишна брзина од 2,7 односно 2 метри во секунда. Најсилен ветар дува од северозападен правец со јачина од 9 бофори.

Просечното годишно количество на врнежи изнесува 477 мм. Во текот на годината врнежите најмногу се застапени во месец ноември, а најмалку во месец август, и тоа со 61,4 односно 24,7мм просечен атмосферски талог. Снежната покривка се задржува просечно по 12 дена годишно. Годишната просечна релативна влажност изнесува 70%, при што највисока е во зимските месеци со просек од 86%, а најниска во летните месеци со просек од 55%. Просечното годишно траење на сончевиот сјај изнесува 2 148 часови. Маглата не е честа појава и просечно ја има по 13 дена во годината.

<u>Температура на воздухот</u>

Климатските елементи ја оцртуваат климата во општината Велес. Таа е определена со температурата на воздухот, врнежите, траењето на сончевиот сјај, облачноста, влажноста на воздухот и ветровите.

*Температурата на воздухот* во општина Велес е дадена во следната табела:

Таб бр. 2 Просечни годишни и месечни температури на воздухот во општина Велес

| Мер. пункт | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес | 1.8 | 4.2 | 7.8 | 12.9 | 18.1 | 22.1 | 24.9 | 24.1 | 19.9 | 13.9 | 8.4 | 3.7 | 13.4 |

Извор: „Климата во Македонија”, Ангел Лазаревски, Култура, Скопје, 1993 година.

Од табеларниот приказ се гледа дека просечните температури на воздухот се со позитивна вредност. Тие се движат од 1.8°C во јануари до 24,9°C во јули. Отсуството на температури под нулата во средногодишните вредности укажува на термичката умереност на овој простор, што има позитивно влијание на стопанските активности и особено на земјоделието и туризмот.

Висината на врнежите различно се одразува во стопанските дејности во општината. За туризмот е позитивно нивното отсуство, но не и за земјоделието. Висината на врнежите е дадена во следнава табела:

Табела бр. 3: Просечна месечна и годишна сума на врнежи во мм.

| **Пункт** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес | 33.8 | 35.1 | 39.4 | 38.0 | 53.4 | 42.8 | 34.1 | 25.4 | 29.9 | 44.2 | 52.4 | 40.6 | 469.4 |

Извор: Ангел Лазаревски: „Климата во Македонија”, Култура, Скопје, 1993 година.

Според овие податоци, Велес има најниско ниво на врнежи. Меѓутоа, поволен е распоредот на врнежи особено во мај и јуни, односно во октомври и ноември, кога достигнува највисоко ниво.

Осončеноста и облачноста се параметри кои се во директна врска со условите во оваа животна средина, стопанските активности и квалитетот на живот. Средногодишното и средномесечното траење на сончевиот сјај се дадени во табела бр. 4:

Табела бр. 4: Траење на сончевиот сјај во часови

| **Мер. пункт** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес* | 92 | 108 | 146 | 178 | 205 | 248 | 292 | 285 | 230 | 170 | 108 | 86 | 2.148 |

* Пресметано преку облачноста

Извор: Ангел Лазаревски: „Климата во Македонија”, Култура, Скопје, 1993 година.

Осонченоста е релативно висока. Таа изнесува преку 2000 сончеви часови годишно. Тоа може да биде вредност од посебен интерес во инсталирањето на фотоволтаични системи, во согласност со препораките во услови на климатски промени.

Влажноста на воздухот и ветровите се исто така фактор на поволности во животната средина. Велес во овој поглед има оптимални вредности. Така, средногодишната релативна влажност изнесува 69%. Во летните месеци е 55%, а во зимските 82%. Проветреноста е исто така забележителна. Тоа е плод на струењата на воздушните маси по долината на реката Вардар, како во летниот, така и во зимскиот период. Вардарецот кој дува во зимскиот дел од годината претставува фактор на прочистување на воздухот во општина Велес. Во стопанска смисла, присуството на ветрови треба да биде можност за инсталирање на ветерници и добивање електрична енергија од овој вид, што е во согласност со одржливиот развој.

Водените ресурси како развојна основа

Водените ресурси како развојна основа претставуваат посебна вредност. Територијалната разместеност во сливното подрачје на реката Вардар претставува изразит воден потенцијал. Ова сливно подрачје ги опфаќа реките Бабуна, Тополка и Отовица. Исто така, езерото Младост припаѓа на ова сливно подрачје. Основа за развој треба да се можностите за водоснабдување, наводнување и развој на туризмот. Системите за водоснабдување користат води од главните водотеци, односно од реките Вардар, Бабуна и Тополка, од езерото „Младост", како и води од подземни изворишта и чешми. Со завршувањето на браната „Лисиче“ се надмина проблемот за водоснабдување на општината. Просторот околу езерото Младост со урбанистичко планирање е определен како населба за домување, туристички содржини и спорт и рекреација. За туристички активности е погодна и долината на реката Бабуна во локалитетот Пешти.

Подобрувањето на користење на водните ресурси подразбира и надминување на проблемите со загадувањето. Ова произлегува од високото ниво на загаденост, особено на реката Вардар.

Основни карактеристики на биодиверзитетот

Просторот на општината и нејзиното опкружување е карактеристичен по разновидноста на застапената флора и фауна. Во вегетациска смисла, преовладува буковата и дабовата шума. Четинарите се застапени во помал обем. Нивната вредност има повеќедимензионално значење. Тие се дел од шумскиот екосистем и имаат рекреативно и декоративно значење. Во стопанска смисла, тие се основна суровина во дрвно-преработувачката индустрија. Таа е основа за снабдување со огревно дрво, кое за жал претставува фактор на нарушување на односите во животната средина. Појавата на ниски грмушести растенија е присутна во пониските делови. Исто така, присутна е појава на ниски шуми како габерот, јасенот и леската. На бреговите на реките се јавува врбата и тополата, како и платанот.

Во општината е евидентно присуство на ливади и пасишта. Тие претставуваат значаен фактор за развој на сточарството. Интересна е и застапеноста на полупустинска вегетација, која има егзотично и едукативно, но не и стопанско значење. Мочуришна вегетација во која доминира трската се јавува покрај водените површини, особено на брегот на реката Вардар и езерото Младост.

Карактеристика на општината е разновидноста на фауната. Биодиверзитетот на фауната го сочинуваат како ’рбетниците, така и безрбетниците. Примери за застапеност на безрбетници се: полжавите, инсектите, пеперутките, пчелите и осите. ’Рбетниците се застапени како риби, водоземци, влекачи, цицачи и птици.

Релјефната структура и другите елементи од животната средина на овој простор се причина за појава на средноевропска, медитеранска и источно-степска фауна. Тоа зборува за хетерогена зоогена застапеност.

Во општината се јавуваат примероци на ситен и крупен дивеч. Тие се основа за ловни активности. Дивата свиња и зајакот се ловни примероци кои се присутни во рамничарските делови, додека во високите делови, надвор од општинскиот атар, живеат останати претставници како срната, дивата коза, еленот. Птиците се затапени во широк дијапазон. Тоа се: дроплите, фазанот, еребиците и потполошката, гулабите, грабливи птици, утки – бувови и појни птици.

Водената фауна е претставена како речна и езерска. Претставници се рибите: вардарски и бел клен, црвеноперка, вардарска плиска, линиш, бела мрена, кркушка, вардарска штипалка, крап и сомови. Тие се основна претпоставка за риболовни активности.

## 1.2 Опис на институционалната рамка на општината

Според одредбите од Законот за локална самоуправа, со Општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 23 советници. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Велес и таа е организирана во 2 сектори и 13 одделенија и тоа: Сектор за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на градоначалникот, Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа, Одделение за јавни дејности, Одделение за јавни набавки, Одделение за информатичка технологија, Одделение за поддршка на градоначалникот; и Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој, Одделение за урбанизам, Одделение за животна средина, Одделение за комунални работи и сообраќај, Одделение за евроинтеграции и локален економски развој, Одделение за инспекциски надзор, Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за управување со човечки ресурси, Одделение за финансиски прашања. Во рамките на Општина Велес е и Територијалната противпожарна единица. Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

Табела за вработени во Општина Велес по пол:

| Вработени во Општина Велес по пол | Број на жени | Број на мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Вкупно вработени во општинска администрација** | 56 | 31 | 87 |
| **Раководители на сектор** | 1 | 1 | 2 |
| **Помошник раководител на сектор** | | | |
| **Раководители на одделенија** | 6 | 1 | 7 |

Во Општина Велес вкупниот број на вработени изнесува 87 лица. Податоците од табелата покажуваат дека бројот на вработени жени е поголем во однос на мажи (64.4 % жени, 35.6% мажи). Раководителите на одделениеја се во поголем број жени (14.3 % мажи, 85.7% жени).

## 4. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

### 4.1.Општи барања: Организациона структура на Општина Велес




**Издание 8 2018/6/26** **1/1**

Во органограмот 2 е прикажана структурната врска на општината со локалните установи и ЈКП


ОПШТИНА ВЕЛЕС
ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
СРЕДНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА
ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
ИНСТИТУЦИИ
ООУ „Блаже Конески“ Велес
ООУ „Васил Главинов“ Велес
ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес
ООУ „Панко Брашнаров“ Велес
ООУ „Рајко Жинзифов“ Горно Оризари, Велес
ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци, Велес
ООУ „Лирија с.Бузалково, Велес
ОМУ „Стефан Гајдов“ Велес
СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес
ЈКП „Дервен“ – Велес
ЈП „Парк-спорт и Паркинзи“ Велес
Центар за развој на Вардарски плански регион Велес
ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес
ЛБ „Гоце Делчев“ Велес
ЛУ „Народен Музеј“ Велес

### 1.3 Цел на ИЛРП на општина Велес

Интегрираниот локален развоен план (ИЛРП) за општина Велес претставува општинска стратегија за постигнување на одржливи (економски, социјални и еколошки) цели на општината. Тој е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните. Овој стратешки документ исто така се користи и за исполнување на критериумите за мобилизирање дополнителни средства преку донации од различни извори, особено критериумот - општините да имаат стратегии или планови за локален економски развој.

Покрај воспоставување на основа за одржлив социо-економски развој, овој ИЛРП, кој е со веменска рамка од четири години, има за цел да постигне и дополнителни ефекти, и тоа:

• Активно учество и вклучување на сите засегнати страни на локално ниво преку мобилизација и мотивирање, со цел зголемување на довербата помеѓу деловниот сектор, граѓанскиот сектор и јавниот сектор. Оваа соработка ќе овозможи зголемување на посветеноста и подобра реализација на утврдените приоритети.

• Обезбедување веродостојни резултати од спроведената социо-економска и SWOT-анализа, што ќе создаде јасна слика за недостатоците, бариерите и предностите на општината. Овие информации ќе бидат клучни за дефинирање на посакуваната состојба.

• Надминување на секторското планирање со создавање на структурно интегриран, мултисекторски план кој интегрално ќе се занимава со различни проблеми (социјални, економски, животна средина, инфраструктура) и ќе биде насочен кон спроведување активности и проекти во соработка со локалните засегнати страни.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЛРП

ИЛРП на општина Велес е подговен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови,** изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Проектот е дел од пошироката програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1 се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: Методолошки чекори и периодот во кој се реализирани*

| **Чекори** | **Период на спроведување** |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | 15.07.2023 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | 25.07.2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | 25.07.2023-25.08.2023 |
| Чекор 4 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | 25.08.2023-25.09.2023 |
| Чекор 5 - Социо-економска и анализа на животната средина | 25.09.2023-10.11.2023 |
| Чекор 6 – Изработка на тематски SWOT анализи | 10.11.2023-10.01.2024 |
| Чекор 7 – Изработка на интегрална SWOT анализа | 10.01.2024-10.02.2024 |
| Чекор 8 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | 10.02.2024-10.09.2024 |
| Чекор 9 – Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | 10.09.2024-25.10.2024 |
| Чекор 10 – Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | 25.10.2024-30.10.2024 |
| Чекор 11 – Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | 30.10.2024-15.11.2024 |
| Чекор 12 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | 30.11.2024 |

ИЛРП на општина Велес е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Тој е производ на процес на партиципативно, развојно планирање, заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината. При реализирање на партиципативните процеси се настојуваше да се запазат принципите за еднакви можности на жените и мажите и социјална вклученост. Принципите за родова еднаквост се вклучени како едни од основните принципи во ИЛРП. Во тој поглед, термините кои се користат во ИЛРП за лица од машки род или среден род (на пр: „жител", „родител", „лице", итн.) се неутрални и се однесуваат и на жени и на мажи.

Изработката на ИЛРП ги вклучуваше следниве процеси:

- Изработка на социо-економска анализа и SWOT анализа;
- Идентификување на визијата и целите што треба да се постигнат;
- Формулирање на стратегиите потребни за постигнување на визијата и целите;
- Развивање механизми и инфраструктура за инклузивен процес на планирање и имплементација;
- Утврдување и распределба на ресурсите (финансиски и други) потребни за постигнување на визијата и целите;
- Оцртување аранжмани за имплементација, кои ги вклучуваат аранжманите за мониторинг и евалуација на напредокот кон постигнување на визијата и целите.

## 2.1 Структура на ИЛРП

Интегрираниот локален развоен план на Општина Велес ги вклучува следниве поглавја. Воведот започнува со обраќање на градоначалникот на општината, по што следуваат целите на ИЛРП, опишаната методологија и институционалната рамка на која се темели изработката на овој план.

Во третото поглавје се анализира вертикалната и хоризонталната усогласеност на планот со релевантни документи од повисок ранг, вклучувајќи меѓународни, национални, регионални и локални извори. Особено е значајно да се нагласи дека, иако усогласеноста со европските,

националните и регионалните документи е клучна, исто така е важна и анализата на локалните документи, бидејќи тие ги содржат најважните приоритети од консултираните извори.

Четвртото поглавје ги презентира клучните наоди од спроведената социо-економска анализа и анализа на состојбите во животната средина, заедно со клучните резултати од интегрираната SWOT анализа.

Врз основа на претходните анализи, петтото поглавје ја содржи развојната визија на општина Велес, која е проследена со дефинирање на стратешки цели и развојни приоритети, формулирани врз основа на спроведените консултации и анализи со засегнатите страни. Шестото и седмото поглавје се однесуваат на стратешките развојни цели и приоритети на општината.

Осмото поглавје ги опфаќа развојните програми на општината за секоја област на надлежност, согласно последниот буџетски циркулар за 2024 година. За секоја област на надлежност се наведени развојните програми, специфичните цели, мерките и активностите поврзани со секоја развојна програма, вклучувајќи проекти без значителни финансиски импликации. Овој пристап ја поврзува ИЛРП со буџетскиот процес и структурата на општинскиот буџет.

Во деветтото поглавје се опишува динамиката на финансирање и изворите на финансирање за развојните програми и проекти наведени во ИЛРП.

Десетото поглавје се фокусира на спроведувањето на ИЛРП, како и на активностите за мониторинг и евалуација.

## 3. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општината Велес, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоки нивоа на управување. Притоа, обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

ИЛРП на општина Велес е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години);

При изработката на ИЛРП вертикалното усогласување се постигна преку:

- Подготовка на SWOT анализата каде што се анализираа соодветните делови од повисоки развојни стратегии и планови, особено соодветните SWOT анализи и делови кои ги опишуваат стратешките интервенции и механизмите планирани за нивно постигнување;
- Дефинирањето на развојните цели и задачи, каде што локалните цели и задачи се усогласуваа со целите и приоритетите на стратешките документи на повисоко ниво (национални и регионални);

- Финансиските инструменти за имплементација на повисоки стратегии и планови се анализираа при изготвување на индикативни финансиски планови, проследени со потребните прилагодувања на локалните програми на специфичните барања од достапните извори на финансиски ресурси.

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Велес со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

## 3.1 Вертикално поврзување

### 3.1.1 Допирни точки на ИЛРП со Глобалните цели за одржлив развој и клучните развојни документи на ЕУ

ИЛРП се поврзува со Глобалните цели за одржлив развој (скратено ЦОР) — група од 17 цели во врска со меѓународниот развој во иднина, кои се утврдени од страна на Обединетите нации и се спроведуваат од 2015 до 2030 година. Тие ги замениле Милениумските развојни цели, чијшто временски период на исполнување завршил на крајот од 2015 година. Се состојат од 169 потцели и 247 показатели за мерење на напредокот кон нивното постигнување.

ИЛРП на општина Велес е усогласен и со целите на регионалните политики на ЕУ за постигнување рамномерен развој и социјална, економска и територијална кохезија, притоа имплементирајќи мерки кои се однесуваат на растот и вработувањето, противмерки за климатските промени и енергетските прашања и намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост.

При подготовката на ИЛРП беа земени предвид и целите на Европскиот зелен договор (ЕЗД) за трансформација на ЕУ во модерна, ресурсно ефикасна и конкурентна економија која планира да биде првиот климатски неутрален континент, обезбедувајќи:

- дека нема да има нето емисии на стакленички гасови до 2050 година;
- економски раст одвоен од користењето на ресурсите;
- дека ниту една личност ниту место нема да биде заборавено.

### 3.1.2 Поврзаност на ИЛРП со националните стратегии

При подготовката на ИЛРП на општина Велес особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf

- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.
- ✓ Програма за развој на Вардарскиот плански регион (2021 – 2026)

### 3.1.3. Поврзаност на ИЛРП со регионалните стратегии

*Програма за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година*

При изработката на ИЛРП земени се во предвид стратешките цели дефинирани во Програмата за развој на Вардарскиот плански регион, каде што општина Велес припаѓа:

[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
[10] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[12] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[13] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[15] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20] https://finance.gov.mk/
[21] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

Среднорочна цел бр. 1: Унапредување на инфраструктурата во регионот;

Среднорочна цел бр. 2: Унапредување на економскиот развој во регионот;

Среднорочна цел бр. 3: Заштита на животна средина во регионот;

Среднорочна цел бр. 4: Зајакнување на човечките потенцијали и

Среднорочна цел бр. 5: Задржување на младите во Регионот.

## 3.2 Хоризонтално поврзување

Покрај вертикалното усогласување, при изработка на овој стратешки документ земени се во предвид тековните стратешки документи изготвени од страна на општината[22]:

- ✓ Стратегија за локален економски развој на Општина Велес 2021-2025;
- ✓ Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост;
- ✓ Програма за промоција на мерки за енергетска ефикасност 2022-2024;
- ✓ План за одржлива урбана мобилност (ПОУМ) за Велес 2019-2030;
- ✓ Велес – Паметен град (SMART City Veles) Стратегија за развој 2019-2030;
- ✓ Елаборат ерозивни подрачја на територија на општина Велес и
- ✓ План за заштита и спасување – Општина Велес.

# 4. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

## 4.1 Клучни наоди од социо-економската и еколошката анализа

Социо-економската и анализата на животната средина има за цел да воспостави информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови. Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Детален и сеопфатен извештај од социо-економската и анализата на животната средина е приложен како Анекс 1 на ИЛРП, додека во табела 2 се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

[22] https://veles.gov.mk/strategii/

*Табела 2: Клучни наоди*

| 1. **СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Демографска анализа** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| - Бројот на жители постојано се намалува<br><br>- Тенденција е намалување на морталитетот и намалување на наталитетот. Во општината околу 50% од населението е на возраст од 50 до 85+ години<br><br>- Недоволна прекфалификација на кадри и нивна неусогласеност со пазарот на трудот<br><br>- Одлив на високо-стручен кадар | - Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на условите за живеење<br><br>- Воведување мерки за докфалификација на кадарот согласно барањата на пазарот на трудот |
| - Половата структура покажува балансиран однос во општината | - Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност |
| - Миграциското салдо е негативно | - Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување. Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности и подигнување на социјалните услови на повисоко ниво |
| **2.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Пазар на трудот** | |
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| - Загрижува образовната структура на невработените лица. Без основно образование, со основно образование и непотполно средно образование се 50% од нив<br><br>- Загрижува возрасната структура (44,52%) на невработени лица постари од 50 години | - Поддршка во преквалификување на невработените лица<br><br>- Поддршка во дообука наменета за лица постари од 50 години |
| - Загрижува стапката на невработеност во руралните средини | - Поддршка на секторите земјоделие и селски туризам |
| - Загрижува високата бројка на невработени лица со посебни потреби | - Поголема поддршка на компаниите за вработување на невработени лица со посебни потреби |
| **3 СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект** | |
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| - Бројот на активни компании е во опаѓање<br><br>- Се намалуваат микро-компаниите, а се зголемуваат малите компании | - Треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите.<br>- Воведување на мерки со кои ќе се стимулира формирањето и опстанокот на микро-компаниите |

| | |
|---|---|
| - Покрај неколкуте индустриски зони во кои егзизстираат најголемиот дел од претпријатијата во поголем дел не се обезбедени услови за вршење на комунални дејности. Централната поставеност во државата и претставувањето на сообраќаен чвор за државата во сите правци не е искористен и промовиран | - Потребно е уредување на индустриските зони со:<br>- обезбедување на услови за вршење на комунални дејности и<br>- потребната инфраструктура за зголемување на интересот за искористување на можностите на индустриските зони |
| - Постои солидна, атрактивна ресурсна основа за развој на транзитниот туризам | - Потребна валоризација, уредување и опремување на локалитети и објекти кои се привлечни за посетителите |
| - Мал број на сместувачки и угостителски објекти | - Ревитализација на постоечките, затворени мотели и поттикнување на отварање на нови сместувачки објекти |
| - Туристичката промоција е на ниско ниво | - Потребно е да се подобри промотивната активност за локалната туристичка понуда |
| - Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но обработливоста е релативно слаба | - Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените |
| - Развиена патна мрежа кон сите делови на државата, бидејќи Велес е сообраќаен центар на државата | - Промоција на Велес како трговски центар во регионот |
| - Намалување на производството на полјоделските култури | - Преземање дополнителни мерки за подобрување на производството на полјоделски култури |
| - Сточниот фонд во опаѓање како по број, така по видови | - Поддршка за зголемување на сточниот фонд и видови во исчезнување |
| - Пчеларството во општината е во опаѓање | - Да се продолжи со стимулативните мерки за развој на пчеларството |
| - Недоволна искористеност на шумските потенцијали | - Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и во меѓугранска поврзаност со други дејности |

## 4. СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Комунална инфраструктура и планирање

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| - ГУП за Општина Велес е стар, а постоечките ДУП –ови за голем број на урбани едници се стари и не се ревидирани. Бројот на нови ДУП-ови е мал<br><br>- Мал е процентот на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт | - Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места, особено за градот, градските урбни единици заради побрз развој на општината |
| - Голем дел од постоечката патна инфраструктура, пред сè локалната е оштетена | - Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните |
| - ЈКП ги има превземено сите водоводни системи во населените места, со исклучок на едно населено место<br><br>- Постојат големи загуби на вода | - Согласно закон, ЈКП треба да ги превземе, управува и одржува водоводните системи заради обезбедување на квалитетна вода за пиење<br><br>- Реконструкција на водоводната мрежа за да се намалат загубите |
| - Добра покриеност на градот, но мала покриеност на населените места со канализациони системи<br><br>- Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода. Во градот нема комплетна атмосферска канализација | - Потребно е изградба на канализациони системи во поголемите населени места во општината, ставање во функција пречистителна станица каде постојат и изградба на нови пречистителна станица заради заштита/подобрување на квалитетот на водите |

| | |
|---|---|
| | - Потребно е изградба на пречистителна станица со која ќе се сопре загадувањето на реката Вардар |
| - Не се искористени можностите на водостопанските инфраструктурни објекти (вештачки езера, зафати за наводнување, посебно на браната ЈПВ Лисиче-Велес, која иако е во Општина Чашка, најголем корисник е Општина Велес) | - Јавното водостопанско претпријатие „Лисиче“ ги превзема, управува и одржува водните системи на територија на Велес и Чашка |
| - Отежнат е пристапот на граѓаните, особено од руралните места до Велес. Голем дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена. Не постојат редовни автобуски линии или се многу ретки во денот | - Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено за лицата со посебни потреби и стари лица |
| - Сè уште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината, кои најчесто се делумно оштетени | - Да се превземат напори за замена на дрвените столбови заради безбедност на граѓаните и непречено снабдување со електрична енергија |

## 5. СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| - Во поголемите рурални средини постои згрижување на децата во градинки/центри за ран детски развој, но не во сите руралните средини во општината | - Потребно е да се отворат установи за детско згрижување посебно во руралните средини, каде што нема отворено подрачни единици на главниот центар ОЈДГ „Димче Мирчев“. |
| - Поголем е бројот на деца од капацитетите на градинката | - Отварање на нови објекти (клонови) |
| - Намален број на ученици во основно образование, како и во средното образование | - Задржување на младите во општината преку подобрување на условите за вработување.<br><br>- Потребно е стимулирање за склучување бракови и поттикнување за раѓање деца<br><br>- Отворање на соодветни насоки во средните училишта согласно современите побарувања на пазарот на труд |
| - Недоволен број на културни манифестации во општината, како и креирање на други забавни содржини и места за собирање на младите | - Поддршка во одржување на постојните културни, традиционални и фолклорни манифестации и востановување на нови манифестации |
| - ЈЗУ не ги пружа сите медицински услуги за пациентите, особено специјалистичките услуги со што тие се пренасочуваат во скопските клиники | - Да се обезбеди соодветен стручен кадар и опрема за давање на повеќе услуги во ЈЗУ во Велес |
| - Недостасуваат здравствени установи во руралните населени места | - Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи во руралните средини од примарно здравство (амбуланти) |
| - Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата | - Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица, приматели на социјална помош |
| - Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на лица со посебни потреби | - Воведување на мерки за постојана парична помош, односно личен асистент кај семејствата кои имаат член со посебни потреби |
| - Недоволна активност на невладините организации | - Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината.<br><br>- Подигнување на капацитетите на граѓанските организации за полесен пристап до надворешни фондови за спроведување на проекти |

| **6. СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| - Појави на диви депонии, неуредена времена депонија (иако се правеа напори за изградба на заедничка регионална депонија) | - Санацијата на дивите депонии и уредување на времената депонија, рециклирањето и обработката на сметот се најголемите приоритети во општината кои треба да се адресираат преку регионален систем за управување со отпадот |
| - Високо ниво на хидрографски потенцијал | - Планирање и управување со водените ресурси, особено на реката Вардар |
| - Загадувањето на почвата најчесто е остаток од поранешнот работење на топилницата за олово и цинк и сè уште постоење на нејзината депонија со троска, како и дивите депонии и непрочистените отпадни води | Неопходна е санација на дивите депонии, изградба на пречистителна станица, како и дислокација на огромниот куп троска од поранешното работење на топилницата |
| - Зголемен број на мониторинг станици за следење на квалитетот на воздухот | - Потребно е да се воведе поголем и покомплексен мониторинг и активен однос кон заштитата на воздухот |
| - Евидентирана е една природна реткост за заштита | - Треба да се предложи за ретко природно наследство и да се зајакне заштитата на локалитетот Пешти |
| - Незаштитени шумски екосистеми | - Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва |
| - Енергетската ефикасност на објектите е на ниско ниво | - Унапредување на енергетска ефикасност со субвенционирање |
| - Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | - Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку субвенционирање |
| - Персоналниот состав на силите од Центар за заштита (просторни сили) не е ажуриран | - Редовно да се ажурира персоналниот состав на силите од Центар за заштита |
| - Не се реализирани потребните обуки на лицата за успешно справување со ризиците | - Редовно да се спроведуваат обуки на силите од Центар за заштита |
| - Недостасува потребна опрема за успешно справување со ризиците | Да се опремат силите од Центар за заштита со потребна опрема по вид и број |

## 4.2 SWOT анализа

При изработката на ИЛРП се користеше SWOT анализата како најчесто користен партиципативен метод за идентификување на најважните внатрешни фактори и надворешните околности, важни за општинскиот развој.

SWOT е кратенка на англиски јазик за „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание, но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

Тематските **SWOT** анализи се изготвени на работилници при изготвување на стратегиските документи. На работилниците учествуваа засегнати страни за изготвување на стратегиски документи, кои се засегнати страни и во овој Интегриран локален развоен план. SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста.

Подолу е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање, а во која се интегрирани и клучните наоди од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа на општина Велес*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| **Образование:**<br>• Долгогодишна традиција на реализирање на образовниот процес во општината<br>• Стручен наставен кадар<br>• Солидна територијална распореденост на образовните установи во општината<br>• Потреба и желба на жителите за унапредување на образовниот систем во општината<br>• Бројни поединечни и екипни успеси на учениците во различни натпреварувања<br>• Организиран систем за неформално образование на локално ниво (ЈУ Работнички универзитет "Благој Страчковски" - Велес)<br>• Високо ниво на млади лица со високо образование<br>• Овозможен пристап до високообразовни установи<br>• Во наставната 2021/2022 во дел од средните училишта воведени се нови струки и нови образовни профили во соработка со велешката бизнис заедница<br>• Спроведени голем број мерки за енергетска ефикасност во образовните објекти (заменети фасади, котли и прозорци) како и инсталирани фотоволтаични централи согласно законските прописи помали од 1 мега ват<br>• Регионален Центар за Стручно Образование | **Образование:**<br>• Недоволен просторен капацитет на воспитно-образовните установи (особено во предучилишна возраст)<br>• Недоволна опременост на кабинетите во сите училишта<br>• Ниска искористеност на капацитетите на надарените ученици (нивно стагнирање; пад на мотивацијата)<br>• Недоволна поврзаност на економијата и образованието<br>• Неповолни демографски процеси<br>• Врсничко насилство<br>• Неусогласеност на побарувачката на пазарот на труд со понудата<br>• Недоволна вклученост на младите во креирање на образовни политики<br>• Недоволна заинтересираност на возрасните за програмите за неформално образование<br>• Недостаток на напредни обуки, семинари, конференции<br>• Недоволна заинтересираност на работодавците за дополнително вложување во кадрите<br>• Недоволен број на обучени инструктори за практична настава<br>• Неповолна структура на претпријатијата |
| **Спорт:**<br>• Голем избор на клубови за различни спортови<br>• Голем интерес од страна на деца од сите возрасти за занимавање со спорт<br>• Талентирани деца за спорт<br>• Успешна традиција на спортските клубови | **Спорт:**<br>• Недостаток на финансиски ресурси<br>• Неадекватна спортска инфраструктура и недостаток на терени за рекреација на граѓаните<br>• Недостаток од квалитетен стручен кадар од областа на спортот<br>• Неадекватна поддршка за спортските сојузи<br>• Висока членарина во поголемиот број спортски клубови<br>• Незаинтересираност на приватниот сектор околу спонзорирање како на аматерскиот, така и на професионалниот спорт<br>• Непрепознавање на значењето на развојот на спортот од страна на приватниот сектор и инвеститорите<br>• Недоволно вложување во постоечките спортски терени за нивно одржување |

| | |
|---|---|
| | • Привремено заминување на талентираните спортисти во други спортски средини поради подобри услови за работа и спортски напредок |
| **Здравје и благосостојба:**<br>• Поволна географска положба и климатски услови – умерено медитеранска и континентална клима<br>• Тренд на зголемување на очекуваниот животен век и намалување на стапката на смртност<br>• Висока стапка на вакцинација<br>• Голем опфат на жителите со примарна здравствена заштита<br>• Зголемен волумен на потрошувачка на лекови и ортопедски помагала на сите нивоа на здравствена заштита, што укажува на поголема достапност<br>• Голем број на локални амбуланти со работно време прилагодено на потребите на граѓаните | **Здравје и благосостојба:**<br>• Недостаток на доктори специјалисти<br>• Долго чекање за прегледи во државните здравствени установи<br>• Непостоење на услови за хемотерапија како ни обезбеден превоз за главниот град (најтешките болни често мора со автобус или сопствен превоз да патуваат и по 1 час во еден правец за да одат на хемотерапија и потоа да се враќаат дома)<br>• Ограничени можности за наградување на квалитетот на работата кај медицинските работници<br>• Недостиг на палијативна нега |
| **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>• Покриеноста со канализациона мрежа во градот Велес е 95%<br>• Постоење на фабрика за чиста вода при ЈКП "Дервен" што обезбедува чиста вода за градот и населените места во непосредна близина<br>• Преземењето на локалните водоводни системи од страна на ЈКП „Дервен" со цел да има постојано и квалитетно одржување, а со тоа и квалитетна вода во руралните места кои не се опфатени со главниот водоводен систем од ЈП „Лисиче"<br>• Покриеноста на територијата на општината со систем на јавно снабдување е скоро 100%<br>• Постоење на простор за собирање на отпад за рециклирање | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>• Големи технички губитоци на вода во водоводниот систем од 50%<br>• Значителен број на септички јами во руралните делови на општината<br>• Постоење на сè уште стари и нереновирани водоводни линии<br>• Немање на колектор и погон за третман на отпадни води<br>• Не е комплетно решена атмосферската канилзација, при поројни дождови се слива вода и кал од високите делови на градот во ниските |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>• Близина до аеродромите во Скопје, Охрид, Приштина и Солун<br>• Планови за зајакнување на сообраќајната мрежа и поврзаност на национално и меѓународно ниво, особено на коридор 10, на кој Општина Велес се приклучува<br>• Добра сообраќајна поврзаност и со истокот и западот во државата | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>• Градби кои не ја почитуваат функционалната врска сообраќај - намена - изградба;<br>• Недоволен капацитет на постоечката сообраќајна мрежа<br>• Сообраќајна презагушеност особено за сообраќајните шпицови рано наутро и попладне, кога завршува работното време<br>• Недоволен број на паркинзи, особено во близина на централното градско подрачје кое често пати е блокирано<br>• Неразвиен локален јавен превоз кој е од многу мал обем и ги опфаќа само најголемите улици<br>• Продолжување на градење кое не ја зема во предвид врската меѓу |

| | |
|---|---|
| | сообраќајот, намената на површината и изградбата<br>• Одложување на решенијата за паркинзите<br>• Дозволи за градење без решено прашање за пристап, капацитет на паркинзи и потенцијално понатамошно оптеретување на сообраќајната мрежа<br>• Начин на прилагодување на постоечката состојба – парцијален пристап и пристап на “мали поправки“ |
| **Електрична енергија:**<br>• Капацитет за користење на обновливи извори на енергија – постои значаен потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија - високо ниво на сончеви денови што овозможува значаен добивка на енергија од употреба на фотоволтаици<br>• Од страна на Општината се определени локации за изградба и на поголеми фотоволтаични централи (поголеми од 1 mw) покрај издадените одбренија за мали кровни централи (под 1 mw)<br>• Постојаното субвенционирање на користење на сончеви колектори и инверертер-клими од страна на општината и нивна промоција | **Електрична енергија:**<br>• Висока аморитизираност на постоечката енергетска инфраструктура и потреба за нејзина забрзана ревитализација и технолошка модернизација<br>• Губитоци при преносот и дистрибуцијата на електричната енергија како и енергетска неефикасност во потрошувачката на финалната енергија, што го зголемува веќе високиот енергетски интензитет<br>• Недоволна вклученост на домашните научни и стручни институции во решавање на проблемите на енергетскиот сектор<br>• Неискористен потенцијал на обновливите извори на енергија<br>• Сезонски карактер на потрошувачката на енергенсите<br>• Непостоење на простор за складирање и дистрибуција на биомасата<br>• Зависност од увоз |
| **Туризам:**<br>• Инфраструктурна покриеност до туристичките капацитети<br>• Близина до аеродромите во Скопје, Солун, Охрид и Приштина<br>• Промоција на културно-историските споменици во градот: куќа на Касапови, куќа на Васил Главинов, куќа на Кочо Рацин, Спомен-костурница и др.<br>• Идеална позиција за развој на транзитниот туризам<br>• Постоење на можности за алтернативен и рурален туризам | **Туризам:**<br>• Нискобуџетен туризам<br>• Недоволен број на вработени во културно-историските споменици<br>• Недистиг на свест за заштита на природата и културните богатства<br>• Нерационално користење на природните и културните ресурси<br>• Недостаток на стручен кадар со квалификации од областа на туристичката дејност<br>• Недоволна промоција на туристичките потенцијали на општината |
| **Локална самоуправа Велес:**<br>• Искуство во изготвување на проекти<br>• Поседување на аналитички вештини и знаење за подготовка на плански документи<br>• Соработка со граѓанскиот сектор<br>• Воспоставена соработка со партнерски општини преку учества на заеднички проекти<br>• Висока посветеност во изработка на стратешки документи | **Локална самоуправа Велес:**<br>• Право на сопственост и права за располагање со имотот на локалната самоуправа - без одлука на совет не може да се изврши отуѓување на имот на општината<br>• Недостаток на проектни и технички документации<br>• Ограниченост како резултат на рестриктивните програмски прописи на |

| | |
|---|---|
| | јавни повици (број на партнери, износ на кофинансирање, неопходност од однапред подготвена проектна и техничка документација)<br>• Бавен и несоодветен развој на комуналната инфраструктура<br>• Можност за создавање на конфликти помеѓу развојот и заштитата на културното и природното наследство<br>• Оперативно раководство кое не е доволно свесно за улогите и функциите<br>• Судски спорови покренати против општината<br>• Недостиг на соодветни обуки и недостиг на финансиски средства за вложување во човечки ресурси |
| **Земјоделие:**<br>• Развиено лозарство, што се гледа не само од површините туку и по сѐ поголемиот број на мали винарии кои го следат таканаречениот „Пат на виното“ во вардарскиот регион (од Велес преку Кавадарци и Неготино до Демир Капија).<br>• Релативно развиено свињарство - една од поголемите фарми во земјата „АГРИА“ е лоцирана во општината со своја сопствена кланица<br>• Релјефната структура, развиената хидрографска мрежа, шумската и тревната вегетација овозможуваат добри услови за развој на пчеларството. | **Земјоделие:**<br>• Намалено производството на домашните земјоделски производи<br>• Недостаток на сопствени финансиски средства за вложување и скромна економска моќ на населението во руралните и периферните делови на општината<br>• Лоша диверзификација на земјоделието<br>• Мали и иситнети земјоделски стопанства со низок обем на производство<br>• Намалување на бројот на земјоделски производители<br>• Постојано опаѓање на сточниот фонд<br>• Недостаток на современа технологија и знаење, што резултира со ниска продуктивност на земјоделското производство |
| **Заштита и спасување:**<br>• Поседување квалитетни противпожарни возила и обучени пожарникари за успешен одговор на различни инциденти<br>• Добри работни услови и континуирана обука на пожарникари - спасувачи<br>• Постојана комуникација и поврзаност со соседните служби за заштита и спасување од соседните општини | **Заштита и спасување:**<br>• Недостаток на современа лична заштитна опрема за употреба од страна на волонтери (локално население) во одредени инциденти<br>• Ограничени финансиски ресурси наменети за заштита и спасување |
| **Претприемништво и ММСП:**<br>• Поддршка на локалната самоуправа за ММСП и претприемачи<br>• Изработка на инфраструктура во индустриските зони | **Претприемништво и ММСП:**<br>• Дефицит на компетентни кадри за управување со бизнисот<br>• Недостиг на инструменти и особено на средства за помош на ММСП<br>• Скромно образование на идните претприемачи за водење на бизнис<br>• Недостаток на ориентација кон услужните дејности<br>• Недоволна употреба на медијација и алтернативни начини за решавање на деловни спорови<br>• Ниска заинтересираност за промени кај вработените во приватен сектор |

| | |
|---|---|
| **Непрофитен сектор:**<br>• Повеќе од 20 активни НВО на територијата на општината<br>• Разноликост во дејностите на НВО за кои се регистрирани<br>• Развиена граѓанска свест<br>• Активно учество на НВО секторот во изработка на документите на локално ниво | **Непрофитен сектор:**<br>• Неповолна старосна структура на членовите на организациите (недоволна вклученост на младите)<br>• Исти поединци во повеќе НВО-а<br>• Доминантна учество на повици од англиско говорно подрачје. Недоволно познавање на англискиот јазик, кој е потребен за аплицирање на повици од англиско говорно подрачје<br>• Недоволна информираност за активни повици и грантови шеми<br>• Недостаток на сопствени средства и мал број на спонзори и донатори |
| **Култура и културни настани:**<br>• Големо културно и споменичко богатство<br>• Одржување на бројни културни настани<br>• Голем број активни и надарени уметници<br>• Меѓународна препознатливост на Велес како значаен културен центар во Повардарието<br>• Силна и независна културна сцена<br>• Висока посетеност на Интернационалниот фолклорен фестивал (ИФФ)<br>• Интерес за културна мобилност и меѓукултурна соработка<br>• Традиција на уметничко творештво<br>• Традиција во музичко творештво<br>• Интерес за сценска и театарска уметност<br>• Развиена култура на читање книги според бројот на членови на библиотека<br>• Интерес кај туристите за културното наследство | **Култура и културни настани:**<br>• Недостаток на средства, опрема за современ развој на културата во институциите<br>• Недостаток на соодветен стручен кадар<br>• Послаба посетеност на културни настани со исклучок на Интернационален фолклорен фестивал (ИФФ)<br>• Недостаток на вмрежување на различни културни сектори<br>• Недоволна валоризација на културното наследство<br>• Недоволна поврзаност на споменичкото наследство и културниот туризам<br>• Слабо развиени креативни и културни индустрии<br>• Недостаток на приватни вложувања во културата<br>• Недостаток на стратешки пристап во креирање на културната програма (препуштање на вкусот на публиката)<br>• Немање уметничка критика<br>• Немање единствена база на податоци во културата<br>• Културната понуда не ги задоволува потребите на младите и децата<br>• Непрепознатливост на проекти и програми на млади уметници<br>• Пропаѓање на спомениците и монументите на територијата на општината<br>• Недостаток на инфраструктура за развој на аудиовизуелни дејности и нови медиуми<br>• Монотона и застарена презентација на културното наследство<br>• Недоволна промоција на музеите<br>• Недоволна соработка на хотелиерите, угостителите и музеите |
| **Пазар на труд:**<br>• Ниска стапка на невработеност | **Пазар на труд:**<br>• Нефлексибилен пазар на труд и неусогласеност на побарувачката на пазарот на труд со образованието |

| | |
|---|---|
| | • Депопулација на високо стручен кадар<br>• Недоволното искуство на вработените<br>• Мал број на пријавени компетентни кандидати за огласени работни места<br>• Сè постаро население, а младиот кадар заминува<br>• Најголем дел од невработените се со основно или без образование |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Образование:**<br>• Реформи во областа на стручното образование на национално ниво | **Образование:**<br>• Хиперпродукција на дипломи<br>• Неадекватни програми за образование и непостоење на квалитетни учебници<br>• Централизација во управување со образованието (насоки околу отварање на паралелки на националностите без почитување на законские прописи)<br>• Влијание на политиката врз процесите во образованието |
| **Спорт:**<br>• Законска регулатива која овозможува функционирање на спортските организации преку модел на јавно-приватно партнерство<br>• Пристап до фондови на ЕУ за организирање на натпревари и развој на спортска инфраструктура | **Спорт:**<br>• Интензивни трендови на миграција на национално ниво (иселување на младите) |
| **Здравје и благосостојба:**<br>• Постоење на национални превентивни програми | **Здравје и благосостојба:**<br>• Ниски примања на здравствените работници<br>• Лоши услови за работа во јавниот сектор<br>• Растечки тренд на одлив на здравствените работници во странство на државно ниво<br>• Неповолни демографски трендови (намален наталитет, зголемен морталитет, стареење на населението) |
| **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>• | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>• Непостоење на колекторски ситем за отпадни води со цел да се заштити реката Вардар |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>• Сообраќајно-географската положба го олеснува пристапот до фондови за унапредување на сообраќајната инфраструктура<br>• Отвореност кон приватниот капитал, флексибилност во утврдување на одговорност и обврски (концесии и сл.)<br>• Поврзаност на инвестирањата во туризмот и земјоделието и изградбата на патна инфраструктура<br>• Централната поставеност на општина Велес - поврзаноста со југот на државата | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:** |

| | |
|---|---|
| преку главниот железнички и патен коридор 10, како и добри сооообраќајни врски со истокот и западот во државата | |
| **Електрична енергија:**<br>• Растечки трендови за користење на обновливи извори на енергија<br>• Напредок во технологијата за поефикасно искористување на обновливите извори на енергија<br>• Политичка волја од страна на државата за стимулирање и поддршка на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија | **Електрична енергија:**<br>• Недоволна развиеност на свесноста на граѓаните на државно ниво за важноста на развојот и унапредување на електроенергетскиот сектор и неговите можни позитивни влијанија на функционирање на целата општина |
| **Туризам:**<br>• Нови туристички трендови свртени кон природата и здравиот начин на живот<br>• Близина до аеродромите во Скопје, Солун, Тирана и Охрид<br>• Идеална позиција за развој на транзитниот туризам<br>• Растечка меѓународна побарувачка за туризам кој е ориентиран кон природата и органската храна<br>• Субвенционирани летови на нискобуџетски авио компании на државно ниво<br>• Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови | **Туризам:**<br>• Глобално загадување<br>• Климатски промени |
| **Локална самоуправа Велес:**<br>• Пристап до различни повици за проекти за набавка на потребни ресурси (возила за прва помош/противпожарни возила/опремување на простории за пружање на различни социјални услуги и сл.) | **Локална самоуправа Велес:**<br>• Системски ограничувања во однос на мотивирање на човечките ресурси во локалната самоуправа |
| **Земјоделие:**<br>• Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови | **Земјоделие:**<br>• Непостоење на конзистентна политика за земјоделски откуп на државно ниво<br>• Климатски промени во земјоделието и шумарството (намалување на количина на вода, емисии на $CO2$, итн.)<br>• Несоодветна политика за поддршка на земјоделството на централно ниво (Нерегулиран увоз на земјоделски производи, итн.)<br>• Недоволна финансиска помош од централната власт |
| **Заштита и спасување:**<br>• Развој на современи противпожарни техники и опрема на глобално ниво | **Заштита и спасување:**<br>• Елементарни непогоди |
| **Претприемништво и ММСП:**<br>• Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови (програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови | **Претприемништво и ММСП:**<br>• Намален прилив на СДИ, ниско ниво на реинвестирање и потенцијален одлив на странскиот капитал на државно ниво |

| | |
|---|---|
| работни места, програми за едукација на жените и младите за претприемништво, повици за компаниите преку ФИТР)<br>• Тенденција кон намалување на каматните стапки во комерцијалните банки<br>• Неискористен кредитен потенцијал на комерцијалните банки<br>• Достапност до државна помош<br>• Можност за трансфер на технологии<br>• Овозможување на пристап до извори за финансирање на ММСП | • Голема конкуренција за привлекување на СДИ на меѓународниот пазар<br>• Бавно заздравување на светската економија<br>• Недостаток на капитал за развој на индустрискиот сектор<br>• Монопол на привилегирани компании<br>• Промени на законските регулативи<br>• Правна несигурност<br>• Недоволно јасно дефинирани програми за финансирање на Start up проекти од страна на комерцијалните банки и ФИТР |
| **Непрофитен сектор:**<br>• Добра законска регулатива, примарна и секундарна<br>• Пристап до средства од ЕУ, ИПА и сл. фондови<br>• Интерес на граѓанските организации од странство за заеднички проекти за меѓугранична соработка<br>• Поволна законска регулатива за соработка и партнерство со јавниот сектор<br>• Пристап до програми и повици на национално ниво | **Непрофитен сектор:**<br>• Користење на НВО секторот во политички цели на државно ниво<br>• Можност за влијание врз активностите на НВО-ата од политички аспект од страна на владеачките структури, а со цел застапување на сопствените интереси |
| **Култура и културни настани:**<br>• Пристап до фондови за финансирање на култура<br>• Децентрализација на донесувањето одлуки за култура од локално и регионално значење | **Култура и културни настани:**<br>• Продажба и отуѓување од културното наследство<br>• Елементарни непогоди и климатски услови кои можат да го оштетат споменичното наследство<br>• Политизација на културата<br>• Централизација на културата во РСМ и скромно финансирање на програми во Велес од страна на државните органи (особено некои традиционални културни настани како што се Рацинови средби, Интернационалниот фолкорен фестивал или Фестифалот на антична драма) |
| **Пазар на труд:** | **Пазар на труд:**<br>• Лоша економска ситуација во државата<br>• Недоволна поддршка на државата<br>• Тренд на заминување на млада квалификувана работна сила во странство на државно ниво<br>• Недостаток на квалификувана работна сила на пазарот на труд на државно ниво<br>• Повисоки плати во непосредното окружување |

## 5. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА

Општина Велес е културно-историски град со современа инфраструктура, здрава животна средина и унапреден економски развој.

## 6. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели се идентификувани врз основа на спроведеното истражување на документите и секторските анализи, структурираната SWOT анализа (утврдени развојни проблеми и потреби).

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и се однесуваат на идентификуваните споредбени предности на општината, но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити. Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Стратешките цели за развој на општината Велес се дефинирани за сите поединечни области во надлежност на општините согласно Законот за локалната самоуправа, као што следи:

**Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште**

Подобрена инфраструктура демонстрирана преку изграден на кеј на р. Вардар и донесен нов ГУП и нови детални урбанистички планови.

**Комунални дејности**

Зголемено задоволство на граѓаните од квалитетот на комуналните услуги и модернизираната комунална инфраструктура за 30%.

**Заштита на животната средина и природата**

Обезбедена чиста и здрава животна средина преку подобрување на сите параметри во однос на квалитетот на воздухот, водата и почвата.

**Локален економски развој**

Зголемено задоволство на деловните субјекти од поддршката на приватниот сектор од страна на општината за 20%.

**Култура**

Општина Велес е препознатлива по својата архитектура и зачувуваното културно наследство.

**Спорт и рекреација**

Општината има модернизирана инфраструктура за реализација на спортски активности преку изградба на нов затворен базен, зголемување на бројот на велосипедски патеки, со обезбедување пристап на ранливите групи.

**Социјална заштита и заштита на децата**

Општина Велес има видлив напредок во квалитетот на овозможување на социјални услуги на сите категории на граѓани на инклузивен и одржлив начин. Зголемено задоволство на претставниците на ранливи групи за најмалку 20%.

**Образование**

Обезбедени современи услови за создавање на поволно опкружување за квалитетно образование и прераснување во функционален регионален центар за стручно образование.

**Родова еднаквост**

Воспоставени се родово сензитивни и одржливи политики и практики кои ќе придонесат за постигнување на еднакви можности и обезбедување на квалитетен живот за жените и мажите, девојчињата и момчињата. Општина Велес се развива во инклузивна, праведна и безбедна заедница, со почит кон сите граѓани, општина која ја промовира родовата еднаквост и гарантира еднакви можности и квалитетен живот за сите.

## 7. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Во интегрираниот развоен план се опфатени приоритетните развојни можности во следните четири години, односно во период 2024-2027 година. Приоритетите се утврдени согласно изготвените анализи, учество на одговорните лица од општинската администрација, како и консултации со граѓаните на форумските сесии и граѓанските собири по урбани и месни заедници.

Општина Велес е посветена на унапредување на квалитетот на животот на своите граѓани преку спроведување на одржливи и инклузивни политики во различни сектори. Следните приоритети се во срцето на нашите стратегии за развој:

- За општината од приоритетно значење е да се создаде стабилна и просперитетна економија што ќе го унапреди животот на локалните граѓани. Преку зголемување на производствените капацитети, ќе се намали невработеноста и ќе се спречи миграцијата. Општината ќе продолжи да поддржува иницијативи за економски раст кои директно влијаат на зголемување на животниот стандард и можностите за работа.
- Подобрувањето на туризмот на езеро Младост е еден од главните приоритети во областа на туризмот и локалниот економски равој генерално. Преку развој на туристичката инфраструктура и промоција на оваа природна убавина, ќе се зголеми бројот на посетители, што ќе придонесе за локалниот економски развој и ќе го промовира Велес како атрактивна туристичка дестинација.
- Стремежот кон зачувување на животната средина е видлив преку иницијативи за селекција на отпадот, чистење на воздухот и водите, како и изградба на пречистителна станица. Од особено значење е зголемувањето на зелените површини и промоција на зелени кровови, со цел да се создаде здрава и еколошки одржлива средина.
- Зачувувањето на културното наследство е од суштинско значење за нашата општина. Преку промоција и реставрација на архитектонските споменици и организирање на повеќе културни и спортски настани, ќе ја негуваме нашата богата историја и ќе ја промовираме културната вредност на Велес.
- Посветеноста на развој на социјалните услуги ќе се манифестира преку отворање нов пензионерски дом, градинки и услуги за лица со попреченост. Ќе продолжи реконструкцијата на постојните градинки и изградба на нови во руралните средини, со цел да обезбедиме квалитетна грижа и поддршка за сите наши граѓани.
- Инфраструктурата е основа за секој развој. Затоа, ќе инвестираме во организиран градски превоз, зголемување на паркинг просторот и комплетирање на урбанистичката документација. Нашите планови вклучуваат изградба на кејот и создавање на нови детални урбанистички планови кои ќе ја подобрат урбаната структура на Велес.
- Спортот и рекреацијата, кои се клучни за здравиот животен стил ќе бидат една од приоритетните области во наредниот период преку модернизирање на постоечката и изградба на нова спортска инфраструктура. Урбаната средина ќе ја збогатиме со повеќе велосипедски и пешачки патеки и пристапни рампи за лица со попреченост.
- Квалитетното образование е основа за идниот успех на нашите деца. Ќе продолжиме да инвестираме во подобрување на образовните институции и создавање услови за континуирано учење и развој.

Општина Велес е посветена на создавање на подобар живот за сите свои граѓани преку реализација на овие приоритети.

## 8. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2022 и 2023 година и на вкупни расходи по надлежности за 2022 и 2023 година.

Наодите се орезентирани во табелите подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| Приходна сметка Општина Велес | 2021 реализација | 2022 реализација | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % промена на структура 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 276.704.643 | 316.212.396 | 39.507.753 | 31,7 | 33,5 | 114,3 |
| Донации | 28.899.016 | 35.284.104 | 6.385.088 | 3,3 | 3,7 | 122,1 |
| Кредити | 5.024.806 | 11.874.799 | 6.849.993 | 0,6 | 1,3 | 236,3 |
| Самофинансирачки активности | 25.360.735 | 27.982.671 | 2.621.936 | 2,9 | 3,0 | 110,3 |
| Дотации | 537.567.704 | 552.554.392 | 14.986.688 | 61,5 | 58,5 | 102,8 |
| **Вкупен приход** | **873.556.904** | **943.908.362** | **70.351.458** | **100** | **100** | **108,1** |

*Табела 5. Приходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| Приходна сметка Општина велес | 2022 реализација | 2023 реализација | Раст 2023/2022 | Структура 2022% | Структура 2023% | % промена на структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 316.212.396 | 353.457.489 | 37.245.093 | 33,5 | 33,0 | 111,8 |
| Донации | 35.284.104 | 44.332.711 | 9.048.607 | 3,7 | 4,1 | 125,6 |
| Кредити | 11.874.799 | 13.549.911 | 1.675.112 | 1,3 | 1,3 | 114,1 |
| Самофинансирачки активности | 27.982.671 | 27.533.489 | -449.182 | 3,0 | 2,6 | 98,4 |
| Дотации | 552.554.392 | 632.839.411 | 80.285.019 | 58,5 | 59,0 | 114,5 |
| **Вкупен приход** | **943.908.362** | **1.071.713.011** | **127.804.649** | **100** | **100** | **113,5** |

*Табела 6 - Расходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| Расходна сметка Велес | 2021 реализација | 2022 реализација | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % промена на структура 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 276.704.643 | 284.158.899 | 7.454.256 | 32,3 | 31,2 | 102,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Донации | 11.713.085 | 35.284.104 | 23.571.019 | 1,4 | 3,9 | 301,2 |
| Кредити | 5.024.806 | 11.874.798 | 6.849.992 | 0,6 | 1,3 | 236,3 |
| Самофинансирачки активности | 25.360.735 | 27.982.671 | 2.621.936 | 3,0 | 3,1 | 110,3 |
| Дотации | 537.567.704 | 552.554.392 | 14.986.688 | 62,8 | 60,6 | 102,8 |
| Вкупен расход | **856.370.973** | **911.854.864** | **55.483.891** | **100** | **100** | **106,5** |

*Табела 7 - Расходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| **Расходна сметка Велес** | **2022 реализација** | **2023 Реализација** | **Раст 2022/2021** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **% промена на структура 2022/2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 284.158.899 | 324.667.790 | 40.508.891 | 31,2 | 31,1 | 114,3 |
| Донации | 35.284.104 | 44.332.711 | 9.048.607 | 3,9 | 4,3 | 125,6 |
| Кредити | 11.874.798 | 13.549.911 | 1.675.113 | 1,3 | 1,3 | 114,1 |
| Самофинансирачки активности | 27.982.671 | 26.954.048 | -1.028.623 | 3,1 | 2,6 | 96,3 |
| Дотации | 552.554.392 | 632.839.411 | 80.285.019 | 60,6 | 60,7 | 114,5 |
| Вкупен расход | 911.854.864 | 1.042.343.871 | 130.489.007 | **100** | **100** | **114,3** |

*Табела 8 - Вкупни расходи на општината по надлежности во 2022 и 2023 година*

| **Надлежност** | **2022 реализација** | **2023 реализација** | **Раст 2023/2022** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Совет на општина | 25.449.784 | 17.841.869 | -7.607.915 | 9,0 | 5,5 | 70,1 |
| А1 –Изборни активности | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Д- Градоначалник | 3.481.159 | 2.728.039 | -753.120 | 1,2 | 0,8 | 78,4 |
| Е-Општинска администрација | 77.848.037 | 83.553.534 | 5.705.497 | 27,7 | 25,7 | 107,3 |
| Ф- Урбано планирање | 10.193.294 | 12.899.336 | 2.706.042 | 3,6 | 4,0 | 126,5 |
| Г- Локален економски развој | 3.950.000 | 34.411.007 | 30.461.007 | 1,4 | 10,6 | 871,2 |
| Ј- Комунални дејности | **128.382.735** | **136.798.265** | 8.415.530 | 45,6 | 42,1 | 106,6 |
| К - Култура | 9.281.921 | 12.239.777 | 2.957.856 | 3,3 | 3,8 | 131,9 |
| Л - Спорт и рекреација | 4.784.564 | 6.190.727 | 1.406.163 | 1,7 | 1,9 | 129,4 |
| М – Програми за развој | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Н - Образование | **5.358.597** | **2.297.022** | -3.061.575 | 1,9 | 0,7 | 42,9 |
| Р – Заштита на животна средина и природа | 6.485.203 | 8.498.538 | 2.013.335 | 2,3 | 2,6 | 131,0 |
| Т – Унапредување на здравствена заштита | 3.418.720 | 2.859.356 | -559.364 | 1,2 | 0,9 | 83,6 |
| В – Социјална заштита и заштита на деца | **14.065** | **0** | -14.065 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| W– Противпожарна заштита | 2.588.809 | 4.350.320 | 1.761.511 | **0,9** | **1,3** | **168,0** |
| Q - Заштита и спасување | 0 | 0 | 0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| X – Родова еднаквост | 0 | 0 | 0 | **0,0** | 0 | **0,0** |
| Вкупно | **281236888** | **324667790** | 43.430.902 | 100 | 100 | **115,4** |

Овие приходи и расходи се однесуваат само на основниот буџет на општината, односно на сопствените средства.

Програмите кои се составен дел на ИЛРП на општина Велес се усогласени со општинскиот буџетски циркулар за 2024 година, пропишан од министерот за финансии.

**Програма за комунални дејности**

Програмата за комунални дејности примарно цели кон:

- Изградба и реконструкција на постојните локални патишта и улици;
- Изградба на јавно осветлување и
- Одржување на јавната чистота

Цел на **потпрограмата за изградба и реконструкција на постојните локални патишта, улици и мостови** е да се спроведат активности за одржување на функционална состојба на општинските улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Велес, како и подобрување на уличната инфраструктура околу новоизградениот градски пазар и создавање услови за непречен пристап на граѓани, трговци и дистрибутери до пазарот.

За таа цел ќе се обезбеди редовно, периодично и интервентно одржување и заштита на општинските патишта и улици. Поконкректно, во буџетот на општина Велес се обезбедени средства за продолжување на улици, изградба на нови улици и патишта и асфалтирање. Реконструкцијата на постојните улици се состои од крпење на ударни дупки, хоризонтална и вертикална сигнализација, како и за чистење на банкини и сливници покрај локалните патишта и улици и замена на капаци и решетки на сливници.

Во продолжение е даден табеларан опис и образложение на секоја од наведените потпрограми:

**Потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта,улици и мостови**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности Капитални расходи за други комунални услуги | Ознака на буџетска/општинска програма | JL |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови | Ознака на развојна потпрограма | JLV |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација | Општа цел: Подобрување на уличната инфраструктура околу новоизградениот градски пазар и создавање услови за непречен пристап на граѓани, трговци и дистрибутери до пазарот. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Специфична цел 1: Подобрување на условите за работа на новоизградениот градски пазар преку реконструкција/изградба на нова улична инфраструктура со вкупна должина од 665м, за период од 24 месеци, со почеток на отплата во декември 2023 и завршување со отплата ноември 2025.<br><br>Специфична цел 2:<br>Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот за најмалку 5% во однос на претпроектната фаза.<br>Со проектот ќе се создадат услови за нормално функционирање на улиците околу градскиот пазар оштетени при водење на колекторот и приклучување на новоизградениот објект на комуналната инфраструктура (довод, одвод, електрика и др.). Со реконструкција на улиците и пешачките патеки како и паркинзите околу пазарот ќе се добие нов лик на просторот околу градскиот пазар, соодветен за потребите на трговците и граѓаните од Велес и Вардарскиот плански регион кои го користат пазарот. | | | |
| Планирани активности | 1. Реконструкција на ул. „П. Прличков“ во должина од 221,26 м<br>2. Реконструкција на ул. „Кресненско Востание“ во должина од 104,42 м<br>3. Реконструкција на ул. „Н. Бутникошарова“ во должина од 161,56 м и реконструкција на пешачка улица во должина од 177,62 м<br>4. Други улици согласно приоритетните потреби на населението. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Се очекуваат: Изградба на вкупно 665 м. улична инфраструктура околу новоизградениот градски пазар, зголемен број на бизниси во и околу пазарот за мин. 3% во период од 12 месеци по финализација на проектот и подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот за најмалку 5% во однос на проектната фаза.<br>Со реконструкција на уличниот систем околу новоизградениот градски пазар се очекува да зајакне локалната економија со обезбедување на непречен пристап до локалните бизниси и да се подобри пристапот за сите граѓани корисници и даватели на услуги на пазарот.<br>Проектот е од особено значење за решавање на проблемот на постојниот сообраќаен хаос околу пазарот и значително подобрување на безбедноста на пешаците и останатите учесници во сообраќајот. | | | |
| Ризик и претпоставки | Неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 30/11/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 83.347.025,44 денари | | | |
| Име на студија | Основен проект за реконструкција на дел од улица П. Прличков, Кресненско Востание и Н. Бутникошарова | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2007 |
| Индикатори | 15.948.723,00 | 21.123.844,00 | 22.035.456,4 | 24.239.002,04 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите на годишно ниво за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Велес | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Придобивки имаат подеднакво сите граѓани на Општина Велес, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

### Потпрограма за изградба на јавно осветлување

Потпрограмата за изградба на јавно осветлување цели кон реновирање и модернизација на системот на улично осветлување во општина Велес и ќе се спроведува преку една потпрограма за реновирање и модернизација на системот на улично осветлување.

Цел на **потпрограмата за изградба на улично осветлување** е да се оствари заштеда на електрична енергија преку континуирано следење на остојбата со улично осветлување и намалување на потрошувачката на електрична енергија. За таа цел е предвидено да се изврши замена на светилките за улично осветлување (вкупен број 4543) со ЛЕД паметни светилки. Се предвидува сите да имаат комуникациски модул и инсталирање на мрежни анализатори во орманите за јавно осветлување. Моментално на територијата на општина Велес има поставено 4543 натриумови светилки од кои 4013 од 70 W, 80 светилки од 100 W и 450 светилки од 150 W. По целосна замена на сите постоечки светилки средствата за потрошена електрична енергија ќе се намалат за три пати.

### Потпрограма за изградба на системот за улично осветлување во општина Велес

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности Капитални расходи за други комунални услуги | Ознака на буџетска/општинска програма | JA |
| Развојна потпрограма | Изградба на системот на улично осветлување во општина Велес | Ознака на развојна потпрограма | JAA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Замена на светилките за улично осветлување (вкупен број 4543) со ЛЕД паметни светилки. Се предвидува сите да имаат комуникациски модул и инсталирање на мрежни анализатори во орманите за јавно осветлување. Моментално на територијата на општина Велес има поставено 4543 натриумови светилки од кои 4013 од 70 W, 80 светилки од 100 W и 450 светилки од 150 W. По целосна замена на сите постоечки светилки средствата за потрошена електрична енергија ќе се намалат за три пати. | | |
| Планирани активности | Изработка на основен проект и реализација на терен. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Заштеда на електрична енергија и следење на состојбата со уличното осветлување со континуирано следење поради инсталирани мрежни анализатори во ормарите за јавно осветлување и намалување на потрошувачката на електрична енергија. | | |
| Ризик и претпоставки | Фактори на коишто не можеме да влијаеме како општина е цената на електрична енергија | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/07/2024 | | |
| Датум на завршување на проектот | 1/07/2026 | | |
| Вкупна вредност | 75.400.000,00 денари | | |

| Име на студија | Физибилити студија за модернизација на јавното осветлување во Општина Велес | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
| Индикатори | 400.000,00 | 15.000.000,00 | 30.000.000,00 | 30.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активности за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Велес | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Велес, жени, мажи, девојчиња и момчиња.<br>Подобрувањето на јавното осветлување ќе придонесе за зголемување на безбедноста, мобилноста и квалитетот на животот на жените и мажите во јавните простори. За жените, подоброто осветлување ја намалува перцепцијата на несигурност и го минимизира ризикот од вознемирување, овозможувајќи им поголема слобода на движење, особено во вечерните часови. За мажите, ќе ја подобри функционалноста на јавните простори, како и условите за работа и рекреација. Јавното осветлување ќе го поттикнува учеството на граѓаните во социјални, економски и културни активности, ќе придонесе за инклузивни и одржливи заедници, намалувајќи ги родовите разлики во пристапот до јавните услуги. | | | |

**Потпрограма за одржување на јавната чистота**

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати: јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли и пазари).

| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основни цели на оваа Програма се:<br>- Поддршка на работата на Советот на млади на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот, донесување на Локална Стратегија за млади на Општина Велес и друго;<br>- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;<br>- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности. | | |
| Планирани активности | 1. Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес;<br>2. Поддршка на активности на Младински центар во Велес;<br>3. Учество во партнерски проекти. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | | | |
| Ризик и претпоставки | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на завршување на проектот | 30/11/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 2.731.228,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 588.500,00 | 647.350,00 | 712.085,00 | 783.293,50 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Велес | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Придобивки имаат подеднакво сите граѓани на Општина Велес, жени, мажи, девојчиња и момчиња.<br>Поттикнување и мотивирање за поголемо вклучување на девојчиња во младински организации. | | | |

**Потпрограма за поддршка на граѓанскиот сектор**

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор;
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженија на граѓани;
- Давање поддршка на проекти и проектни идеи кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
- Создавање можности на здруженијата на граѓани за остварување соработка и добивање на грантови и финансиски средства од меѓународни организации и институции;
- Воспоставување соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување;
- Здруженија што го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Локален економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за поддршка на граѓански сектор | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основни цели на оваа Програма се:<br>- Соработка со граѓанскиот сектор во согласност со можностите;<br>- Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженија на граѓани;<br>- Афирмација на Општина Велес како општина со развиена мрежа на граѓански организации и фондации. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Планирани активности | 1. Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности;<br>2. Партнерско учество на Општина Велес во реализација Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD 2). | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 30/11/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 7.223.716,50 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.556.500,00 | 1.712.150,00 | 1.883.365,00 | 2.071.701,50 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Велес | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Придобивки имаат подеднакво сите граѓани на Општина Велес, жени, мажи, девојчиња и момчиња.<br>Поддршка на проекти кои ја проморвираат родовата еднаквост, зајакнуваењто на жената во јавниот и економскиот домен... | | | |

**Програма за заштита на животна средина и природа**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Заштита на животна средина и природа | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограми за: заштита на животна средина и природа и за капитални расходи за заштита на животна средина и природа | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | - Воспоставување интегриран мониторинг за утврдување на квалитетот на водите во општината;<br>- Спроведување Оцена на влијанието врз животната средина при изведба на инфраструктурни проекти и урбанистички планови кои ги донесува општината;<br>- Стратешко локално планирање во заштитата на животната средина во општината;<br>- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината преку зголемено искористување на еколошки прифатливи извори на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | енергија и зголемена употреба на велосипедот како превозно средство;<br>- Подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината преку имплементација на мерки за редуцирање, реупотреба и рециклирање на отпадот;<br>- Намалување на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата преку зголемување на површините со јавно зеленило во општината. | | | |
| Планирани активности | 1. Мониторинг на квалитетот на водата на локациите за капење - езеро Младост, река Тополка и река Бабуна, согласно Законот за водите.<br>2. Изработка на проектна документација за животната средина:<br>Елаборати за заштита на животна средина за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти во надлежност на општината;<br>3. Стратегиска оцена на влијание врз животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација;<br>4. Проектна документација за изградба на подземни контејнери (нови локации);<br>5. Спроведување на мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух согласно Планот за квалитет на амбиентниот воздух 2018- 2022, а кои се однесуваат на:<br>Субвенционирање на физички лица за купен велосипед;<br>Субвенционирање на физички лица за купен клима уред инвертор;<br>6. Доделување повеќегодишни садници на правни и физички лица;<br>7. Спроведување на мерки согласно Годишна програма за управување со отпадот, а кои се однесуваат на:<br>Набавка на две нови специјални возила за машинско водено метење и миење на улиците познато како метларка на електричен погон;<br>Чистење на диви депонии;<br>8. Подигнување на нови зелени површини, согласно Оперативна програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини за 2023 година, а кои се однесуваат на:<br>Реконструкција на јавна површина на ул.Димитар Влахов од пазариште до објект на поранешен “ДОС” ;<br>Уредување на зелена површина во заден двор на комплекс “Вила Зора” ;<br>Поставување на систем за наводнување на уредена површина “Парк на срцата” на е.Младост и хортикултурно оплеменување на просторот<br>Реконструкција на зелена површина комплекс “Вел Сити” ;<br>Пошумување на опожарено подрачје на езерото Младост. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | | | | |
| Ризик и претпоставки | Неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 30/11/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 45.312.867,60 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 9.763.600,00 | 10.739.960,00 | 11.813.956,00 | 12.995.351,60 |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Велес |
| Родова респонсивност (краток опис) | Придобивки имаат подеднакво сите граѓани на Општина Велес, жени, мажи, девојчиња и момчиња |

*Буџетски форум на Општина Велес и консултативни средби*

Во Општина Велес секоја година граѓаните се активно вклучени во процесот на креирање на буџетот преку партиципативен пристап, изнесувајќи ги своите предлози на сесиите организирани од Буџетскиот форум на Општината.

Покрај форумските сесии, беа организирани и консултативни средби со жителите во населените места и урбаните заедници. Предлозите што граѓаните ги дадоа на буџетските сесии и консултативните средби се вметнуваат во буџетот за наредната година и стануваат дел од планот за реализација.

## 9. БУЏЕТ НА ИЛРП

Буџетот на ИЛРП на Општина Велес претставува индикативен финансиски план, кој е еден од основните елементи за оперативно управување со целокупната стратегија за имплементација на ИЛРП.

Финансиската рамка по сектори (според области на надлежност, програми, потпрограми и проекти) ги отсликува реално достапните финансиски ресурси, како и приоритетите утврдени низ партиципативен консултативен процес со учество на засегнатите страни во општината.

Општинскиот тим за развојно планирање вложи напори за јасно поврзување на програмите и потпрограмите/проектите, трошоците и изворите на финансирање со стратешките и секторските цели на ИЛРП. Овој пристап овозможува попрецизно планирање на расходите и изворите на финансирање за предвидените програми и потпрограми/проекти, како и нивно навремено вклучување во општинскиот буџет и други релевантни буџети (државниот, регионалниот, донаторскиот, ЕУ и други) кои се очекува да обезбедат финансиска поддршка за време на процесот на имплементација.

Буџетот на ИЛРП на општината Велес е усогласен со повеќегодишниот циклус на планирање на општинскиот буџет, кој опфаќа планирање за следната година, како и приближни проекции за останатите години, со постојано повторување на оваа динамика.

Динамиката на финансирање и изворите на финансирање на ИЛРП се прикажани во табелите 9 и 10 подолу.

Табела 9 - Буџет на ИЛРП и динамика на финансирање

| Програма бр. | Потпрограма/ Проект | Почеток на потпрограмата/ проектот | Време за спроведување на потпрограмата/ проектот | Проценета вредност на потпрограмата/ проектот | Динамика на финансирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Година I (2024) | Година II | Година III | Година IV | ВКУПНО |
| ПРГ 1 | ПП/П1.1 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 1/1/2024 | 4 | 83.347.025,44 денари | 15.948.723,00 | 21.123.844,00 | 22.035.456,4 | 24.239.002,04 | 83.347.025,44 денари |
| | ПП/П 1. 2 изградба на јавно осветлување | 1/1/2024 | 3 | 75.400.000,00 денари | 15.000.000,00 | 30.000.000,00 | 30.000.000,00 | | 75.400.000,00 денари |
| | ПП/П 1.3 Потпрограма за одржување на јавната чистота | 1/1/2024 | 4 | 61.902.803,87 денари | 13.338.246,9 | 14.672.071,59 | 16.139.278,75 | 17.753.206,63 | 61.902.803,87 денари |
| ПРГ 2 | ПП/П 2.1 Потпрограма за уредување на градежно земјиште | 1/1/2024 | 4 | 588.456.863,49 денари | 126.795.079,4 | 139.474.587,34 | 153.422.946,07 | 168.764.250,68 | 588.456.863,49 денари |
| | ПП/П 2.2 Потпрограма за урбанистичко планирање | 1/1/2024 | 4 | 19.399.380,00 денари | 4.180.000,00 | 4.598.000,00 | 5.057.800,00 | 5.563.580,00 | 19.399.380,00 денари |
| ПРГ 3 | ПП/П 3.1 Противпожарна заштита | 1/1/2024 | 4 | 9.495.486,00 денари | 2.046.000,00 | 2.250.600,00 | 2.475.660,00 | 2.723.226,00 | 9.495.486,00 денари |
| ПРГ 4 | ПП/П 4.1 Потпрограма за културни манифестации и творештво | 1/1/2024 | 4 | 47.477.430,00 денари | 10.230.000,00 | 11.253.000,00 | 12.378.300,00 | 13.616.130,00 | 47.477.430,00 денари |
| ПРГ 5 | ПП/П 5.1 Потпрограма за основно и средно | 1/1/2024 | 4 | 14.115.601,00 денари | 3.041.500,00 | 3.345.650,00 | 3.680.215,00 | 4.048.236,50 | 14.115.601,00 денари |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование | | | | | | | | |
| ПРГ 6 | ПП/П 6.1 Потпрограма за социјална заштита | 1/1/2024 | 4 | 14.804.790,00 денари | 3.190.000,00 | 3.509.000,00 | 3.859.900,00 | 4.245.890,00 | 14.804.790,00 денари |
| ПРГ 7 | ПП/П 7.1 Потпрограма за унапредување на здравствена заштита | 1/1/2024 | 4 | 20.420.400,00 денари | 4.400.000,00 | 4.840.000,00 | 5.324.000,00 | 5.856.400,00 | 20.420.400,00 денари |
| ПРГ 8 | ПП/П 8.1 Потпрограма за спорт и рекреација | 1/1/2024 | 4 | 37.828.791,00 денари | 8.151.000,00 | 8.966.100,00 | 9.862.710,00 | 10.848.981,00 | 37.828.791,00 денари |
| | ПП/П 8.2 Капитални расходи за спорт и рекреација | 1/1/2024 | 3 | 31.119.000,00 денари | 3.889.875,00 | 15.559.500,00 | 11.669.625,00 | | 31.119.000,00 денари |
| ПРГ 9 | ПП/П 9.1 Потпрограма за капитални расходи на општината | 1/1/2024 | 4 | 25.270.245,00 денари | 5.445.000,00 | 5.989.500,00 | 6.588.450,00 | 7.247.295,00 | 25.270.245,00 денари |
| ПРГ 10 | ПП/П 10.1 Потпрограми за: поддршка на ЛЕР; поттикнување на развојот во туризмот, изградба на објекти и проекти за енергетска ефикасност | 1/1/2024 | 4 | 431,235,219,81 денари | 92.918.599,4 | 102.210.459,34 | 112.431.505,27 | 123.674.655.80 | 431,235,219,81 денари |
| | ПП/П 10.2 Потпрограма за поддршка на младите | 1/1/2024 | 4 | 2.731.228,00 денари | 588.500,00 | 647.350,00 | 712.085,00 | 783.293,50 | 2.731.228,00 денари |
| | ПП/П 10.3 Потпрограма за поддршка на | 1/1/2024 | 4 | 7.223.716,50 денари | 1.556.500,00 | 1.712.150,00 | 1.883.365,00 | 2.071.701,50 | 7.223.716,50 денари |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | граѓански од сектор | | | | | | | | |
| ПРГ 11 | ПП/П 11.1 Потпрограми за: заштита на животна средина и природа и за капитални расходи за заштита на животна средина и природа | 1/1/2024 | 4 | 45.312.867,60 денари | 9.763.600,00 | 10.739.960,00 | 11.813.956,00 | 12.995.351,60 | 45.312.867,60 денари |

Табела бр. 10: Извори на финансирање

| Потпрограма/Проекти | Проценета вредност на потпрограмата/проектот | Примарен општински буџет(сопствени извори на приходи) | Извори на финансирање (вредности) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Општински буџет на субвенции - Трансфери од централната власт | Заем | Донација | ИПА/ИПАРД | Донација од приватен сектор | ЈПП | Самопридонес од граѓаните |
| ПП/П1.1 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 1. 2 изградба на јавно осветлување | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 1.3 Потпрограма за одржување на јавната чистота | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 2.1 Потпрограма за уредување на градежно земјиште | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 2.2 Потпрограма за урбанистичко планирање | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 3.1 Противпожарна заштита | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 4.1 Потпрограма за културни манифестации и творештво | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 5.1 Потпрограма за основно и средно образование | | x | x | x | x | x | x | x | x |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПП/П 6.1 Потпрограма за социјална заштита | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 7.1 Потпрограма за унапредување на здравствена заштита | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 8.1 Потпрограма за спорт и рекреација | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 8.2 Капитални расходи за спорт и рекреација | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 9.1 Потпрограма за капитални расходи на општината | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 10.1 Потпрограми за: поддршка на ЛЕР; поттикнување на развојот во туризмот, изградба на објекти и проекти за енергетска ефикасност | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 10.2 Потпрограма за поддршка на младите | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 10.3 Потпрограма за поддршка на граѓанскиот сектор | | x | x | x | x | x | x | x | x |
| ПП/П 11.1 Потпрограми за: заштита на животна средина и природа и за капитални расходи за заштита на животна средина и природа | | x | x | x | x | x | x | x | x |

## 10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП

| Програма за: | Наслов на потпрограмата /Проект | Опис на индикаторот на потпрограмата | Почетна вредност на индиктори (последен податок од 2024) (овие податоци од Анексите - моменталната ситуација | Индикатори за успешност 2025 | Индикатори за успешност 2026 | Индикатори за успешност 2027 | Број на лица корисници (жени/мажи | Број на лица вклучени во мерката (жени/мажи) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРГ1 | ПП/П1.1<br><br>Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | Изградба на вкупно 665 м улична инфраструктура околу новоизградениот градски пазар, зголемен број на бизниси во и околу пазарот за мин 3% во период од 12 месеци по финализација на проектот; подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот за најмалку 5% во однос на проектната фаза. | | Реконструирани X м. од ул. П. Прличков Реконструирани X м од ул. Кресненско Востание Реконструирани X м. од ул. Н. Бутникошарова Реконструирани X м. од пешачка улица | Реконструирани X м. од ул. П. Прличков Реконструирани X м. од ул. Кресненско Востание Реконструирани X м. од ул. Н. Бутникошарова Реконструирани X м. од пешачка улица | | 50% мажи 50% жени | |
| | ПП/П 1. 2 изградба на јавно осветлување | Заштеда на електрична енергија и следење на остојбата со улично осветлување со континуирано следење поради инсталирани мрежни анализатори во ормарите за јавно осветлување и намалување на потрошувачката на електрична енергија. | Моментално на територијата на општина Велес има поставено 4543 натриумови светилки од кои 4013 од 70 W, 80 светилки од 100 W и 450 светилки од 150 W.<br><br>Изработен основен проект | Заменети X број на светилки за улично осветлување со ЛЕД паметни светилки. | Заменети X број на светилки за улично осветлување со ЛЕД паметни светилки. | | 50% мажи 50% жени | |
| | ПП/П 1.3 Потпрограма за одржување на јавната чистота | | | Одржана вкупна ефективна површина на одржување од 15.990.576 м2. | Одржана вкупна ефективна површина на одржување од 15.990.576 м2. | Одржана вкупна ефективна површина на одржување од 15.990.576 м2. | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ2 | ПП/П 2.1 Потпрограма за уредување на градежно земјиште | | | | | | 50% мажи 50% жени | Учество на жени во изработка на основен проект |
| | ПП/П 2.2 Потпрограма за урбанистичко планирање | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ3 | ПП/П 3.1 Противпожарна заштита | | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРГ4 | ПП/П 4.1 Потпрограма за културни манифестации и творештво | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ5 | ПП/П 5.1 Потпрограма за основно и средно образование | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ6 | ПП/П 6.1 Потпрограма за социјална заштита | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ7 | ПП/П 7.1 Потпрограма за унапредување на здравствена заштита | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ8 | ПП/П 8.1 Потпрограма за спорт и рекреација | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| | ПП/П 8.2 Капитални расходи за спорт и рекреација | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ9 | ПП/П 9.1 Потпрограма за капитални расходи на општината | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ10 | ПП/П 10.1 Потпрограми за: поддршка на ЛЕР; поттикнување на развојот во туризмот, изградба на објекти и проекти за енергетска ефикасност | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| | ПП/П 10.2 Потпрограма за поддршка на младите | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| | ПП/П 10.3 Потпрограма за поддршка на граѓанскиот сектор | | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПРГ11 | ПП/П 11.1 Потпрогра | | | | | | 50% мажи | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ми за: заштита на животна средина и природа и за капитални расходи за заштита на животна средина и природа | | | | | | 50% жени | |

## АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

### 1. Анализа -Демографски развој

**Бројното движење на населението** претставува основна демографска компонента, која има големо значење во сите области на животот. Природните услови од една и општествено-економските услови од друга страна се основните фактори кои влијаат врз бројното движење на населението.

Динамиката на бројот на население во Општина Велес низ пописите на население може да се види од податоците во табелата.

| Р. бр. | Име на село | Попис 1981 | Попис 1994 | Попис 2002 | Попис 2022 | Разлика (2002-2022) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Башино Село | 674 | 775 | 814 | 750 | 64 |
| 2. | Белештевица | 40 | 7 | 15 | 4 | 11 |
| 3. | Бузалково | 945 | 1273 | 1455 | 1614 | -159 |
| 4. | Ветерско | 49 | 16 | 9 | 3 | 6 |
| 5. | Горно Каласлари | | 0 | 38 | 50 | -12 |
| 6. | Горно Оризари | 1999 | 2023 | 2262 | 1723 | 539 |
| 7. | Долно Каласлари | 404 | 436 | 445 | 410 | 35 |
| 8. | Иванковци | 1009 | 874 | 857 | 639 | 218 |
| 9. | Карабуниште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10. | Клуковец | 104 | 159 | 193 | 311 | -118 |
| 11. | Крушје | 65 | 9 | 1 | 0 | 1 |
| 12. | Кумарино | 102 | 79 | 74 | 52 | 22 |
| 13. | Лугунци | 16 | 12 | 10 | 0 | 10 |
| 14. | Мамутчево | 410 | 351 | 331 | 234 | 97 |
| 15. | Новачани | 6 | 2 | 5 | 1 | 4 |
| 16. | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17. | Ораовец | 51 | 28 | 19 | 24 | -5 |
| 18. | Отовица | 250 | 248 | 274 | 315 | -41 |
| 19. | Раштани | 328 | 301 | 286 | 257 | 29 |
| 20. | Рлевци | 124 | 35 | 18 | 9 | 9 |
| 21. | Рудник | 151 | 47 | 42 | 9 | 33 |
| 22. | Слп | 46 | 45 | 47 | 0 | 47 |
| 23. | Сливник | 237 | 332 | 444 | 677 | -233 |
| 24. | Сопот | 31 | 7 | 15 | 12 | 3 |
| 25. | Сојаклари | 184 | 170 | 156 | 125 | 31 |
| 26. | Црквино | 471 | 341 | 363 | 353 | 10 |
| 27. | Чалошево | 197 | 187 | 210 | 209 | 1 |
| 28. | Џидимирци | 43 | 18 | 9 | 2 | 7 |
| | | 7.936 | 7.775 | 8.392 | 7.783 | 609 |
| | | | | | | 0 |
| 29. | Велес | 42.557 | 44.149 | 43.716 | 40.664 | 3.052 |
| | | | | | | 0 |
| | **Општина Велес** | **50.493** | **51.924** | **52.108** | **48.447** | **3.661** |
| | | | | | | |

Извор: ДЗС

Од изнесените податоци во табелата се забележува дека бројот на население во општина Велес во периодот од 1981-2002 година расте, додека последните 20 години од 2002 до 2021 се намалува и тоа од 52.108 жители во 2002 година на само 48.447 жители во 2022 година, или намалување за 9% (затоа најчесто споредбите ќе бидат попис 2002 со попис 2021).

*(До 1994 година Општина Велес ги опфаќаше и другите рурални општини кои гравитираат кон грдот Велес како административен центар и тоа Чашка, Градско).*

*Пред промената на територијалната поделба од 2004 година Општина Велес ги опфаќаше и селата Горно и Долно Јаболчиште, така што тие сега не се прикажуваат во територијалната поделба, но со нив општина Велес оперираше со бројка на население за овој попис од 52.108 жители.*

Ова е особено забележливо како во градската средина, во самиот град Велес, така и кај руралното население, особено кај Македонската и Бошњачката популација, за разлиака од албанските средини, кај кои имаме пораст.

Причините за ваквата негативна динамика на бројот на населението произлегуваат од драстичните промени во општествениот, политичкиот и стопанскиот систем. Во наведениот период беа предизвикани промени во секторите на развој. Односно населението работно се пренасочи од индустријата (бидејки Велес беше претежно индустриски град) во миграционо население во државата и во странство. Имено, голем дел од велешките работници работат во Скопје или пак одат во странство, со таа разлика што во последните години сѐ поизразен е трендот на повлекување и на целото семејство од страна на мигрираниот работник, така што во голема мера опаѓа и самата апсолутна бројка на луѓе во општината.




Според пописите како тренд се гледа дека популацијата од 2002 до 2022 година е во континуирано опаѓање и тоа како град 7 %, додека како Општина имаме пад од 7%.




Самата динамика на движење на населението може да се набљудува и на пократок рок за трендот на движење на населението во последните неколку години и тоа е дадено во следната табела.

Табела 2016-2022

| год | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Велес** | 54384 | 54266 | 54201 | 53988 | 53567 | 48447 | 48215 |

Извор: ДЗС- (податоци според методологија)




Според прикажаните податоци, бројот на жители во општината е во пораст до 2018 година, после што започнува намалување, за во 2022 година да биде најмал. Спредена најдобрата со најлошата година од аспект на број на население (2018-2022), опаѓањето е дури за 11.05 % за само 5 години.

Миграционото движење на населението најчесто е од економски причини, а се јавува пред сè во ридските и планинските населени места, од каде населението мигрира. Но, во

велешката општина сè поголем тренд е и миграцијата на градското население особено меѓу младата популација, која во поголема мера ја бира миграцијата во западните држави.

Главен центар во Република Македонија каде мигрира населението од оваа област е градот Скопје, а како главен мотив за тоа е слабата економска состојба, односно потрагата по подобри услови за живот, вработување.

**Половата структура** на неселението го покажува бројниот сооднос на машкото и женското население во однос на вкупното население. Оваа структура на населението е важна за физиолошката рамка, за биолошка репродукција на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007).

| | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Разлика (жени-мажи) |
|---|---|---|---|---|
| **Башино Село** | 750 | 391 | 359 | -32 |
| **Белештевица** | 4 | 2 | 2 | 0 |
| **Бузалково** | 1614 | 841 | 773 | -68 |
| **Велес** | 40664 | 20100 | 20564 | 464 |
| **Ветерско** | 3 | 2 | 1 | -1 |
| **Горно Каласлари** | 50 | 26 | 24 | -2 |
| **Горно Оризари** | 1723 | 863 | 860 | -3 |
| **Долно Каласлари** | 410 | 213 | 197 | -16 |
| **Иванковци** | 639 | 329 | 310 | -19 |
| **Карабуњиште** | | | | 0 |
| **Клуковец** | 311 | 154 | 157 | 3 |
| **Крушје** | | | | 0 |
| **Кумарино** | 52 | 28 | 24 | -4 |
| **Лугунци** | | | | 0 |
| **Мамутчево** | 234 | 120 | 114 | -6 |
| **Новачани** | 1 | 1 | - | 0 |
| **Ново Село** | | | | 0 |
| **Ораовец** | 24 | 10 | 14 | 4 |
| **Отовица** | 315 | 158 | 157 | -1 |
| **Раштани** | 257 | 140 | 117 | -23 |
| **Рлевци** | 9 | 4 | 5 | 1 |
| **Рудник** | 9 | 4 | 5 | 1 |
| **С'лп** | | | | 0 |
| **Сливник** | 677 | 345 | 332 | -13 |
| **Сојаклари** | 125 | 68 | 57 | -11 |
| **Сопот** | 12 | 7 | 5 | -2 |
| **Црквино** | 353 | 177 | 176 | -1 |
| **Чалошево** | 209 | 110 | 99 | -11 |
| **Џидимирци** | 2 | 1 | 1 | 0 |
| **Вкупно** | 48447 | 24094 | 24353 | |

Извор: ДЗС Попис 2021

Бројот на машките и женските лица во рамките на една средина обично се разликува до одреден степен, но во случаите кога се појавуваат големи разлики, настануваат сериозни промени и проблеми во останатите структури на населението, а тоа остава сериозни последици врз развојот на населението.

Во Општина Велес, генерално гледано, соодносот на машкото и женското население се одржува во рамки од 50,26% женско спрема 49,73% машко население население според пописот во 2021 година. Од ова произлегува дека нема некоја голема полова разлика. Но, споредбено, ако се анлизираат руралните средини, ќе се забележи дека освен во градот, во најголем дел од селата има дефицит од женска популација која најчесто ги напушта селата, со што се намалува бројот на бракови и наталитетот. Исто така, ова доведува и до замирање на земјоделието како индустриска гранка.

**Староснатa структура на населението** ја покажува распределбата на населението според одредени старосни групи и претставува значаен демографски елемент бидејќи од неа зависат можностите за репродукција на населението, виталноста и потенцијалната биодинамика на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007).

Старосната структура до 2021 г. е значително променета во однос на пописот од 2002г., како и самата бројност на населението. Имено, во 2022 год. Велес има за 6.645 лица помалку од пописот во 2002 год., или за 12% помалку. Од податоците за Општина Велес во 2021 година, се констатира дека учеството на младото население (0 до 4 години) континуирано опаѓа во 2021 година до старосна граница од 50-54 години), додека учеството на старото население (55 и повеќе години) е во постојан пораст според пописот од 2022, што покажува дека општината е во процес на длабоко демографско стареење. Односно, најголем дел од младото население е дури за 50% помалку во 2021 во однос на 2002 или ова е најевидентно кај старосните групи од 15-19 и 20-24 год. каде бројот е намален физички дури и по 1.989 односно 1.874 лица како апсулутна бројка што е многу загрижувачки.

| Старосни групи | Вкупно попис 2002 | Вкупно попис 2022 | Разлика(Попис 2002-попис 2021) | % попис 2022 со попис 2002 |
|---|---|---|---|---|
| Total | 55108 | 48463 | 6645 | 87,94 |
| 0-4 | 2824 | 2213 | 611 | 78,36 |
| 5-9 | 3230 | 2620 | 610 | 81,11 |
| 10-14 | 4030 | 2577 | 1453 | 63,95 |
| 15-19 | 4426 | 2437 | 1989 | 55,06 |
| 20-24 | 4409 | 2535 | 1874 | 57,50 |
| 25-29 | 3903 | 2815 | 1088 | 72,12 |
| 30-34 | 3770 | 3178 | 592 | 84,30 |
| 35-39 | 4136 | 3366 | 770 | 81,38 |
| 40-44 | 4359 | 3460 | 899 | 79,38 |
| 45-49 | 4314 | 3241 | 1073 | 75,13 |
| 50-54 | 3814 | 3371 | 443 | 88,38 |
| 55-59 | 2877 | 3720 | -843 | 129,30 |
| 60-64 | 2792 | 3751 | -959 | 134,35 |
| 65-69 | 2646 | 3415 | -769 | 129,06 |
| 70-74 | 1849 | 2586 | -737 | 139,86 |
| 75-79 | 1077 | 1576 | -499 | 146,33 |
| 80-84 | 463 | 1047 | -584 | 226,13 |
| 85+ | 183 | 555 | -372 | 303,28 |
| Непозната возраст | 6 | | 6 | 100 |

Извор: ДЗС

Од овие показатели се гледа дека 31.813 се популација до 54 години, додека 16.650 е население помеѓу 55 -85 години и е во постојан пораст; или 34.4 % со пописот од 2021, од што се гледа дека општината генерално старее.







Самата промена на старосната структура многу јасно се гледа од графиконот, каде населението до 50 години е побројно во 2002 година во однос на 2022 година, додека населението над 50 години е доминантно според пописот од 2022 година.

**Структура на населението според образование** Според образованието, населението во основа се категоризира како писмено и неписмено. Лицата кои знаат да читаат и пишуваат се сметаат за писмено население и обратно. Во анализата на населението според писменост се земаат само лицата кое има петнаесет и повеќе години.

Писмените лица во продолжение се категоризираат според завршената школска подготовка (население без образование, незавршено основно образование, основно, средно, високо образование, магистратура, докторат и непознато).

Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, по возраст, по општини, Попис 2021 год.

| | Највисок степен на школска подготовка - ВКУПНО | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 41053 | 366 | 1607 | 8700 | 21606 | 6567 | 494 | 39 | 1674 |
| **15-19** | 2437 | 13 | 66 | 1694 | 539 | - | - | - | 125 |
| **20-24** | 2535 | 13 | 31 | 151 | 1894 | 233 | 10 | - | 203 |
| **25-29** | 2815 | 18 | 36 | 186 | 1506 | 730 | 96 | - | 243 |
| **30-34** | 3178 | 11 | 56 | 289 | 1467 | 900 | 131 | 2 | 322 |
| **35-39** | 3366 | 30 | 63 | 334 | 1867 | 756 | 77 | 3 | 236 |
| **40-44** | 3460 | 13 | 61 | 507 | 2095 | 619 | 45 | 8 | 112 |
| **45-49** | 3241 | 19 | 59 | 532 | 2004 | 449 | 51 | 6 | 121 |
| **50-54** | 3371 | 21 | 79 | 569 | 2131 | 451 | 24 | 4 | 92 |
| **55-59** | 3720 | 21 | 92 | 653 | 2230 | 590 | 15 | 5 | 114 |
| **60-64** | 3751 | 54 | 140 | 799 | 2068 | 639 | 19 | 4 | 28 |
| **65-69** | 3415 | 50 | 162 | 989 | 1718 | 454 | 11 | 2 | 29 |
| **70-74** | 2586 | 29 | 186 | 840 | 1133 | 371 | 9 | 1 | 17 |
| **75-79** | 1576 | 23 | 224 | 583 | 520 | 205 | 2 | 4 | 15 |
| **80-84** | 1047 | 23 | 211 | 386 | 298 | 114 | 4 | - | 11 |
| **85-89** | 456 | 23 | 117 | 143 | 124 | 45 | - | - | 4 |
| **90-94** | 89 | 5 | 24 | 38 | 10 | 10 | - | - | 2 |
| **95-99** | 9 | - | - | 6 | 2 | 1 | - | - | - |
| **100+** | 1 | - | - | 1 | - | - | - | - | - |

Извор: ДЗС Попис 2021

Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, по пол, по општини, Попис 2021

Од оваа табела може да се забележи дека генерално процентот на неписмено население е многу мал (366) лица или 0.89 % што е помалку од 1%; лица со некомплетно основно образование се 1607 или 3,67 %. Најголем дел од населението е со средно образование или 52,63%, што е доста добар показател. Исто така и процентот на високообразовани лица е доста голем, односно 7100 лица се со високо (факултет, магистратура и докторат) или 17,29 %.

Самата образовна структура на населението е прикажана на поеднаставената табела подолу.

Графички тоа би изгледало:




Од податоците се согледува дека кај групите без образование, незавршено средно образование и основно образование поголем е бројот на женската популација во однос на машката, односно поголем е бројот на жени со ниско образование.




Во однос на средното образование, бројот на мажите со овој тип на образование е поголем од жените. Додека пак кај високото образование женската популација е во предност пред машката.

**Природното движење на населението** е тесно зависно од одликите на наталитетот, морталитетот и виталниот индекс на населението (Маџевиќ М. 2007).

Наталитетот го означува раѓањето во една популација и претставува основна позитивна компонента на природното движење на населението. Во општина Велес стапката на наталитетот во периодот 2010-2022 година постојано се намалува. Овој тренд се забележува подолг период или цела една декада.

**Наталитетот е претставен со следната табела во ранг од 2010-2022 година.**

| Велес год. | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наталитет** | 632 | 570 | 637 | 568 | 554 | 538 | 549 | 560 | 519 | 444 | 411 | 432 | 407 |

Извор: ДЗС




Од Табеларниот приказ и од графиконот се гледа дека имаме голем пад на наталитетот и тоа во последните неколку години оваа појава е најизразена, со што Општина Велес може да се каже дека е длабоко зафатена од белата чума, особено кога ќе се согледаат и податоците за морталитет. Имено, од 2010 до 2022 г. како овој пад изнесува 125 деца или 32,6%, што е голем процент на пад.

Морталитетот претставува негативна компонента на природното движење на населението, која се однесува на бројот на умрени лица во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007).

Во општина Велес во периодот од 2010-2022 година стапката на морталитетот има тенденција на зголемување. Притоа, во периодот на Ковид пандемијата бројот на умрени лица значително беше повисок во однос на периодот пред пандемијата.

Морталитетот и наталитетот е директно поврзан со бројот на население. Имено, во општина Велес имаме постојан пораст на морталитетот во однос на наталитетот, кој е во постојано опаѓање.

| Велес | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 563 | 582 | 627 | 641 | 611 | 669 | 608 | 599 | 586 | 617 | 750 | 854 | 671 |

Извор: ДЗС




Од оваа табела се гледа дека просечната стапка на умрени лица во општина Велес е 644 лица годишно, со пик во 2021 г. поради ковид пандемијата.

Оваа појава уште поизразено се забележува ако се направи пресек на последните 4 години, 2019-2022 година, од каде што се гледа дека просечниот број на умрени лица во последните 4 години е 723, додека просекот на живородени деца е 423.

| **Општина Велес** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | Просек |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морталитет** | 617 | 750 | 854 | 671 | 723 |
| **Наталитет** | 444 | 411 | 432 | 407 | 423 |
| **Апсолутна разлика во бројки** | 173 | 339 | 422 | 264 | |
| **Процент пад на наталитет во однос на морталитет** | 71,96 | 54,80 | 50,59 | 60,66 | |

Извор: ДЗС



Некои од бројките се алармантни, бидејќи покажуваат дека односот помеѓу морталитетот и наталитетот е 2:1, или 50 % наталитет во однос на морталитетот, особено 2020 и 2022 г.

Се констатира дека намалувањето на вкупниот број на популацијата во општината е сериозен проблем воопшто, но и за развојот на туризмот како пропратна дејност во општина Велес.

Природниот прираст претставува најважен демографски елемент кој ја покажува разликата меѓу родените (наталитет) и умрените лица (морталитет) во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Велес природниот прираст на населението постојано се намалува. Тоа значи дека општината е во фаза на голема депопулација.

**Поимот миграции** подразбира просторно движење и територијално преразместување на популацијата, односно преселување на населението од едно место на друго. Миграционите движења во општина Велес повеќе се карактеризираат со процесите на емиграција, а помалку со имиграција.

**Имиграција.** Доселувањето на населението во општина Велес е незначително во споредба со иселувањето и намалениот наталитет, односно, според податоците годишно во просек се доселуваат по околу 65,9 лица и тоа 9,4 мажи и 56,5 жени (главно станува збор за лица од помалите, рурални населби во општина Велес, рурални општини кои гравитираат околу Велес како и за лица од други региони и општини во однос на склопување на брак). И како што се гледа од табелите, женското наление многу повеќе се доселува во општина Велес.

| Велес | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **2005** | 71 | 8 | 63 |
| **2006** | 47 | 4 | 43 |
| **2007** | 54 | 8 | 46 |
| **2008** | 96 | 25 | 71 |
| **2009** | 70 | 8 | 62 |
| **2010** | 67 | 14 | 53 |
| **2011** | 69 | 8 | 61 |
| **2012** | 86 | 6 | 80 |
| **2013** | 58 | 3 | 55 |
| **2014** | 53 | 6 | 47 |
| **2015** | 72 | 12 | 60 |
| **2016** | 61 | 10 | 51 |
| **2017** | 68 | 8 | 60 |
| **2018** | 70 | 12 | 58 |
| **2019** | 49 | 6 | 43 |
| **2020** | 40 | 5 | 35 |
| **2021** | 32 | 3 | 29 |
| **2022** | 124 | 24 | 100 |
| **просек** | **65,9** | **9,4** | **56,5** |

Извор: ДЗС

Причините за ваквото преразместување на населението од едно на друго место, во рамки на истата општина се нееднаквите физичко-географски услови на целокупната територија на општината, а со тоа и тешките економски услови особено во повисоките населени места од каде најчесто населението мигрира или се доселува во Велес, кој претставува административен центар на општината.

Од теренските сознанија се констатира дека во доселеното население доминираат женските лица. Главна причина се економските услови и склучувањето на брак.

**Емиграција.** Процесот на иселување на населението од одредено место уште се нарекува и емиграција.

Анализата на емиграциските карактеристики на населението опфаќа отселеност од 2005 до 2022 година.

Табела бр. 19 - Обем на отселени граѓани во општина Велес во периодот од 2005 – 2022 година

| Години | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| 2005 | 217 | 48 | 169 |
| 2006 | 183 | 52 | 131 |
| 2007 | 178 | 44 | 134 |
| 2008 | 204 | 59 | 145 |
| 2009 | 214 | 56 | 158 |
| 2010 | 181 | 44 | 137 |
| 2011 | 191 | 45 | 146 |
| 2012 | 224 | 44 | 180 |
| 2013 | 209 | 45 | 164 |
| 2014 | 182 | 45 | 137 |
| 2015 | 151 | 25 | 126 |
| 2016 | 236 | 82 | 154 |
| 2017 | 200 | 60 | 140 |
| 2018 | 168 | 48 | 120 |
| 2019 | 181 | 46 | 135 |
| 2020 | 166 | 52 | 114 |
| 2021 | 202 | 66 | 136 |
| 2022 | 209 | 63 | 146 |
| **просек** | 194,2 | 51,3 | 142,9 |




Најголем број на отселени лица од Општина Велес е забележан во 2016 година, односно 236 лица и тоа не само кон Скопје туку и кон други општини во републиката. Процентуалното учество во вкупниот број на отселени лица во просек е околу 0.4 % годишно. Притоа, повторно поголемо отселување имаме кај женската популација отколку кај машката.

Од сето ова произлегува дека емиграцијата е мошне застапена во Општина Велес, особено во повисоките населени места, каде има лоша патна и институционална инфраструктура и каде природните услови се неповолни за стопанисување. Во просек од општина Велес годишно емигрираат околу 200 лица. Главните правци на емиграција се насочени кон општините на град Скопје и тоа од 30 -50 %, во зависност од годината. Најчеста причина за оваа миграција кон Скопје е од економска природа и еден дел од нејзе во почетокот е само дневна, а со тек на време преминува во трајна. Имено, дневната миграција на релација Скопје-Велес е неколку пати поголема од општата миграција.

За спредба, население кое мигрирало само кон Скопје

| Велес | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 73 | 71 | 116 | 74 | 31 | 75 | 76 | 94 | 100 |

Извор: ДЗС

Според податоците се забележува дека поголемо учество во емигрантите има женското население. Во руралните средини оваа појава е многу поизразена, а кај градското население не постои толку голема разлика. Како една од главните причини за отселување кон другите општини во РМ е склучувањето на брак.

Според возраста, најмногу се отселува работоспособното население од 20-45 години, кое најчесто е со повисоки образовни квалификации.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Бројот на жители постојано се намалува. Тенденција е намалување на морталитетот и намалување на наталитетот. Околу 50% од населението во општината е на возраст од 50 до 85 и повеќе години<br><br>Недоволна прекфалификација на кадри и нивна неусогласеност со пазарот на труд<br><br>Одлив на високо стручен кадар | Стимулативни демографски мерки за поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на квалитетот на живот |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност |
| Миграциското салдо е негативно | Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселувањето. Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на социјалните услови на повисоко ниво |

## 2. Анализа-Аспект на пазарот на трудот

**Пазар на трудот**

Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила во Општина Велес се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

**Активноста на населението** е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, вработени и невработени лица, неактивно население и непознато.

Попис на население 2021 година

| Велес | | Мажи | Жени | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Работоспособно население - ВКУПНО** | | 20.287 | 20.766 | 41.053 |
| **Активно население - ВКУПНО** | | 10.894 | 9.323 | 20.217 |
| - | Активно население - вработени | 9.351 | 8.053 | 17.404 |
| - | Активно население - невработени | 1.543 | 1.270 | 2.813 |
| **Вкупно неактивно население** | | 8.676 | 10.705 | 19.381 |
| **Непознато** | | 717 | 738 | 1.455 |




Од податоците се согледува дека од работоспособното население во Општината само 49,3% е активно население, односно половината.




Во рамки на активното население, процентот на вработени мажи е 85,84%, додека процентот на активни жени е 86,3%. Општиот процент на вработено население од активното население е 86,09% или само 14,16% од активните мажи и 13,6 % од активните жени се невработени.




Споредбено по пол меѓу активното и неактивното население, мажите се поактивни екомски од жените (за 14,4%), но и кај неактивното население бројот на неактивна женска популација е поголем од машката за 19%.

Во следните табели се дадени анализи на активно население – невработени во следните категории: застапеност во урбани и рурални средини, возрасна структура, школска подготовка, време на чекање на вработување, национална структура и невработени инвалидни лица според возрасна структура и школска подготовка.

Застапеноста на невработеното население од аспект на рурално наспроти урбано население не дава некои видливи резултати, од аспект што самото рурално население е претежно земјоделско население, додека најголем дел од невработените го сочинува градското, односно урбаното население кое е без некои големи можности за дополнителен земјоделски приход.

Население според возрасна структура по години и пол:

| | Велес | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сè вкупно | Сè | 3947 | 3656 | 3939 | 3565 | 3834 | 5458 | 4615 | 3912 |
| | Жени | 1672 | 1535 | 1648 | 1524 | 1888 | 2681 | 2306 | 1993 |
| од 15 до 19 години | Сè | 116 | 112 | 66 | 52 | 78 | 117 | 77 | 86 |
| | Жени | 47 | 44 | 27 | 25 | 43 | 58 | 37 | 44 |
| од 20 до 24 години | Сè | 390 | 344 | 287 | 222 | 253 | 250 | 216 | 179 |
| | Жени | 189 | 167 | 146 | 102 | 131 | 513 | 382 | 295 |
| од 25 до 29 години | Сè | 461 | 406 | 336 | 297 | 350 | 560 | 440 | 351 |
| | Жени | 220 | 179 | 149 | 140 | 196 | 319 | 248 | 192 |
| од 30 до 34 години | Сè | 381 | 361 | 316 | 267 | 354 | 579 | 481 | 376 |
| | Жени | 193 | 169 | 164 | 134 | 194 | 288 | 233 | 200 |
| од 35 до 39 години | Сè | 387 | 349 | 327 | 258 | 347 | 537 | 463 | 391 |
| | Жени | 184 | 164 | 143 | 122 | 187 | 277 | 251 | 217 |
| од 40 до 44 години | Сè | 334 | 315 | 295 | 267 | 331 | 518 | 462 | 459 |
| | Жени | 154 | 156 | 139 | 147 | 182 | 264 | 234 | 236 |
| од 45 до 49 години | Сè | 371 | 412 | 312 | 299 | 363 | 485 | 422 | 393 |
| | Жени | 158 | 185 | 122 | 129 | 210 | 245 | 228 | 213 |
| од 50 до 54 години | Сè | 439 | 504 | 453 | 370 | 411 | 551 | 519 | 460 |
| | Жени | 204 | 195 | 200 | 173 | 229 | 291 | 289 | 252 |
| од 55 до 59 години | Сè | 538 | 488 | 830 | 819 | 746 | 889 | 735 | 615 |
| | Жени | 194 | 120 | 354 | 353 | 363 | 447 | 363 | 310 |
| од 60 год. и повеќе | Сè | 530 | 116 | 717 | 714 | 601 | 709 | 634 | 486 |
| | Жени | 129 | 35 | 204 | 199 | 153 | 233 | 207 | 150 |

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Невработеноста по години покажува дека од 2015 до 2019 година невработеноста се движи во рамка од 3500 до 3900 лица, при што во годините на пандемија имаме скок на 5458 лица, за после пандемијата повторно да дојде до намалување на невработеноста и таа се движи во предходните граници од 3912 во 2022 година.



Невработеноста по пол покажува дека од 2015 до 2022 г. бројот на невработени мажи е поголем од бројот на жени, но после ковидот овие две категории се израмнуваат и во 2022 машката невработеност е дури и пониска од женската.




Од аспект на возраста, во целата серија на години како што се зголемува старосната граница така расте и бројот на невработени.




Доколку се земе старосната граница само за 2022 г. како главен репрезент за старосната структура, се гледа дека повозрасните категории се во поголема мерка невработени. Оваа состојба е многу поизразена кога се разгледува старосната структура поединечно, за една година.

| 2022 | од 15 до 19 години | од 20 до 24 години | од 25 до 29 години | од 35 до 39 години | од 40 до 44 години | од 45 до 49 години | од 50 до 54 години | од 55 до 59 години | од 60 год. и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % | 3 | 5 | 10 | 11 | 13 | 12 | 14 | 18 | 14 |




Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица односно нивниот процент е во благ, постојан пораст како што расте старосната граница и тоа од 25 до 60 години, со тоа што кај најстарата возрасна група што е пред пензија има поголем пораст на невработеноста од 18%.

**Невработени лица според типот на образование**

| | Велес | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сè вкупно | Сè вкупно | 4069 | 3947 | 3656 | 3939 | 3565 | 3834 | 5458 | 4615 | 3912 |
| | Жени | 1639 | 1672 | 1535 | 1648 | 1524 | 1888 | 2681 | 2306 | 1993 |
| | Мажи | 2430 | 2275 | 2121 | 2291 | 2041 | 1946 | 2777 | 2309 | 1919 |
| Без образование и со основно образование | Вкупно | 1473 | 1531 | 1525 | 1678 | 1527 | 1986 | 2831 | 2642 | 2283 |
| | Жени | 426 | 489 | 514 | 532 | 532 | 932 | 1367 | 1309 | 1177 |
| | Мажи | 1047 | 1042 | 1011 | 1146 | 995 | 1054 | 1464 | 1333 | 1106 |
| Непотполно средно образование | Вкупно | 742 | 650 | 571 | 711 | 689 | 598 | 748 | 573 | 476 |
| | Жени | 212 | 206 | 184 | 256 | 252 | 241 | 293 | 245 | 204 |
| | Мажи | 530 | 444 | 387 | 455 | 437 | 357 | 455 | 328 | 272 |
| Завршено средно образование | Вкупно | 1288 | 1272 | 1110 | 1087 | 944 | 906 | 1427 | 1087 | 888 |
| | Жени | 630 | 647 | 540 | 562 | 481 | 495 | 715 | 543 | 441 |
| | Мажи | 658 | 625 | 570 | 525 | 463 | 411 | 712 | 544 | 447 |
| Више образование | Вкупно | 82 | 67 | 51 | 60 | 57 | 55 | 70 | 43 | 45 |
| | Жени | 44 | 35 | 28 | 36 | 30 | 29 | 41 | 24 | 22 |
| | Мажи | 38 | 32 | 23 | 24 | 27 | 26 | 29 | 19 | 23 |
| | Вкупно | 452 | 389 | 372 | 378 | 332 | 270 | 363 | 251 | 207 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Високо образование** | Жени | 30 | 268 | 252 | 248 | 220 | 177 | 253 | 172 | 141 |
| | Мажи | 422 | 121 | 120 | 130 | 112 | 93 | 110 | 79 | 66 |
| **Магистри на науки** | Вкупно | 31 | 36 | 25 | 22 | 15 | 18 | 18 | 18 | 13 |
| | Жени | 19 | 27 | 17 | 13 | 9 | 14 | 12 | 13 | 8 |
| | Мажи | 12 | 9 | 8 | 9 | 6 | 4 | 6 | 5 | 5 |
| **Доктори на науки** | Вкупно | 1 | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| | Жени | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Мажи | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според образовната структура, гледано по години, најголем број на невработените се во категоријата без образование и со основно образование - 47,24%, завршено средно образование - 27,06%) и непотполно средно образование - 15,56%.

Иако како еден од повисоките проценти се јавува и високото образование - 8,15%, дадените вредности во табелата покажуваат постојан тренд на опаѓање, особено во последните две години.




| **Невработени - општина Велес (2014-2022 г.)** | **просечна вредност** | **% учество** |
|---|---|---|
| **Без образование и со основно образование** | 1941,78 | 47,24 |
| **Непотполно средно образование** | 639,78 | 15,56 |
| **Завршено средно образование** | 1112,11 | 27,06 |
| **Више образование** | 58,89 | 1,43 |
| **Високо образование** | 334,89 | 8,15 |
| **Магистри на науки** | 21,78 | 0,53 |
| **Доктори на науки** | 1,33 | 0,03 |

Извор: Агенција за Вработување на РМ




**Невработени лица од аспект на времето на чекање**

| | Велес | 2015 год. | 2016 год. | 2017 год. | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. | 2022 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сè вкупно** | Сè вкупно | 3947 | 3656 | 3939 | 3565 | 3834 | 5458 | 4615 | 3912 |
| | Жени | 1672 | 1535 | 1648 | 1524 | 1888 | 2681 | 2306 | 1993 |
| **помалку од 1 месец** | Сè вкупно | 348 | 292 | 267 | 294 | 183 | 236 | 173 | 158 |
| | Жени | 161 | 153 | 127 | 152 | 90 | 134 | 102 | 101 |
| **од 1-5 месеци** | Сè вкупно | 979 | 846 | 1414 | 706 | 488 | 1138 | 622 | 641 |
| | Жени | 454 | 428 | 644 | 356 | 864 | 585 | 321 | 346 |
| **од 6-11 месеци** | Сè вкупно | 658 | 512 | 390 | 396 | 760 | 1184 | 437 | 302 |
| | Жени | 297 | 220 | 326 | 175 | 530 | 587 | 245 | 162 |
| **од 12-17 месеци** | Сè вкупно | 836 | 361 | 177 | 704 | 350 | 563 | 573 | 294 |
| | Жени | 294 | 138 | 152 | 298 | 157 | 279 | 293 | 161 |
| **од 18-23 месеци** | Сè вкупно | 346 | 378 | 224 | 195 | 183 | 636 | 557 | 214 |
| | Жени | 109 | 162 | 100 | 87 | 73 | 462 | 279 | 124 |
| **2 години** | Сè вкупно | 277 | 809 | 443 | 305 | 580 | 430 | 902 | 659 |
| | Жени | 118 | 243 | 165 | 137 | 220 | 178 | 573 | 340 |
| **3 години** | Сè вкупно | 64 | 182 | 582 | 309 | 210 | 486 | 324 | 640 |
| | Жени | 34 | 71 | 162 | 110 | 92 | 174 | 129 | 413 |
| **4 години** | Сè вкупно | 125 | 36 | 111 | 449 | 224 | 186 | 357 | 240 |
| | Жени | 65 | 16 | 44 | 123 | 74 | 78 | 124 | 90 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4-7 години** | Сè вкупно | 92 | 62 | 52 | 103 | 399 | 533 | 585 | 498 |
| | Жени | 49 | 35 | 26 | 42 | 120 | 166 | 193 | 171 |
| **8 години и повеќе** | Сè вкупно | 222 | 478 | 130 | 104 | 81 | 66 | 85 | 266 |
| | Жени | 91 | 69 | 51 | 44 | 44 | 38 | 47 | 85 |

Извор: Агенција за Вработување на РМ




Од овој преглед се гледа дека до 2020 г. односно пред ковид-пандемијата најголем број на невработените чекаат 1-5 месеци и 6-11 месеци. После овој период доаѓа до некое изедначување на бројот на лица по групите на чекање; тоа најдобро се гледа во 2021 година како и во 2022 година.




Ако засебно се разгледа 2022 г., ќе се увиди дека најголем број лица се вработуваат во првите 5 месеци, а потоа големи групи на вработување има дури во втората и третата година - 17% (659) и 16% (640).

Но, и бројот на лица на чекање од 4 до 7 години е 13% (498), што претставува четврт по големина процент.




Според податоците дадени за анализираните години, се гледа дека бројот на невработени лица кои чекаат на вработување повеќе од 4 години е 201 лице, односно 33,39%.

**Невработено население според националната припадност**

| | Велес | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020' | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сѐ вкупно** | Сѐ вкупно | 3947 | 3656 | 3939 | 3565 | 3834 | 5458 | 4615 | 4615 |
| | Жени | 1672 | 1535 | 1648 | 1524 | 1888 | 2681 | 2306 | 2306 |
| **Македонци** | Сѐ вкупно | 3259 | 2890 | 3092 | 2773 | 2609 | 3718 | 2910 | 2910 |
| | Жени | 1496 | 1332 | 1415 | 1283 | 1311 | 1838 | 1458 | 1458 |
| **Албанци** | Сѐ вкупно | 253 | 284 | 320 | 328 | 601 | 801 | 831 | 831 |
| | Жени | 45 | 46 | 63 | 79 | 276 | 391 | 424 | 424 |
| **Турци** | Сѐ вкупно | 145 | 157 | 172 | 143 | 190 | 290 | 267 | 267 |
| | Жени | 48 | 51 | 60 | 54 | 101 | 142 | 133 | 133 |
| **Роми** | Сѐ вкупно | 92 | 116 | 113 | 103 | 158 | 254 | 235 | 235 |
| | Жени | 25 | 43 | 45 | 45 | 80 | 129 | 122 | 122 |
| **Срби** | Сѐ вкупно | 6 | 5 | 7 | 6 | 6 | 8 | 6 | 6 |
| | Жени | 3 | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 3 | 3 |
| **Власи** | Сѐ вкупно | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| | Жени | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **Бошњаци** | Сѐ вкупно | 21 | 26 | 36 | 37 | 47 | 85 | 83 | 83 |
| | Жени | 9 | 14 | 15 | 17 | 22 | 43 | 41 | 41 |
| **Други** | Сѐ вкупно | 170 | 177 | 196 | 175 | 253 | 301 | 283 | 283 |
| | Жени | 45 | 47 | 47 | 46 | 96 | 134 | 125 | 125 |

Од ова се гледа дека во време на пандемијата има пораст на невработеноста генерално кај национални структури, при што кај албанската националност има огромни скокови, така што во 2019 година невработеноста се искачила од 329 на 601 лице (ова се огромни скокови ако се земе предвид дека на територија на општина Велес живеат вкупно 2736 лица од албанската националност и тоа претежно во руралните села Бузалково и Сливник и претставуваат 5.7 % од вкупната општинска популација).

Исто така, и после ковид-периодот од сите само кај оваа популација расте невработеноста. Во овој контекст, кај женската популација од оваа националност за 6-7 години од 45-46 лица невработеноста е зголемена на 424 лица или скоро за 10 пати, што е огромен скок.

Процентуалното учество во невработеноста е генерално прикажано во следната табела:

| % | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 82,57 | 6,41 | 3,67 | 2,33 | 0,15 | 0,03 | 0,53 | 4,31 |
| 2016 | 79,05 | 7,77 | 4,29 | 3,17 | 0,14 | 0,03 | 0,71 | 4,84 |
| 2017 | 78,50 | 8,12 | 4,37 | 2,87 | 0,18 | 0,08 | 0,91 | 4,98 |
| 2018 | 77,78 | 9,20 | 4,01 | 2,89 | 0,17 | 0,00 | 1,04 | 4,91 |
| 2019 | 68,05 | 15,68 | 4,96 | 4,12 | 0,16 | 0,00 | 1,23 | 6,60 |
| 2020' | 68,12 | 14,68 | 5,31 | 4,65 | 0,15 | 0,02 | 1,56 | 5,51 |
| 2021 | 63,06 | 18,01 | 5,79 | 5,09 | 0,13 | 0,00 | 1,80 | 6,13 |
| 2022 | 63,06 | 18,01 | 5,79 | 5,09 | 0,13 | 0,00 | 1,80 | 6,13 |

Според податоците дадени за анализираните години, се гледа дека бројот на невработени лица од македонска и српска националност е во опаѓање.

**Невработеност според инвалидитетот**

| Велес | Да - Со попопреченост | | | Не - Без попреченост | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
| ВКУПНО | 5282 | 2268 | 3014 | 37348 | 18870 | 18478 |
| 0-14 | 68 | 40 | 28 | 5 354 | 2 746 | 2 608 |
| 15-65 | 2404 | 1096 | 1308 | 26247 | 13330 | 12917 |
| 65+ | 2810 | 1132 | 1678 | 5747 | 2794 | 2953 |

Односно, лицата со попреченост учествуваат во вкупното општинско население со 10.9 %.

Податоците според видот на попреченост се прикажани во следната табела:

| Велес | Вид на попореченост- | Со движењето | Со видот | Со слухот | Со комуникацијата | Други потешкотии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 5 282 | 1 900 | 1 272 | 392 | 150 | 1 568 |
| 0-14 | 68 | 8 | 20 | 3 | 14 | 23 |
| 15-65 | 2 404 | 675 | 694 | 87 | 73 | 875 |
| 65+ | 2 810 | 1 217 | 558 | 302 | 63 | 670 |

Вкупно резидентно население според видот на попреченоста, групи на возраст и пол, по општини - попис 2021 г.

Според податоците дадени за 2022 година, невработените инвалидни лица ги има во сите возрасни групи.

***Пензионирање***

Согласно демографските податоци, општина Велес е општина со повозрасно население. Неофицијално, според изјавата на претседателот на Здружението на пензионери Велес, на територијата на Општина Велес има околу 8150 пензионери.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Загрижува образовната структура на невработените лица. Без основно образование, со основно образование и непотполно средно образование се 50% од нив.<br>Загрижува возрасната структура (44,52%) на невработени лица постари од 50 години | Поддршка во преквалификување на невработените лица |
| Загрижува стапката на невработеност во руралните средини | Поддршка на секторите земјоделие, туризам |
| Загрижува високата бројка на инвалидни невработени лица | Поголема поддршка на компаниите за вработување на инвалидни невработени лица |

# 3 - Анализа Економија

Економските карактеристики на општина Велес се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата ги опфаќа следниве категории: број и структура на компаниите (по индустрија, по големина), туристички потенцијали и туристичка инфраструктура, земјоделски ресурси и производи, шуми, минерали, рударство.

Бројот и структурата на компаниите (по индустрија, по големина) се дадени во следната табела:

| Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев. 2, по општини, по години, состојба 31 декември | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 112 | 106 | 97 | 94 | 92 | 86 | 85 |
| **Рударство и вадење на камен** | 7 | 9 | 10 | 10 | 11 | 10 | 7 |
| **Преработувачка индустрија** | 196 | 213 | 220 | 223 | 229 | 219 | 204 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | - | - | - | - | 1 | - | - |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 7 | 7 | 8 | 8 | 6 | 6 | 5 |
| **Градежништво** | 80 | 80 | 87 | 89 | 89 | 90 | 93 |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 671 | 662 | 638 | 609 | 603 | 579 | 566 |
| **Транспорт и складирање** | 162 | 172 | 153 | 158 | 169 | 163 | 161 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 103 | 110 | 104 | 99 | 90 | 83 | 86 |
| **Информации и комуникации** | 20 | 24 | 25 | 27 | 31 | 27 | 33 |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | 3 | 3 | 4 | 7 | 7 | 6 | 6 |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | 10 | 10 | 8 | 8 | 9 | 8 | 11 |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 156 | 172 | 179 | 177 | 186 | 183 | 189 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 26 | 24 | 27 | 30 | 32 | 30 | 24 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| **Образование** | 23 | 26 | 25 | 30 | 30 | 32 | 30 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 87 | 82 | 83 | 86 | 81 | 83 | 92 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 27 | 33 | 32 | 35 | 38 | 38 | 26 |
| **Други услужни дејности** | 99 | 98 | 89 | 99 | 122 | 96 | 58 |
| **Вкупно** | **1793** | **1835** | **1793** | **1793** | **1830** | **1743** | **1679** |




Од дадените податоци се гледа дека вкупниот број на активни компании во 2021 година е во опаѓање (74 компании помалку во 2021 година во однос на 2020 година) и истото е во преработувачката индустрија, градежништвото, трговијата на големо и мало и други услужни дејности. Овој број гравитира околу 1790-до 1835 по години, за во почетокот на ковид-пандемијата да имаме поголемо опаѓање и тоа во сите гранки. Притоа, групата „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ е најголема и се движи околу 600 претпријатија просечно, но ова се претежно микро-претпријатија, или најчесто фамилијарен бизнис.

Бројот на компаниите (по големина) се дадени во следната табела:

| Велес | Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 1793 | 1322 | 445 | 19 | 7 |
| 2016 | 1835 | 1337 | 472 | 17 | 9 |
| 2017 | 1793 | 1305 | 461 | 20 | 7 |
| 2018 | 1793 | 1279 | 486 | 20 | 8 |
| 2019 | 1830 | 1310 | 491 | 20 | 9 |
| 2020 | 1743 | 1218 | 493 | 24 | 8 |

Кај категоријата „вкупно“ се гледа дека помеѓу 2015-2019 г. како некоја зедничка вредност се јавува број на фирми - 1793, за во 2020 г. со сѐ поголемото завлегување во корона-кризата наеднаш да имаме пад за дури 90 фирми.




Кај малите и микро-претпријатија во 2020 г. имаме пад кај микро-претпријатијата, додека кај малите имаме благ пораст по години, па дури и во ковид-периодот.




Кај средните постои благ пораст, додека кај големите оваа вредност варира, околу 8 деловни субјекти.



Ако пак се погледне големината на деловните субјекти според новата поделба (според бројот на вработени) усвоена од 2021 г., споредбено со Вардарски регион состојбата е следна:

| | **2021** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **0** | **1-9** | **10-19** | **20-49** | **50-249** | **250 +** |
| **Вардарски регион** | 5170 | 270 | 4424 | 219 | 146 | 100 | 11 |
| **Велес** | 1679 | 66 | 1472 | 60 | 43 | 34 | 4 |
| % учество на велешките фирми во вардарски регион | **32,5** | **24,4** | **33,3** | **27,4** | **29,5** | **34,0** | **36,4** |

Имено, учеството на велешките фирми се движи околу 32.5 како вкупно деловни објекти, додека гледано поединачно, кај малите фирми до 10 вработени овој процент е 33,3%, додека кај најголемите над 250 вработени процентуалното учество е 36,4 %.

Од дадените податоци се гледа дека вкупниот број на активни микро-компании од 2016 година до 2020 година е во опаѓање, но во истиот период има зголемување на бројот на активни мали претпријатија.

***<u>Економски инвестиции</u>***

**ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Општина Велес нуди добри можности за вложување на идните потенцијални инвеститори. Пред сè ова се должи на повеќе фактори и тоа:

- Географска поставеност (централно подрачје на Република Северна Македонија);
- Развиена патна и железничка инфраструктура (низ општината поминуваат главните патни коридори што ја поврзуваат Републиката со останатите соседни држави);
- Расположлива работна сила;
- Локални природни ресурси;
- Стопанска и комунална инфраструктура;
- Урбанистичко-плански и просторни можности за развој на индустријата и
- Изградени и опремени индустриски зони *<u>(Караслари, Речани 1 и Речани 2, Комплекс УЗУС и Порцеланка)</u>*

**Индустриски зони**

Индустриска зона Речани (1 и 2) **се наоѓа во индустрискиот дел од градот.**

- Оддалеченост од Автопатот Е- 75 - 2 km
- Оддалеченост од Центар на градот – 2 km
- Оддалеченост од железничката станица – 3 km

**Индустиска зона Мало стопанство Комплекс УЗУС**

се наоѓа во индустрискиот дел од градот, во состав на населено место на градот

- Оддалеченост од Автопат Е- 75 - 4 km
- Оддалеченост од Центар на градот – 2 km
- Оддалеченост од железничка станица – 1 km
- Можност за приклучок на електрична енергија, вода и канализација.

**Индустриска зона Караслари**

Локација:
Локалитетот се наоѓа на десната страна од магистралниот пат М1 (Гевгелија-Скопје). Со подвозник е поврзан со автопатот Е-75 (Скопје – Гевгелија) и одалечен е 8 км од Велес.

- Оддалеченост од поголемо место:
- до с. Караслари е оддалечено 100 м.
- до с. Градско е оддалечено 25км.
- до Велес е оддалечено 8 км.
- основна намена (Г-производство, дистрибуција, сервиси)

Податоци за земјиштето:

- КП 1541 КО Караслари со површина од 11 ,05ха;
- КП 1186, КО Караслари со површина од 13,42 ха;
- површината за градење зависи од урбанистичко-планската документација.

- Патна и железничка инфраструктура:
- магистралниот пат М1 (Гевгелија-Скопје) на 100 м.
- автопатот Е-75 (Скопје –Гевгелија) е на 150 м.
- бензинска пумпа „Мак-оил“ со сопствен терминал.

- Електроенергетска инфраструктура:
- во непосредна близина постојат електрични водови со кои би се решило потребното напојување на електрична енергија

**Моментално главен инвеститор е германскиот инвеститор Маркарт, кој почна со работа во 2015 година**

Најголеми компании во Велес според остварен приход и број на вработени во 2022 година:

- Маркард
- Жито
- Брако
- Малина
- Агриа Агроиндустриска Групација
- Кристал 1923
- Овчеполка
- Хемомак Пестициди

- Уни Агро
- Башино Гас
- Алевадо Кабел
- Тргошпед
- Енмон
- АД Димко Митрев
- Леов Компани

***<u>Туристичките потенцијали и туристичката инфраструктура</u>***

Општина Велес располага со природно-географски и антропогени туристички ресурси кои можат да придонесат за развој на туризмот.

**Природно-географски ресурси**

Природни релјефни ресурси

Велес е сместен во централниот дел на Република Северна Македонија, со позиција на 41. 43' г.ш. и 21. 46' г.д., на надморска висина од 175 м. и со површина на целата велешка околија од 1552 км2. Самата општина Велес зафаќа површина од 464, 5 км2 или географската поставеност на градот е многу поволна и нуди цела низа позитивни околности.

Се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, во средното течение на реката Вардар, на надморска височина од 150 до 260 метри. Велешката котлина, која се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, од сите страни е заградена со ниски ридови, кои ја одвојуваат од Овче Поле на исток и од Хашката Котлина на запад. Така, на запад се ридовите Гроот (675м) и Баир (461м), додека на исток се Св. Илија (565м), Кршла (420м) и Барјаче (448м). На север, преку Таорската клисура на реката Вардар е поврзана со Скопската котлина, додека на југ Велешката клисура е поврзана со Тиквеш. Котлината се протега на просечна надморска височина од 165 м. Зафаќа површина од 47 км2. Во јужниот дел на Велешката Котлина е лоциран градскиот центар Велес.

Стариот дел има амфитеатрален облик, со куќи распоредени по долинските страни на двата брега на Вардар, додека новиот дел се шири надвор од клисурата, од десната страна на реката. Лежи на главната сообраќајница на Балканскиот Полуостров, по Моравско - Вардарската долина, а низ градот минува и главната железница во Република Северна Македонија, од која се одделуваат два крака: едниот за источниот дел од Македонија (Штип и Кочани) и другиот за југозападниот дел од Македонија (Прилеп и Битола). Со тоа, после Скопје, Велес е најважниот јазол во Република Северна Македонија.

Во општината владее континентална клима, со просечна годишна температура од 12 до 15 целзиусови степени. Доминантни се ветришта од север и северозапад, со средна годишна брзина од 2 м/с. Просечната годишна количина на врнежи е 447 мм. Снежната покривка се задржува просечно по 12 дена во годината. Просечното годишно траење на сончевиот сјај изнесува 2148 часови. Маглата не е честа појава и просечно ја има по 13 дена во годината.

Природни и вештачки хидрографски ресури

Богатството на природни ресурси (води, чешми, реки, руди, минерални суровини) се само предност на општината. Општина Велес ги опфаќа одрачјата на поголемите водотеци Бабуна, Тополка и Отовица, кои заеднички припаѓаат на сливот на реката Вардар.

Геолошкиот состав, слабиот вегетациски покривен слој и неправилното користење на земјшитето предизвикале голем дел од општината да биде зафатен со ерозивни процеси.

Ерозивните процеси предизвикуваат голема загуба на плодно земјиште, осиромашување на подлогата и појава на оголени, суви и ненаселени предели.

Најзначајни био-географски ресурси

Шумите се национални природни ресурси. Општината располага со 40% дабова шума, 50% букова шума, 10% пошуменост со црн бор. Овие шуми служат за спречување на ерозијата, за смена на микроклиматските влијанија (во летниот период ја намалуваат температурата за 5%, а во зимскиот на зголемуваат за 5%). Според категоризацијата, општината е средно пошумена. Најголема пошуменост има по течението на реките Бабуна и Тополка. Нема позначајни појави на метални минерални суровини, додека состојбата со неметаличните суровини е многу поповолна.

**Антропогени ресурси**

***Археолошки локалитети***

На подрачјето на Општина Велес се среќаваат голем број археолошки локалитети, културно-историски споменици, религиозни објекти, традиции, занаети, фолклор и т.н.

| Археолошки локалитети - Назив | Опис |
|---|---|
| Велешко Кале | Тврдина која постоела на јужниот излез од од градот, покрај Вардар која сѐ уште не е доволно истражена |
| Пешти | Локалитетот се наоѓа долж кањонот на реката Бабуна (во должина од 400 метри) и е на 8 км. одалеченост од Велес.<br><br>Се карактеризира со природна убавина, со повеќе ендемични видови растенија и животински свет. Во кањонот Пешти се наоѓаат надалеку познатите пештери (околу 50), кои се со старост и до 10.000 години, како и пештерската црква „Маркова пештера“, стара повеќе од 1000 год. |

***Културно-историски споменици***

| Назив | Опис |
|---|---|
| **Споменици на културата** | |
| **Спомен-куќа на Кочо Рацин** | Куќата на еден од најголемите поети во периодот помеѓу двете светски војни, Коста Солев – Рацин, година целосно е реставрирана во 1962 г. |
| **Спомен-куќа на Васил Главинов** | Спомен-куќата на првиот пропагатор на социјалистичките идеи во Македонија, Васил Главинов, денес е музеј посветен на неговиот живот и дело. Куќата се смета за еден од најубавите белези на старата велешка архитектура. |
| **Спомен-куќа на Јордан Хаџи-Константинов Џинот** | Куќата на еден од најзначајните македонски просветители и преродбеници, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, е изградена на левата страна на реката Вардар, во велешкиот сокак. |
| **Комплекс куќи кај Варналиите** | Во периодот на XIX век, во Велес на левата страна од реката Вардар биле изградени три куќи во месноста Варналиите, лоцирани на ул. Јован Алабаков. Тоа биле куќите на семејствата Паунови, Прнарови и Тренчови кои се карактеризираат со старорадски амбиент и се сведоштво на препознатлив градски амблем. Денес се останати две куќи, едната изгоре во пожар во 2019 година. |

| | |
|---|---|
| **Спомен-костурница** | Импозантниот спомeник којшто е изграден во 1979 година веднаш над влезот во Велес, од неговата десна страна, е вечен дом на стотина велешки борци кои во Втората светска војна загинаа за остварување на вековниот сон за слобода на македонскиот народ. Споменикот, изграден во форма на афионов цвет, е дело на академскиот вајар Љубомир Денковиќ и архитектот Саво Суботин од Србија и Црна Гора. Во централниот дел на внатрешноста е поставен симболот на слободата во форма на расцветано дрво, додека по сите страни од ѕидовите е распослан најголемиот мозаичен комплекс во Македонија, дело на академскиот сликар Петар Мазев. На вкупна површина од 220 м2, преку една композиција составена од пет слики, авторот ја насликал историјата на македонскиот народ од Илинденската епопеја преку социјалните превривања меѓу двете светски војни, периодот на народно-ослободителната војна и сенародното востание, сè до победата над фашистичкиот окупатор, повоената изградба на Македонија и слободата како врвна придобивка. Мозаикот е направен од природен и вештачки камен од венецијанска паста, во повеќе бои, преку кои симболите и формите се одвојуваат едни од други. |
| **Споменици на Кочо Рацин** | Во чест на патронот на велешката Гимназија, во 1968 година за прв пат во неговиот роден град на Кочо Солев Рацин му е поставен споменик. И во центарот на Велес, наспроти градската саат-кула се издига споменик на основоположникот на современата македонска поезија, Кочо Солев - Рацин. Споменико,т поставен во 2002 година, е дело на акдемик Томе Серафимовски. Висок е 2,80 метри и тежок 500 килограми. |
| **Споменик на Гемиџиите** | На левиот брег на реката Вардар, на уредено плато на кејот се издига споменикот посветен на Гемиџиите. Споменикот е поставен во чест на големиот јубилеј „100 години Илинденско востание - 100 години македонска државност“. |
| **Споменик на Панко Брашнар** | Поставен е во новиот дел на градот, на плато во непосредна близина на гарнизонот „Алексо Демниевски - Бауман“. Со пропорционална фигура споменикот го отсликува делото на големиот македонски револуционер и прв претседател на Президиумот на АСНОМ, Панко Брашнар. |
| **Споменик на велешките илинденци** | „Војвода на коњ“, поставен во центарот на градот, помеѓу градскиот саат и споменикот на Кочо Рацин, посветен на велешките војводи, учесници во ослободувањето на Крушево и создавањето на славната Крушевска Република: Јован Наумов - Алабакот, Александар Димов - Докурчев и Тодор Христов - Офицерчето и на сите борци за слобода на Македонија. |
| **Куќа на Касапови** | Спомен-куќа, куќа изградена на карпа |
| **Велешко кале** | Сè уште не истражено, на јужниот влез од градот покрај Вардар |

Покрај останатите сегменти, големо значење за развој на туризмот во Општина Велес има културно-историското наследство во општината (недоволно истражено, слабо заштитено и недоволно афирмирано).

Според временската класификација, најзастапени се спомениците од средновековниот и турскиот период. На подрачјето на општината во повеќе населени места каде постојат споменици кои се ставени под заштита на Републичкиот завод за заштита на спомениците од културата.

***Музеи, библиотеки и галерии***

| | |
|---|---|
| Народен музеј<br><br>Контакт тел: (043) 231 434 | Објектот со специфична градска архитектура што го краси центарот на Велес, е седиште на велешката историја и култура. Овој прв повоен музеј во Македонија е отворен во далечната 1946 година. Сите посетители секој ден од 8-12 и од 16:00 до 20:00 часот имаат можност да ги видат вредните експонати изложени во археолошкото, историското, етнолошкото и одделението за историја на уметноста. Музејот располага со околу 3000 експонати од кои во постановките се изложени 1000.<br>**https://muzejveles.mk/** |
| Знаменитости - Градска саат-кула | Изградена во првата половина на XVI век, кулата во централното градско подрачје служела како осматрачница за отоманските власти. Кон крајот на XVIII век, во периодот на преродбата во Велес, кулата била претворена во градски саат. Оттогаш, камбанаријата на саатот е постојан потсетник за времето за граѓаните на Велес. |
| Театар “Џинот“ Велес | http://www.teatarveles.mk/ |
| Градска галерија | Во овој објект се одржуваат сите ликовни изложби, литературни читања, промоции на книги и други културни настани. |

***Религиозни објекти***

Религиозните објекти на територијата на општината Велес се застапени во поголем број. Меѓу нив се наоѓаат и такви кои се одликуваат со позабележително значење. Во продолжение се прикажани сите религиозни објекти во општината; направен е подетален осврт во врска со нивната локација, време на изградба, фрескоживопис и други карактеристики.

**Верски објекти**

| Верски објекти | Локација/ Опис |
|---|---|
| **Црква Свети Пантелејмон** | Храмот Свети великомаченик Пантелејмон се смета за еден од бисерите на сакралната архитектура на Балканот. Во 1840, под ридот Вршник, ја изградил големиот градител Андреја Дамјанов со своите браќа. Црквата е позната по прекрасната акустика добиена како резултат на вградувањето на грнчарски производи во ѕидовите, како и користење на лушпи од јајца во малтерот. |
| **Црква Свети Спас** | Свети Спас е црква изградена во подножјето на ридот Свети Илија. Се претпоставува дека потекнува од 14 век, а е обновена во 19 век. Последните зографски работи ги извел прочуениот велешки зограф Ѓорги. Во дворот на црквата е и гробот на преродбеникот Јордан Хаџи Константинов - Џинот. |
| **Црква Света Богородица**<br><br>ул. „Прохор Пчински“ 13 | Црквата Света Богородица се наоѓа на источната страна од градот. Црквата ја изградило немнозинското влашко население во периодот 1874-1905 година, по што е позната и уште како Влашка црква. На завршните работи на црквата работела тајфата на прочуениот мајстор Дамјан, синот на Андреја Дамјанов. |
| **Црква Свети Кирил и Методиј** | Црквата Свети Кирил и Методиј се наоѓа во центарот на градот, во Младинскиот парк и е дело на архитектот Тодор Паскали од Охрид. Таа е со византиски стил, еднокорабна со кршен камен и камбанарија, која |

| | |
|---|---|
| | е надвор од објектот. По сто и педесет години откако во Велес е изградена последната црква, повторно се градат храмови. |
| **Црква Света Петка** | Црквата Света Петка се наоѓа на излезот од Велес, во правец кон југ, од десната страна на патот кон Гевгелија. Ова здание првин беше параклис, за некаде во деведесеттите години од минатиот век да се преуреди и догради во помала црква. |
| **Црква Свети Никола** | Малата црквичка Свети Никола е доградена на околу стотина метри јужно од манастирот Свети Димитрија, надвисната над самиот пат. Според фреските на ѕидовите, се претпоставува дека црквата потекнува од 14 век. Црквата Свети Никола е сукцесивно реновирана. Последното реновирање е извршено во 1921 година. Над црквата се наоѓа гроб во кој се закопани деветмина монаси. |
| **Црква Свети Јован Крстител** | Фрескоживописана црква „Свети Јован Крстител“ во месноста „Багремче“ во новиот дел на Велес. Изградбата на црквата заврши во јануари 2020 години, а се градеше 4,5 години, почнувајќи од 30 август 2015 година кога беше осветен камен-темелник. Црквата е живописана од двајцата велешки фрескоживописци Велко Свеќаров и Гоце Василески. Црквата свечено е осветена на 23 октомври, 2022 година.<br>Во рамки на црковниот комплекс изградена е и камбанарија, на која се поставени три камбани, како и црковно-административни простории, а изграден е и параклис посветен на „Свети Агатангел Битолски“. |
| Манастири<br><br>**Манастир Свети Димитрија** | Манастирот Свети Димитрија е сместен на околу два километра јужно од градот. Тој бил изграден во 14 век и затрупан во времето на османлиското владеење. Манастирот првично посветен на Пресвета Богородица бил затрупан цели 469 години, а неговиот денешен изглед датира од 1855 година. По падините на висорамнината кои се спуштаат кон манастирот се среќаваат урнатини, остатоци од стариот пајонски град Вила Зора, кој се споменува во III век пред Христа. |
| **Манастир Свети Јован Крстител** | Манастирот Свети Јован Крстител се наоѓа на 25 км. северно од Велес, во близина на патот кон Скопје, на падините под селото Ветерско. Се претпоставува дека манастирот е изграден во 1670 година. Според написите на големиот македонски преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот, овој сакрален објект во средината на 19 век поседувал голема библиотека со ракописии и печатени книги, што укажува дека во манастирот престојувале монаси кои препишувале црковни текстови, собирале ракописи и укоричувале книги што се користеле за културно и просветно издигнување на самите калуѓери и месното население. |
| **Фазил Ахмет-пашина џамија или Црна џамија** | Фазил Ахмет-пашина џамија или Црна џамија — османлиска џамија во градот Велес. Му припаѓа на Велешкото муфтиство на ИВЗ и прогласена е за културно наследство на Македонија. Ова единствената преостаната џамија во градот.<br>Џамијата е сместена на левиот брег на Вардар, во маалото Црна Џамија наречено по неа. Изградена е од големиот везир Фазил Ахмед-паша во 1659 година откако му починала единствената ќерка. Пашата ја подигнал џамијата до гробот на девојката, и според преданието од тага наредил да се изгради од црн камен, од каде доаѓа и нејзиното име. Денес градбата е малтерисана бело. |

***Настани и манифестации***

На територијата на општина Велес во текот на годината се одржуваат серија на настани и манифестации поврзани со верските празници, историски настани и културно-спортски манифестации. Нивниот број, според време и место на одржување е евидентиран низ

податоците во табелата, а за покарактеристичните манифестации и настани е даден и краток опис.

**Настани и манифестации**

| Настани и манифестации | Локација/ Опис |
|---|---|
| **Фестивал „Рацинови средби“** | Од 1964 година Велес е домаќин на поетите од Балканот кои го слават поетскиот збор во родниот град на основоположникот на современата македонска поезија и литература Кочо Рацин. Покрај презентацијата на поетското творештво, во рамките на манифестацијата се одржуваат и научни собири, посветени на животот и творештвото на Рацин. |
| **Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби”** | Главната цел на ФАД Стоби е да промовира и создава мултикултурна размена преку промоција на антички текстови и драми. ФАД Стоби и во иднина ќе ги презентира различните култури од светот и нивините гледишта и креации на антички драми; ФАД Стоби ќе се обиде да ја доближи античката драма на сите конзументи во автентични антички услови; ФАД Стоби ќе продолжи и со промоција на античкиот локалитет СТОБИ како еден од најстарите и најголемите локалитети во Македонија. |
| **Меѓународен фолклорен фестивал- Велес** | Долгата традиција на негување на македонскиот фолклор во Велес ги поттикна културните работници да го основаат Меѓународниот фолклорен фестивал - Велес. За првпат фестивалот се одржа во 2004 година со учество на фолклорни ансамбли од Македонија, Бугарија, Словенија, Србија и Црна Гора. |
| **Питијада** | Питијадата е манифестација посветена традиционалната велешка пита пастрмајлија која е позната по својот состав во кој има пастрма, од каде и доаѓа името. |
| **Детски Рацинови средби** | Детските Рацинови средби - најстарата и најмасовната детска поетска манифестација во Македонија, која со својата полувековна традиција сведочи за неизбришливот рациновски код кој останува да тлее не само во срцето на секој велешанец, туку и во срцето на секој човек. |
| **Вардарска регата** | Вардарската регата “Гемиџии“ е формирана во 1984 година, како идеја на група ентузијасти од Велес. Велешки регати сведочат за тогашната одлична организација, за соработката со сите општини долж реката Вардар, за размената на искуства и врските на Регатата со велешките трговци од периодот кога Вардар бил пловна река од Велес до Солун. На 108-годишнината од делото на нашите млади сограѓани, гемијата повторно заплови по Вардар благодарејќи им на напорите на Организациониот одбор и финансиската поддршка од Општина Велес и бројните спонзори и донатори. |
| **Мото бич парти** | Мото бич парти е дефиле на мотори низ градот кое завршува со забава на велешкото езеро. Настанот има цел да промовира безбедно управување со моторните возила и заштита на патиштата. |
| **Склупторска вајарска колонија** | Оваа манифестација е наследник на сликарската колонија Папрадишки мајстори |

***Традиции, занаети и фолклор***

Во целина, во Република Северна Македонија многу карактеристични се традициите, занаетите, фолклорот и националната кујна. Тие се традиционално присутни во туристичката понуда, кои во последните години повеќе се од пропратен елемент, така што добиваат значење на основен атрактивен производ.

Општина Велес е поврзана со низа од посебно карактеристични занаети, традиционални производи и кујна, но голем дел од нив се изумрени, како што е грнчарството.

Во општина Велес има долга традиција за кулинарски вредности, како мешавина од ориенталната и европската кујна. Се среќаваат разни специјалитетити меѓу кои најпозната е велешката пита - пастрмајлија, скараџиските специјалитети како и многу други јадења кои се одомаќени низ ресторанитe во Република Северна Македонија: тавче гравче, шопска салата, селско месо и секако ајвар.

***Сместувачки капацитети***

Покрај претходно споменатите фактори за развој на туризмот неопходни се и сместувачките и угостителските капацитети. Нивниот обем и квалитет има директно влијание врз обемот и структурата на туристичкиот промет. Денес во рамките на општина Велес функционираат:

**Сместувачки капацитети**

| Сместувачки капацитети: | Назив | Адреса | Опис |
|---|---|---|---|
| Хотели | Романтик | езеро Младост | Работи: Цела сезона<br>Хотел соби: 25 |
| | Брод Панини | Скопски пат б.б., езеро Младост | Работи: Цела сезона<br>12 двокреветни соби и 1 луксузен апартман |
| Хотел | Гарденија | Скопски Пат б.б. | Работи: Цела сезона<br>24 стандардни соби, 2 јуниор апартмани и еден Делукс апартман |
| Хотел | Глориус | езеро Младост | Капацитетот се дооформува |
| Хотел | Интернационал | Центар на градот | Работи: Цела сезона<br>35 соби, сала за свадби и други свечености, ресторан |
| Хотел | Монтенегро | Скопски Пат б.б. | Надвор од функција (24 соби) |
| Ресторан | Бела Вода | Автопат Скопје-Гевегелија – излезот на Велес | Работи: Цела сезона |

Покрај овие поголеми издавачки капацитети, во последните неколку години се реистрираа и уште 2 куќи во населбата до езеро Младост кои обавуваат дејност од мал обем, односно издаваат соби од II категорија, како и сѐ поголем број викенд-куќи од истата населба, особено за летниот период кога има голем транзит на српски и други транзитни туристи, кои и го прават најголемиот број на ноќевања.

**Туризам и број на туристи**

Од теренски истражувања се констатира дека бројот на туристи и ноќевања е релативно мал. Причината е во тоа што поради автопатот А70 кон Грција и близината на езеро Младост претежно се одвива транзитниот туризам кон и од Грција во летниот период.

| Вкупно | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број туристи | Број на ноќева. | Број туристи | Број на ноќева. | Број туристи | Број на ноќева. | Број туристи | Број на ноќев. | Број на туристи | Број на ноќева. |
| **Домашни туристи** | 2944 | 6451 | 3654 | 9622 | 2205 | 3554 | 2801 | 3728 | 3621 | 5152 |
| **Странски туристи** | 6690 | 10803 | 6847 | 10528 | 768 | 2199 | 3972 | 6494 | 7360 | 12400 |

Како што може да се види, бројот на ноќевања кај странските туристи е околу 10.000, освен во периодот на ковидот, додека кај домашните овој број е околу 6.000 ноќевања.




Исто така, бројот на странски туристи се движи околу 6.000-7.000 туристи, додека кај домашните овој број е оклу 3.000-3.500 туристи.(освен во ковид периодот).




***Угостителски објекти***

Угостителските објекти од ресторанската мрежа даваат услуги од исхрана и забава, ја збогатуваат туристичката понуда и придонесуваат за зголемување на вонпансионската потрошувачка. На територијата на Велес постои развиена ресторанска мрежа, која преку бројноста и разновидноста на објектите во голема мера ги задоволува постоечките потреби на туристите и притоа позитивно би влијаела врз туристичката вонпансионска потрошувачка.

Покрај ресторантите кои функционираат во рамки на сместувачките објекти, постојат уште поголем број други класични ресторани, пицерии и кафе барови. Најголемиот дел од угостителските објекти се сместени во градот Велес, додека еден помал дел околу езерото Младост.

**Гастрономија и забава**

| Гастрономија и забава | Назив | Адреса |
|---|---|---|
| Ресторани (традиционални) | Ресторан Баже Пити | Коле Дрнков 7 |
| | Ресторан Бела Вода | Автопат Скопје-Гевгелија – излезот на Велес |
| | Ресторан Брод Панини | Скопски пат б.б. |
| | Ресторан Кај Димче | Благој Ѓорев |
| | Ресторан Маринела | Кумановска 2 |
| | Меаната на Даце | Тодор Јанев 1 |
| | Ресторан Романтик | Велешко езеро |
| | Ресторан Хајдук | Велес |
| | Ресторан Чакар | Алексо Демниев |
| | Ресторан Шкорпион | Никола Карев 33 |
| | Ресторан Снупи | |
| Пица и фаст фуд | | |
| | Да Винчи | Благој Ѓорев 90 |
| | Пицерија Диферент | Благој Ѓорев 6б |
| | Сангриа | Благој Ѓорев |
| | Сендвичара Круг | Борис Трајковски 23-а |
| Слаткарници | Ванила JAJO | Благој Ѓорев б.б., во Трговски центар |

| Кафе барови | | |
|---|---|---|
| | Паб Велес | Благој Ѓорев 28 под Официрски дом |
| | Страда | 8-ми Септември |
| | Ројал Кафе | Благој Ѓорев 26, Под официрски дом |
| | Кафе ескејп | Благој Ѓорев<br>Спроти Гимназија |
| | Гарибалди | Благој Ѓорев<br>Спроти Гимназија |
| | Барето | Благој Ѓорев<br>Спроти Гимназија |
| | Тарантино | Благој Ѓорев спроти Гимназија |
| | Пиано | Алексо Демниевски 3 |
| | Гарден кафе 4 сезони | Академик Пенчо Давчев (Скопски Пат) 49 |
| | Драјв кафе | Благој Ѓорев 99 |
| | Винска галерија | Благој Ѓорев |
| | Ноќен бар Ноктурно/Импакт | Градски парк во склоп со салата Гемиџии |

Може да се констатира дека на територијата на општината не изостанува бројноста на специјализирани ресторани кои во традиционални амбиентални услови би нуделе автентични кулинарски специјалитети.

Во Општина Велес видливи се инвестиции за хотели и ресторани, како и значајни странски директни инвестиции во туристичка инфраструктура има само во реонот на езеро Младост.

***Земјоделски ресурси и производи***

Главна стопанска гранка во примарните дејности е земјоделството. Тоа е дејност што ја извршува човекот со цел да произведе прехрамбени производи и суровини за обезбедување на својата егзистенција (Мијалов Р. 2000).

Земјоделството во Општина Велес, иако не може да се потенцира дека е развиено, сепак тоа претставува еден од главните приоритети за локалниот економски развој. Според географските карактеристики (клима, вода, почви) и сообраќајната поврзаност на областа има добри перспективи (ако се има во предвид и фактот што поранешниот агрокомбинат Лозар од Велес беше меѓу 10-те најголеми земјоделски комбинати).

Бидејќи земјишниот фонд претставува еден од основните услови за развој на земјоделството, во продолжение е прикажана структурата на земјиштето по катастарски култури. Неговата големина и структура во општина Велес е прикажана според **пописот од 2007 на земјоделски површини и домаќинства.**

**ПОВРШИНА НА КОРИСТЕНОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТЕГОРИИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС (ХЕКТАРИ)**

| ***Попис на замјоделството, 2007 во (Ха)*** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расположлива површина на земјиштето** | **Вкупно користено земјоделско земјиште** | Ораници, бавчи и куќни градини | ливади | пасишта | Овоштар-ници | лозја | расадници |
| **5591** | **5.108,87** | **3.989,23** | **176,48** | **159,16** | **104,70** | **678,00** | **1,30** |
| **% од користеното земјод. земјиште** | | **78,08** | **3,45** | **3,12** | **2,05** | **13,27** | **0,03** |



Од податоците се забележува дека од вкупната расположлива површина на земјиштето (5591 ha 5109 се корисно земјиште) во општина Велес најголем дел, односно дури 78% припаѓа на бавчите, 13% на лозја, 4% ливади и 2% пасишта.

***Полјоделство***

Полјоделството претставува една од најважните земјоделски гранки во општина Велес. Го опфаќа производството на житни, индустриски, градинарски и фуражни култури.

Големината и структурата на засеаните површини под полјоделски култури во општина Велес според податоците од последниот попис на земјоделието спроведен во 2007 година е намалена за 50% во однос на 1970 година.

Површина на користени ораници, бавчи и куќни градини во Велес (хектари)

| ***Попис на замјоделството, 2007*** | **ха** |
|---|---|
| **Вкупно користени ораници, бавчи и куќни градини** | 3989 |
| Жита | 2629 |
| Индустриски растенија | 511 |
| Фуражни растенија | 280 |
| Зеленчук | 352 |
| Ароматични и медицински растенија | 1 |
| Цвеќе и украсни растенија | 4 |
| Семе и расад | 4 |
| Угари и други незасеани ораници и бавчи | 208 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ



Се констатира дека учеството на житните култури е најголемо и тие учествуваат со дури 66%, а потоа следат индустриските култури со 13%, зеленчукот со 9% и фуражните култури со 7%.

Во рамки на житните култури најзастапена пак е пченицата, јачменот и пченката.

| Површина на жита, Попис на земјоделството 2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна површина на жита | Пченица | Пченка | Јачмен | Ориз | Други жита |
| 2.629 | 1.476 | 223 | 856 | 10 | 64 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ




Од процентот на учество се гледа дека пченицата учесвува со 56%, јачменот со 33% и пченката со 9%.

| Површина на индустриски растенија, Попис на земјоделството 2007 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна површина на индустриски растенија | **Соја** | **Сончоглед** | **Маслодајна репка** | **Тутун** | **Шеќерна репка** | **Други индустриски растенија** |
| 511 | **-** | **2** | **9** | **461** | **6** | **34** |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

Кај индустриските култури во однос на минатото се направени најголеми промени. Според податоците од 2007 г., најзастапени се површините под тутун 461 ha (ДЗС, 2007).

| **Површини на зеленчук, цвеќе и украсни растенија, Попис на земјоделството 2007** | |
|---|---|
| **Вкупна површина на зеленчук** | 352 |
| **Домати** | 38 |
| **Пиперки** | 32 |
| **Краставици** | 6 |

| | |
|---|---|
| **Грав** | 10 |
| **Компир** | 21 |
| **Кромид** | 77 |
| **Лук** | 5 |
| **Морков** | 10 |
| **Зелка** | 8 |
| **Лубеници** | 68.38 |
| **Диња** | 44 |
| **Јагоди** | 3 |
| **Друг зеленчук** | 28 |
| **Цвеќе и украсни растенија** | 4 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

***Овоштарство***

На територијата на Општина Велес се застапени разни видови на овошни култури, но најзастапени се јаболката, праските, кајсиите и бадемите, а потоа следуваат круши, вишни, ореви и цреши. Непосредните податоци се прикажани во следната табела.

| Вкупен број на стебла | | Вкупна површина ха |
|---|---|---|
| **Цреши** | 1.705 | 325,00 |
| **Вишни,** | 3.305 | 5,22 |
| **Кајсии** | 7.583 | 12,98 |
| **Праски** | 7.663 | 14,00 |
| **Ореви** | 1.876 | 10,00 |
| **Бадеми** | 6.535 | 12,00 |
| **јаболка** | 13.473 | 23,63 |
| **круши** | 5.661 | 11,69 |
| **сливи** | 3.373 | 6,93 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

***Лозарство***

Во Општина Велес постојат поволни климатски и почвени услови за одгледување на винова лоза, па затоа лозарството е доста развиено, што се гледа не само од површините туку и по сѐ поголемиот број на мали винарии кои го следат таканаречениот „Пат на виното“ во Вардарскиот регион (од Велес преку Кавадарци и Неготино до Демир Капија).

| | Вкупен број на пенушки | Вкупна површина ха | Број на пенушки на лозови насади од вински сорти | Површина на лозови насади од вински сорти ха | Број на пенушки на лозови насади од трпезни сорти | Површина на лозови насади од трпезни сорти ха |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес | 2143540 | 678 | 2032750 | 641,82 | 110790 | 36,18 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

| Велес | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Родна површина хектари | 803 | 743 | 742 | 810 | 938 | 946 | 944 | 859 | 859 |
| Вкупен број пенушки во илјади | 2.376 | 2.121 | 2.116 | 2.352 | 2.634 | 2.606 | 2.692 | 2.368 | 2.429 |

Извор: ДЗС на РМ




***Сточарство***

Развојот на сточарството во последните 50 години бележи опаѓање, но тоа не значи дека не постојат услови за негов развој.

Но, дека сточниот фонд е во постојано опаѓање се гледа од сериите на овчарството кое е намалено, говедарството исто така, свињарството се одржало со благ пораст, а живинарството со благо намалување.

| Коњи | Вкупен број на говеда | Јуници | Стелни јуници | Молзни крави | Вкупен број на овци | Женски грла овци за приплод | Вкупен број на кози | Женски грла кози за приплод |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **388** | **3.169** | 193 | 70 | 1.674 | 15.537 | 10.746 | 2.325 | 1.463 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

| Вкупен број на свињи | Спрасни назимки | Маторици | Нерези | Живина | Зајаци |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.511** | 32 | 194 | 17 | 24.516 | **600** |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

Обем и динамика на сточниот фонд по години, споредено со Вардарски регион

| **Простор/г.** | **ВПР** | | | | **Велес** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вид** | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| **коњи** | 1738 | 836 | 1007 | 791 | 610 | 294 | 354 | 278 |
| **говеда** | 14487 | 12503 | 10186 | 10731 | 5086 | 4390 | 3576 | 3768 |
| **свињи** | 31838 | 42331 | 20340 | 39985 | 11178 | 14862 | 7141 | 14039 |
| **овци** | 76857 | 62251 | 54881 | 67115 | 26984 | 21856 | 19269 | 23564 |
| **кози** | 7014 | 5488 | 3665 | 4728 | 2463 | 1927 | 1287 | 1660 |
| **живина** | 37347 | 43735 | 39197 | 60556 | 13113 | 15355 | 13762 | 21261 |
| **пчелни семејства** | 8776 | 1711 | 2840 | 6207 | 3081 | 601 | 997 | 2179 |

Извор: ДЗС




Од табеларниот преглед може да се види дека во ВПР бројот на коњи и говеда перманентно се намалува, а кај свињите динамиката е нестабилна, исто како и кај живината, овците и козите.

При тоа, кај сите серии во услови на ковид-2020 г. имаме благ пораст и зголемување на добиточниот фонд.

Ваквите движења бараат сериозен однос и зголемување на поддршката во сточарството, што првостепено подразбира воведување дополнителни стимулативни мерки.

Овчарството е водечка гранка во сточарството во општина Велес, но треба да се забележи дека секоја година има намалување на бројот на овци за неколку илјади.

Бројот на говеда исто така се намалува.

Свињарството во Општина Велес е развиено и тоа благодарение на една од поголемите фарми во државата - „АГРИА", која има и сопствена кланица, како и на неколку помали индивидуални фарми.

Се констатира дека сточарството во општина Велес има перманентно намалување кај сите видови на стока.

***Пчеларство***

Релјефната структура, развиената хидрографска мрежа, шумската и тревната вегетација овозможуваат Општина Велес да располага со добри услови за развој на пчеларството. Поради тоа и поради релативно добрата цена на медот може да се каже дека скоро во секое населено место се одгледуваат пчелни смејства.

Според земјоделскиот попис од 2007 општина Ввелес располага со 2040 пчелни семејства.

| | ВПР | | | | Велес | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| **Пчелни семејства** | 8776 | 1711 | 2840 | 6207 | 3081 | 601 | 997 | 2179 |

Но, бројот на пчелните семејства постојано се намалува од 3081 во 2017, така што може да се каже дека пчеларството во оваа општина не е добро поставено.

***Лов и риболов***

Ловот како стопанска гранка го опфаќа одгледувањето, заштитата и искористувањето на дивечот. Во општина Велес е главно сливно подрачје на помали водотеци (во непосредна близина на јужниот влез од градот се влеваат реките Тополка и Бабуна во реката Вардар), така што не располага со рибници и рибни стопанства. Постои рекреативно-спортскиот риболов на Вардар и на езерото Младост.

***Шумарство***

Шумарството е стопанска дејност која опфаќа одгледување и искористување на шумите.

Самото користење на шумите е поврзано со ЈП „Национални шуми" - Скопје, ПШС „Бабуна" - Велес, 1998. ПШС „Бабуна" - Велес е корисник на шумскиот фонд на општина Велес, а ја опфаќа и територијата на соседната општина Чашка и заради конфигурацијата на просторот, шумите и шумското земјиште со кои стопанисува ПШС „Бабуна" од Велес се поделени на девет шумско-стопански единици (ШСЕ) и тоа:

1. ШСЕ Горна Бабуна
2. ШСЕ Долна Бабуна
3. ШСЕ Тополка – Карабуњиште
4. ШСЕ Крива Круша – Тополка
5. ШСЕ Мукос- Јасенова Глава
6. ШСЕ Езеро Младост- Караслари
7. ШСЕ Биса
8. ШСЕ Попадија – Крајници
9. ШСЕ Црн бор – Градиште

| **Површина ха 2018** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **површина во ха** | вк. обрасната | Високо | Ниски | Култура | Шикара |
| **58.232,40** | 43.917,87 | 7.995,88 | 33.885,49 | 576,84 | 0,00 |

Извор: Монографија на ЈП Македонски шуми 1998 – 2018

| Дрвна маса м3 | Годишен прираст м3 | Етат м3 |
|---|---|---|
| **3.100.982,00** | 64.678,00 | 358.916,00 |

Извор: Монографија на ЈП Македонски шуми 1998 – 2018

Вкупната уредувачка површина ПШС Бабуна Велес изнесува 145.748 хектари. Во ова ШСЕ од периодот од 1998 до 2008 година максималниот можен обем на сеча во сите ШСЕ изнесува 462.600 м3. За овој период има вкупно посечена дрвна маса од 247.591 м3, од кои на букови пилански трупци отпаѓа 20. 893 м3 а остатоткот е огревно дабово и буково дрво. Во периодот од 1998 до 2018 максимален можен сечув етат изнесува 373.068 м3 а остварени се 220. 511 м3, од кои букови пилански трупци 6.630 м3, а огрев 213.881 м3 или остварен 63,8% од вкупниот можен етат. Во истиот период од 2008 до 2018 изградени се 75 километри шумско-камионски пат, а реконструирани се 651,5 километри. Во областа на пошумувањето во периодот од 2008 до 2018 подигнати се шумски култури на површина од 539,7 хектари и проредени 881 хектар, додека опожарена санирана површина е 27 хектари. Во периодот од 2008 – 2018 оствареното производство од 27.523 метри кубни букови пилански трупци и 461.472 метри кубни огревно дрво. Во ПШС Бабуна Велес има вкупно 87 вработени од кои 12 се со ВСС.

Имајќи предвид дека шумските патишта се од исклучителна важност за процесот на производство, интензивно се работи на т.н. шумски сообраќајници и тоа претежно на меки патишта кои се користеле за шумска експлоатација по шумско-стопанските единици. Во изминатиот период се изградени нови шумски комуникации (меки патишта) и тоа на следните локалитети: Мукос Јасенова Глава во должина од 44 километри, Попадија – Крајници 25 километри, Тополка – Карабуњиште 54,4 километри, Долна Бабуна 28,8 километри, Горна Бабуна која е најотворена со меки патишта 101 километри, Крива Круша – Тополка 60 километри и Езеро Младост-Караслари 20 километри меки патишта, кои исклучиво служеле за пошумување на ридни подрачја кои страдаат од големи ерозии. Локалитетот Биса меки шумски патишта има 41,5 километри, и Црн Врв – Градиште 39,4 километри мек пат. При крајот на 80-те и почетокот на 90-те, 20 километри од меките патишта се пошљунчени со макадам, полутврди и тоа на дистанца од село Нежилово до Планинарски дом Чеплес и од месноста Теовски мост до Карпаст.

| Возен парк на Македонски шуми во 2018 состојба | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Товарни возила кам.** | Трактори | Булдужери | Дигалки | Утоварчи УЛТ фреза | Компресори | Терен Возила |
| **4** | | 2 | 0 | 1 | 1 | 4 |

Особено голем проблем во стопанисувањето на поголем број од овие подружници на ПШС Бабуна беа бесправните сечи. Површините под шума загрозени од оваа појава се претежно во регионот кај село Бузалково каде се изгубени 2.000 хектари ниска дабова шума од стопанска класа М, а сите останати површини заедно зафатени од бесправна сеча изнесуваат 1.000 хектари. Во регионот на селото Горно и Долно Јаболчиште од месното население се уништени 350 хектари букови насади, додека околу Мелница – 100 хектари дабови и букови насади. Алармантна е состојбата и во селото Иванковци каде се уништени 200 хк под шума класа Л, како формирано земјиште кршење на шума, како и со границата на село Црнилиште, Прилепско, на површина од 150 хектари и на стариот пат Велес-Извор-Прилеп на површина од 200 хектари. Покрај бесправни сечи на територијата на подружница Бабуна Велес имало вкупно 516 пожари при што била зафатена површина од 33.730 хектари. Во изминатиов период развиена е радио-

мрежа преку изградба на 4 базни станици за радио-врски, кои до денес успешно функционираат за општа корист и функција.

**Извор: Монографија на ЈП Македонски шуми 1998 – 2018**

***Минерални ресурси***

Според досегашните истражувања, Општина Велес не располага со значајни количества на минерални суровини. Постојат минерални ресурси кои главно се надвор од синорот на општината. Од неметалите се застапени туларските глини, варовниците, кварцот.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Бројот на активни компании е во опаѓање<br><br>Се намалуваат микро-компаниите, а се зголемуваат малите компании | Треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. Зголемување на микро-компаниите преку стимулирање |
| Постои солидна атрактивна ресурсна основа за развој на транзитниот туризам | Потребна е валоризација, уредување и опремување на локалитети и објекти кои се привлечни за посетителите |
| Мал број на сместувачки и угостителски објекти | Ревитализација на постоечките затворени мотели |
| Туристичката промоција е на ниско ниво | Потребно е да се подобри |
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но обработливоста е релативно слаба | Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини |
| | |
| Намалување на производството на полјоделските култури | Преземање дополнителни мерки за подобрување на производството |
| Сточниот фонд е во опаѓање како по број, така по видови | Поддршка за зголемување на сточниот фонд и видови во исчезнување |
| Пчеларството во општината е во опаѓање | Да се продолжи со стимулативните мерки за развој на пчеларството |
| Недоволна искористеност на шумските потенцијали | Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и во меѓугранска поврзаност со други дејности |

# 4.СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ Комунална инфраструктура и планирање

### Просторна и урбанистичка планска документација

Просторната и урбанистичка планска документација на Општина Велес е во постојана обнова, како и изработка на нова документација, бидејќи претежно се работи за урбана општина. Постоечкиот ГУП е во фаза на ревизија, односно се изработува нов ГУП на град Велес кој е во постапка, со добиени услови за планирање. Општина Велес вкупно е покриена со 98 планови -ДУП-ови.

**Постоечки планови, ажурирани 2023 година (вкупно 33):**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - | **ДУП дел под УБ 39** | | - | **ДУП УЕ12 УБ 59 – Тунел – Хабитат** |
| - | **ДУП Колска** | | - | ДУП Тунел – индустриска зона |
| - | **ДУП Елегант** | | - | ДУП Тунел 2 УЕ12 УБ 58 и УБ 59 |
| - | **ДУП УБ 12, Речани 2** | | - | ДУП Тунел 1, Локалитет А |
| - | **ДУП УЕ 4, УБ 32 – Арилон** | | - | ДУП Трпезица УЕ2, УБ 16, УБ 19 и УБ 20 |
| - | **ДУП УЕ 7, УБ 41** | | - | ДУП Колска |
| - | **ДУП УЕ 6, УБ 36- 9 ти- Ноември** | | - | ДУП УЕ 7, УБ 41 Велклас |
| - | **ДУП Алексо Демниевски и Трајче Панов** | | - | ДУП УЕ5, УБ 34 Колевски |
| - | **ДУП Алексо Демниевски и Васа Кошулчева** | | - | ДУП Пазар УЕ4, УБ 32 и УЕ 9, УБ 47 |
| - | **ДУП Централно градско подрачје, локалитет А** | | - | ДУП УЕ 7, УБ 40 – Брако |
| - | **ДУП Централно градско подрачје, локалитет Б** | | - | ДУП УБ49, Димко Митрев- стар погон |
| - | **ДУП Централно градско подрачје, локалитет Е** | | - | ДУП УЕ 1, УБ 10 Општина |
| - | **ДУП Димитар Влахов, за дел од УЕ 4, УБ 39** | | - | ДУП Талкова |
| - | **ДУП УБ 8** | | - | ДУП за УЕ 7, УБ 38 |
| - | **ДУП Мало Стопанство** | | - | ДУП Младински |
| - | **ДУП УБ 40, индустриска зона локалитет 1** | | - | ДУП Градски парк |
| - | **ДУП УБ 42- локалитет Касарна** | | | |

**ДУП во постапка (вкупно 14):**

| |
|---|
| **- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за бензиска станица 034, дел од УБ 23, УЕ 2** |
| **-Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 43, Урбана единица VII, Општина Велес** |
| **-Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план за УЕ 5 УБ34, Централно градско потрачје на град Велес, опфат помеѓу ул. „8-ми Септември", ул. „Архиепископ Михаил" и ул. „Коле Неделковски", Општина Велес** |
| **-Детален урбанистички план за дел од УБ 36 и дел од УБ 37, УЕ VI, Општина Велес** |
| **-ДУП за централно градско подрачје, дел од УБ 32, дел УЕ 4, Општина Велес** |
| **-Измена и дополна на детален урбанистички план „Димитар Влахов", блок 12, дел од УБ 30, УЕ 4, КО Велес** |
| **- Измена и дополна на Детален урбанистички план Велес-Урбан блок 8, Општина Велес** |
| **-ДУП за УЕ 7 дел од УБ 41, ЦОУ „Васил Главинов"** |
| **-Детален урбанистички план за УЕ 11, УБ 54 Општина Велес** |
| **-Детален урбанистички план за дел од УЕ 10, дел од УБ 51** |
| **-ДУП за дел од УБ 23, УЕ 2 (Железен Мост), ОПШТИНА ВЕЛЕС** |
| **-ДУП за дел од УБ 29, УЕ4 (Сула Чешма), ОПШТИНА ВЕЛЕС** |
| **-ДУП за дел од УБ 48 и дел од УБ 49, УЕ 9, (РАМИНА), ОПШТИНА ВЕЛЕС** |
| **-ДУП за дел од УБ 34, УЕ 5 (Централно градско подрачје) КО Велес, Општина Велес** |

**Додека Предвидени за ажурирање се вкупно 44.**

Или генерално гледано, 91% од вкупниот број планови се ажурирни, во постапка или се земени во предвид за ажурирање.

| Постоечки планови | ДУП во постапка | Предвидени ДУП-ви за ажурирање | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **33** | 14 | 44 | 91 |
| **33,67** | 14,29 | 44,90 | 100 |

Околу 20% од населените места вон градот Велес не се покриени со урбанистичка документација 2, при што има **вкупно на број 19 месни заедници во руралните области.**

**<u>Комунална инфраструктура и услуги</u>**

Комуналната инфраструктура е во тесна врска со заштитата на животната средина, и таа претставува еден од најзначајните фактори од егзистенцијална природа. Во овој поглед водоснабдувањето, одведувањето на атмосферските и пречистувањето на отпадните води овозможува подигнување на квалитетот на живот на населението. Навременото одлагање на сметот, определувањето на локации и уредувањето на депониите претставува услов за негово безбедно санирање. Особено значајно е воведувањето на примарното рециклирање во домаќинствата, како и рециклирањето на опасните материи.

Како главен и одговорен фактор за комуналната инфраструктура е Јавното комунално претпријатие „Дервен“.

Реоните во општина Велес се делат на 10 градски и 15 селски реони. Бројот на месечно обработени сметки, заклучно со 31.12.2022 год. изнесува 18115 сметки.

ЈКП „Дервен“ во текот на 2022 год. ја извршуваше работата со вкупен број од 299 вработени лица и ги обавува следните главни дејности:

- Производство и дистрибуција на вода;
- Одведување на отпадните води;
- Изнесување и депонирање на отпадот;
- Пазар;
- Уредување на градежно земјиште и
- Погребални услуги

**Производство и дистрибуција на вода -** *Водоснабдување*

Водоводот во градот Велес е управуван од страна на јавните водоводни претпријатија ЈКП „Дервен“ во Соработка со ЈП „Лисиче“-Велес и на тој начин се обезбедува квалитетна вода. Но, и во овие средини, а посебно во руралните, проблем се старите и дотраени водоводни мрежи, како и непостојаната контрола на вода. Ваквите состојби упатуваат на потребите од замена на водоводните инсталации и перманентна проверка на квалитетот на вода во руралните средини. Во овој контекст е и прашањето за управувањето и одржувањето на водоводните системи.

Суровата вода што се преработува во фабриката за вода се доведува од акумулацијата „Лисиче“. Суровата вода директно се зафаќа од акумулацијата и преку доводен цевовод со

дијаметар од 1000мм и 700мм и со должина од 21.500 м, се доведува до фабриката за преработка на сурова вода.

Фабриката за преработка на вода е со капацитет од 500 л/сек. Во склоп на фабриката функционира и лабораторија за следење на квалитетот на водата. Водоводниот систем во градот се состои од дванаесет резервоари со капацитет од 7.910м3, водоводни линии со вкупна должина од 111.808 м` изведени од различни видови на материјали, 5 препумпни станици и 17.918 водомери.

Во изминатиот период Општина Велес на ЈКП „Дервен“ Велес ги предаде на управување водоснабдителниот систем за езеро Младост, с.Новачани и водоводниот систем за нас. Порцеланка (Долно Оризари) кои се дел од водоснабдителниот систем на градот, како и новоизградениот водоводен систем за водоснабдување на с. Отовица со постоечката локална водоводна мрежа.

ЈКП „Дервен“ управува и со посебните водоводни системи во с. Караслари, Индустриска зона с. Караслари, с. Црквино, с. Мамутчево, с. Сливник, с. Сујаклари и с. Иванковци. Жителите на с. Иванковци сè уште не дозволуваат да се управува локалниот водоснабдителен систем од страна на ЈКП „Дервен“, за што ќе се превземат правни мерки согласно законската регулатива.

Со превземањето на селските водоводни системи, обемот на работа на сектор Водовод и канализација се зголемува со одржување на водоводни мрежи на оддалечени локации кои не се поврзани со водоснабдителниот систем на градот и се со проценета вкупна должина од 26.922 м`, пет бунари снабдени со пет длабински пумпи, една каптажа, една препумпна станица и шест резервоари со вкупна зафатнина од 930 м3.

За дезинфекција на водата во секој систем има поставено пумпа за дозирање на хлор. На новопревземените водоводни системи има приближно 596 приклучоци.

***Извор: Извештаи на ЈКП Дервен – Велес***

**П Р Е Г Л Е Д на физичкиот обем на производство и услуги за период од I –XII месец 2018-2022 год.**

**(Извештаи ЈКП „Дервен“ по години 2018, 2019, 2020, 2021, 2022)**

| Ред бр. | Вид на производ | | Ед. мера | Остварено | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| 1 | **2** | | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
| **1.** | **Произведена вода за пиење** | | м3 | 5.308.880 | 5.331.840 | 4.839.360 | 5.028.480 | 5.549.261 |
| **2.** | **Продадена вода за пиење** | | м3 | 2.379.430 | 2.460.550 | 2.451.443 | 2.423.909 | 2.493.243 |
| | а) Претпријатија | | “ | 439.984 | 469.236 | 393.633 | 382.990 | 394.358 |
| | б) Домаќинства | | “ | 1.939.446 | 1.991.314 | 2.057.810 | 2.040.919 | 2.098.885 |
| **3.** | **Непри-ходована вода** | | | 2.927.450 | 2.871.290 | 2.387.917 | 2.604.571 | 3.056.018 |
| **3.** | Непри-ходовна вода | Наменски потрошена (Перење, чешми, техн. вода) | м3 | | 375.250 | 45.000 | 67.580 | 66.005 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Технички загуби | | 2.927.450 | 2.496.040 | 2.342.917 | 2.536.991 | 2.990.013 |
| **4.** | **Одведување на вода со канал (Канализација)** | | м3 | 2.146.938 | 2.183.361 | 2.092.565 | 2.059.260 | 2.165.941 |
| | а) Претпријатија | | “ | 420.914 | 423.566 | 286.329 | 282.382 | 333.082 |
| | б) Домаќинства | | “ | 1.726.024 | 1.759.795 | 1.806.236 | 1.776.878 | 1.832.859 |
| **5.** | **Замена на водомери** | | **бр.** | 116 | 111 | 91 | 136 | 276 |
| **6.** | **Изнесување на деп. смет** | | м2 | 33.489.920 | 30.303.226 | 30.982.877 | 32.606.447 | 33.764.771 |
| | а) Претпријатија покриен простор | | м2 | 2.911.311 | 1.742.947 | 1.679.659 | 1.687.683 | 1.883.796 |
| | б) Претпријатија дворно место | | м2 | 5.624.871 | 3.175.691 | 3.201.321 | 3.527.991 | 3.654.803 |
| | в) Индустрија | | м3 | 12.524 | 18.425 | 17.304 | 18 | 17 |
| | г) Домаќинства покриен простор | | м2 | 13.050.000 | 13.070.381 | 13.698.709 | 14.563.200 | 14.523.974 |
| | д) Домаќинства дворно место | | м2 | 11.900.000 | 11.883.357 | 12.403.188 | 12.827.573 | 13.702.198 |
| **7.** | **Собран отпад од пакување** | | Тон | 7.357,0 | 57,6 | 21,6 | 19,4 | 18 |
| **8.** | **Одржување на ЈПП во градот** | | м2 | 13.566.714 | 14.994.399 | 16.705.444 | 15.876.376 | 17.663.621 |
| | - метење и зимско одржување | | м2 | 7.421.160 | 5.649.424 | 7.216.554 | 8.713.376 | 10.559.829 |
| | - перење | | м2 | 9.592.200 | 7.917.290 | 9.488.890 | 7.163.000 | 7.103.792 |
| **9.** | **Одржување на зелени површини** | | м2 | 262.384 | 309.941 | 363.265 | 363 | 371 |
| | Тековното одржување водовод. линии | | бр. | 324 | 403 | 369 | 368 | 276 |
| | Интервенции и дефекти на улична канализација | | бр. | 368 | 386 | 439 | 531 | 374 |

Извор: Извештаи на ЈКП Дервен – Велес




Динамика на снабдување со вода во домаќинствата и претпријатијата во Општина Велес




Податоците се однесуваат на обемот и динамиката на користење на водата во вакви процеси и учеството во вкупната потрошувачка. Најголем дел од произведената вода оди за потребите на домаќинствата.




Од овој преглед се гледа дека просекот на производство на вода во ЈКП „Дервен" се движи меѓу 5.000.000 – 5.500.0000 м3 вода, освен во ковид-годината 2020. Додека количината која се користи од страна на корисниците е под 2.500.000 м3 вода, што е голем диспаритет во однос на производство/користење.

| процент на неприходовена вода | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| 55,14 | 53,85 | 49,34 | 51,80 | 55,07 |

Имено, ова значи дека има големи загуби, односно количини на вода кои не се наплаќаат или изразено во проценти тоа се околу 50-55% од произведената вода.

**Одведување и пречистување на отпадните води**

Должината на главната канализациона мрежа во градот е 70.596м` со приближно 1.818 контролни шахти, три преливни шахти и 16.567 приклучоци по водомери за наплата.

Одведувањето и пречистувањето на отпадни води е плод на развиената комунална инфраструктура, а соодветно и на свеста на населението. Водоснабдувањето од една страна, и одведувањето и пречистувањето на отпадните води од друга страна се взаемно поврзани. Исто така, треба да се констатира дека еден од фундаменталните фактори во заштитата на животната средина е токму реализацијата на овој вид инфраструктура. Водоснабдувањето без одведување и пречистување на отпадните води негативно се одразува врз животната средина и здравјето на жителите.

Во 2022 год., низ канализационата мрежа што ја одржува ЈКП „Дервен" извршено е одведување на 2.165.941 м3 отпадни фекални води, од кои 1.832.859 м3 од домаќинствата и 333.082 м3 од правните лица.

Со одведување на отпадните води не се опфатени населба Горно Оризари, дел од населба Превалец и дел од населба Речани.

Должината на главната канализациона мрежа во градот е 70.596 м`, со приближно 1.818 контролни шахти, три преливни шахти и 16.567 приклучоци по водомери за наплата.

| Ред бр. | Вид на производ | Ед. мера | Остварено | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| 1 | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
| **1** | **Одведување на вода со канал (Канализација)** | м3 | 2.146.938 | 2.183.361 | 2.092.565 | 2.059.260 | 2.165.941 |
| | а) Претпријатија | “ | 420.914 | 423.566 | 286.329 | 282.382 | 333.082 |
| | б) Домаќинства | “ | 1.726.024 | 1.759.795 | 1.806.236 | 1.776.878 | 1.832.859 |

ЈКП „Дервен “ како јавно претпријатие се финансира исклучиво од продажба на вода и извршени услуги. Цената на овие услуги е определена со Одлука на Совет на Општина Велес.

Во Општина Велес нема пречистителна станица и сите канализациони и други води се сливаат во реката Вардар.

**Сектор Комунална хигиена - Износ на смет**

**Основните задачи на овој Сектор се следните:**

- Собирање и транспортирање на комунален и индустриски неопасен отпад од индивидуалните корисници и правните лица;
- Депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад на градската депонија;
- Одржување на градската депонија согласно стандардите за зачувување на животната средина;
- Селектирање на отпад од пакување;
- Чистење на јавно прометни површини (метење и миење) и
- Управување со градските гробишта.

Во изминатата 2022 год. изнесен е отпад со површина од 33.764.771 м2. Од домаќинствата изнесен е отпад со површина од 28.226.172 м2, а од претпријатијата со површина од 5.538.599 м2, од индустрија се изнесени 14.576 м3 комунален отпад (вкупно од редовно и вонредно собирање по повик).

За извршување на овие активности одделението за износ на смет е опремено девет специјални возила (авто-смеќари) со вкупен капацитет од 70м3, две комбинирани специјални возила од 27м3 и 22м3, две специјални возила (авто-подигачи) за транспорт на контејнери од 5-7м и еден автоподигач опремен со грејфер (дигалка) за подигање на подземните контејнери.

За извршување на овие активности Одделението за износ на смет е опремено со три трактори со приколка со носивост до 3 тони кои служат за изнесување на отпадот од повисоките зони на градот каде улиците се тесни и сообраќајот се одвива отежнато.

Од територијата на град Велес и од приградските населби Превалец и Речани комуналниот отпад се собира два пати седмично во ноќните часови. Поради поголемата количина на комунален отпад што се создава на некои улици, отпадот од овие локации се собира секојдневно во утринските и вечерните часови.

Од руралните средини: с. Горно Оризари, с. Клуковец , с. Башино село, с. Чалошево, с. Дурутовец, с. Раштани, с. Бузалково, с. Отовица, с. Сујаклари, с. Мамутчево, с. Караслари и с. Црквино, собирањето на комунален отпад се врши два пати седмично во претпладневните часови.

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на индустриски неопасниот отпад од правните субјекти на територијата на Општина Велес се врши два пати седмично во претпладневните часови.

Во изминатиот период од 2022 год. склучени се договори за исфрлање на отпад со новоотворени правни субјекти на територијата на Општина Велес.

*Табела за собрани количини на отпад по вид:*

| Ред. бр. | Вид на отпад | Годишно за 2022 год (м3) |
|---|---|---|
| 1 | Измешан комунален | 41.219 |
| 2 | Пазари | 7.525 |
| 3 | Пластика | 1.965 |
| 4 | Хартија и картон | 664 |
| 5 | Биоразградлив | 948 |
| 6 | Обраб.финал. кожи | 3.232 |
| 7 | Животинско | 1.701 |
| 8 | Текстилна индустрија | 2.176 |
| 9 | Кујни и кантини | 3.260 |
| 10 | Плочки - крш | 43 |
| 11 | Праш. и згура од котли | 1.070 |
| 12 | Прехранбена индустрија | 1.583 |
| 13 | Струж, глод. метал | 842 |
| 14 | Тутунска индустрија | 5 |
| 15 | Дрвна индустрија | 80 |
| 16 | Отпади | 584 |
| | ВКУПНО: | **66.897 (м3)** |

Покрај горенаведените редовни активности, Одделението Јавна хигиена во склоп на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2022 год. ги изврши следните многу други активности за чистење на диви депонии.

Од наведените податоци може да се забележи дека ЈКП дава услуги во најголемиот дел од населени места во општината.

**Одделение Гробишта**

Во согласност со Законот за гробишта и погребални услуги, како и Одлуката за управување и одржување на градските гробишта бр. 07-5771/3 од 20.11.2008 година усвоена од страна на Советот на Општина Велес на 16.02.2011 година, ЈКП „Дервен“ е назначен за Управител на гробиштата. По склучување на договор со операторите на погребални услуги, ЈКП „Дервен“ ја прекина дејноста „вршење на погребални услуги“.

Во овој период завршено е евидентирањето на гробните места.

Моментално има 3 гробишни локации и тоа:

- гробишта на црква Св. Пантелејмон,
- гробишта на црква Св. Спас и
- Нови градски гробишта кај село Раштани

На новите градски гробишта бројот на гробни места е 1.887 со 1.750 носители на гробни места.

На трите локации на Градските гробишта се врши и редовно чистење на патеките од неорганизирано зеленило и комунален отпад, отпадот од корпите се собира два пати седмично, а гробиштата се чистеа темелно пред верските празници.

Во изминатата 2022 год. извршени се вкупно 540 погреби, од кои 144 погреби на гробиштата кај црквата Св. Пантелејмон, 243 на гробиштата кај црквата Св.Спас и 169 погреби на Новите градски гробишта. Издадени се 618 одобренија за погреб на ниво на Општина Велес.

**Сектор Паркови и зеленило**

Секторот Паркови и зеленило своите активности ги насочува главно кон извршување на работните задачи согласно „Програмата за уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Велес" и „Програмата за реконструкција и подигнување на нови зелени површини на територијата на Општина Велес", кои ги изготвува Општина Велес и ги усвојува Советот на Општина Велес.

Вкупните зелени површини кои ги одржуваше овој Сектор во изминатата 2022 год. изнесуваат 371.065 м2 и тоа:

- Парковски површини ...... 203.647 м2,
- Зелени површини во централно градско подрачје ...... 26.760 м2,
- Зелени површини по улици и скверови ...... 66.931 м2,
- Одржување зеленило во селата ...... 47.427 м2 и
- Влезови во град ....... 23.800 м2

**Пазари**

Одделението Пазари при ЈКП „Дервен" - Велес врши управување и одржување на пазарите на мало во град Велес на следните локации:

- - Градски пазар и
- - Покриен пазар во Нова населба.

Одделението Пазари својата работна ангажираност ја остварува преку обезбедување на услуги спрема корисниците на пазарите, за што располага со следниот продажен простор и опрема :

- - Продажен откриен простор........................................................................ 4068 м2
- - Продажен покриен простор...........................................................................971 м2
- - Деловен простор – дуќани.............................................................................776 м2
- - Деловен простор – канцеларии...................................................................... 50 м2
- - Метални тезги (стари)....................................................................................... 87 тезги
- - Метлни тезги (нови) ….....................................................................................160 тезги
- - Ваги за мерење, комплет со тегови............................................................ 44 броја
- - Голема вага ........................................................................................................ 1 број

Во тек на 2023 г. на површината на откриениот простор се изгради затворен пазар кој се пушти во употреба.

**Акумулациони езера**

Хидросистемот (кој се наоѓа во соседната Општина Чашка) е повеќенаменски објект за водоснабдување на населението во градот Велес и околните места, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на земјоделските површини по течението на реката Тополка на 4.175 ха, како наводнување од акумулацијата „Младост" на уште 1.600 ха од левата страна на реката Вардар.

Градот Велес долги години се снабдува со вода за пиење од изворите и водите на реката Тополка. На оваа река е изградена браната Лисиче висока 66 метри, широка околу 2.400 метри и долга 2.000 метри, преку чија акумулација со вода за пиење се снабдува градот Велес.

По 16-годишните активности за изградба на браната, акумулацијата започнала да се полни во јуни 2007 година.

Акумулацијата опфаќа вкупно 25.000.000 $м^3$ вода што се користи за водоснабдување, наводнување, за потребите на индустријата како и за ревитализација на езерото „Младост“, особено во сушни периоди.

Со дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие „Лисиче“-Велес од Владата на Р.М. бр. 51-3700/1 од 26/07/2011 година, на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, му припаѓаат и акумулацијата Младост и брана Отовица на акумулацијата Младост, како и главен цевковод со делнични цевководи.

Браната на езерото Младост е изградена во 1962 година во почетокот на клисурниот дел на коритото на река Отовица, на неколку стотина метри пред таа да се влее во река Вардар.

Зафатнината на акумулациојата Младост е 8.000.000 м3 вода и нејзината основна намена е да служи за наводнување на околу 1.200 хектари лозови и овошни насади. Близината до Велес од само неколку километри ја прави акумулацијата Младост интересна од спортско-рекреативен аспект.

Зафати за наводнување: Освен наводнувањето директно по течението на река Вардар во општина Велес не постојат други зафати и мали акумулации за наводнување.

**Транспортната инфраструктура во општина Велес**

Транспортната инфраструктура во општина Велес се состои од патниот и железничкиот сообраќај. Анализата ги опфаќа функционалните карактеристики на оваа инфраструктура.

**Патен сообраќај**

Патниот сообраќај ја опфаќа мрежата на патишта, обемот и структурата на регистрираните возила и функционалниот дел кој се однесува на превезени патници по видови превоз.

Постојната патна инфраструктура во општина Велес се состои од околу 141 km. локални патишта, 72 km. асфалт и коцка, 6 km. макадам и 50 km. земјени патишта.

| Велес | Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непробиени |
|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | 141 | 51 | 15 | 66 | 9 |
| **2020** | 141 | 56 | 15 | 61 | 9 |
| **2021** | 141 | 57 | 15 | 60 | 9 |
| **2022** | 141 | 72 | 6 | 50 | 13 |

*Локална патна мрежа, по општини, по години ДЗС*

Големо е учеството на земјани патишта во патната мрежа од Велес. Од вкупно 141 км. патишта во рамки на општината, само 51-72 км. се со асфалт или коцка. Дури 50-66 км. се земјени патишта. Ваквата структура не задоволува.

Меѓуградски автобус - Централната автобуска станица во Велес (во приватна сопственост на еден од автобуските оператори) овозможува помеѓу 50-60 пристигнувања/поаѓања дневно и функционира од околу 5:45 до 21:00 часот.

**Железнички сообраќај**

Велес преставува железнички центар за Македонија. Железничката станица во Велес ги опслужува возовите што поминуваат низ Велес до дестинациите како што се: Скопје, Битола, Гевгелија и Кочани.

Железничкиот сообраќај во Општина Велес е дел од општата слаба развиеност на оваа инфраструктура на државно ниво. Железничкиот сообраќај ја опфаќа мрежата на пруги и превезени патници кои се прикажани во следните табели

| Патници превезени со железница во илјади (000) | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| **Велес** | 21 | 21 | 21 | 17 |

-Извор: ДСЗ

Промет на стока на железнички станици во избрани општини, во тони

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Велес - Вкупно** | **121103** | **70535** | **42975** | **90739** | **31203** |
| **Велес - Натоварено (Т)** | **2019** | **639** | **1817** | **0** | **346** |
| **Велес - Истоварено (Т)** | **119084** | **69896** | **41158** | **90739** | **30857** |

-Извор: ДСЗ

Врз основа на податоците од табелата, може да се види дека во Велес учеството на истоварената стока е многу поголема во однос на натоварената, додека возот како патничко средство го користеле околу 21.000 луѓе, освен во 2022 г. кога железницата се соочи со уште поголемо затворање на патнички линии.

**Електроенергетска инфраструктура**

Населените места во Општина Велес имаат релативно добра покриеност со преносни мрежи за дистрибуција на електричната енергија.

Во општина Велес не се изградени други енергетски системи, односно овде нема системи на топлификации, нафтовод, гасна инфраструктура или пак системи за геотермална енергија. Особено значајно ќе биде за регионот доколку се реализираат проектите за пренос на гас. Планираната гасоводна инфраструктура позитивно би се одразила како на вкупниот енергетски потенцијал, така и на стопанството во целина во Општина Велес.

Основната електропреносна мрежа е составена од далноводи и трансформаторски постројки од 35 и 10 KV кои се поврзани со далноводот од Скопје-Велес-Кавадарци. За трансформација од 110 KV на помали напони се користи главната трафостаница ТС 110/35/10 KV во Велес. Преку локалниот електродистрибутивен систем со расположива разводна мрежа од 423 км. се обезбедува квалитетно и стабилно снабдување со електрична енергија. Сите селски населби во општината се електрифицирани.

**Комуникациска инфраструктура**

Во општина Велес со комуникациската инфраструктура се опфатени поштенскиот, телефонскиот и интернет сообраќајот.

Водењето на телефонските водови во општина Велес е со подземни кабли и поставување на бетонски столбови, а од таму воздушно до телефонските претплатници.

**Интернет, радио, и ТВ покриеност**

Националните радио и ТВ сигнали ги покриваат сите населени места во општина Велес, преку повеќе земски национални мрежи (предаватели). Главни оператори се А1, Македонски телеком, Телекабел, Неотел, но постојат и други кабелски и сателитски телевизии. Моментално работат 2 приватни радио станици и една локална телевизија.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| ГУП за Општина Велес е стар, а постоечките ДУП –ови за голем број на урбани едници се стари и не се ревидирани. Бројот на нови ДУП-ови е мал<br><br>Мал е процентот на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт | Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места, особено за градот и градските урбани единици заради побрз развој на општината |
| Покрај неколкуте индустриски зони во кои егзизстираат најголемиот дел од претпријатијата, во поголем дел не се завршени сите комунални предуслови. Централната поставеност во државата и претставувањето на сообраќаен чвор за државата во сите правци не е искористен и промовиран | Потребно е уредување на индустриските зони со потребната инфраструктура за зголемување на интересот за искористување на можностите на индустриските зони |
| ЈКП ги има превземено сите водоводни системи во населените места, со исклучок на едно населено место, но постојат големи загуби на вода | Согласно закон, ЈКП треба да ги превземе, управува и одржува водоводните системи заради обезбедување на квалитетна вода за пиење |
| Добра покриеност на градот но мала покриеност на населените места со канализациони системи<br><br>Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода. Во градот нема комплетна атмосферска канализација | Потребно е изградба на канализациони системи во поголемите населени места во општината, ставање во функција ПС каде постојат и изградба на нови ПС заради заштита/подобрување на квалитетот на водите<br><br>Потребно е изградба на пречистителна станица со која ќе се сопре загадувањето на реката Вардар |
| Не се искористени можностите на водостопанските инфраструктурни објекти (вештачки езера, зафати за наводнување) (посебно браната „Лисиче“, која иако е во Општина Чашка, најголем корисник е Општина Велес) | Јавното водостопанско претпријатие „Лисиче“ ги превзема, управува и одржува водните системи на територија на Велес и Чашка |
| Отежнат е пристапот на граѓаните, особено од руралните места до Велес. Голем дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена. Не постојат редовни автобуски линии или се многу ретко во денот | Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените и стари лица |
| Сè уште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината, кои најчесто се делумно оштетени | Да се превземат напори за замена на дрвените столбови заради безбедност на граѓаните и непречено снабдување со електрична енергија |

# 5. СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ Социјална инфраструктура

**Образование**

Образовниот систем во општина Велес се состои од организирано предучилишно, основно и средно образование. Постои и високо (факултетско) образование на дисперзираните студи во Велес, на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

| Институција-Установа | Број | Корисна површина м2 | Корисници-просек |
|---|---|---|---|
| Детски градинки | 6 | 5.892 | 1300 |
| Училишта за основно образование | 20 | 26.348 | 4489 |
| Училишта за средно образование | 4 | 16.787 | 2051 |
| Технолошко-технички факултет Велес | 1 | 2.237 | 75 |

(Корисници - просекот е коефициент добиен како просек од последните 5 години)

**Предучилишно образование**

Предучилишното згрижување и образование на територијата на општината е организирано во градот Велес, но и во некои други населени места. Станува збор за Јавната општинска установа за деца, односно детската градинка „Димче Мирчев". Основана е 01.09.1959 г. со Решение на Народен Одбор на град Велес. Во првите години работењето на установата се одвива во еден објект, но со текот на времето се отвараат и други.

Од 1982 година дејноста се врши во 6 организациони едници на територија на општина Велес, кои функционираат и денес. Детската градинка врши дејност и во дуги поросторни услови во општина Градско, градинка во Општина Чашка и градинка во с. Каласлари.

| Објект | Име | Улица | Капацитет | Престо-јуваат | Број на групи | Од кои јаслени се |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | „Маргаритки“ | „Трајко Панов“ бр. 15 | 125 | 128 | 6 | 1 |
| **2** | „Сонце“ | „Тодор Христов Офицерчето“ бр. 1 | 260 | 394 | 14 | 2 |
| **3** | „Детелинки“ | „Тодор Јанев“ бр. 7 | 180 | 218 | 8 | 1 |
| **4** | „Дизни“ | „Благој Ѓорев“ бр. 215 | 120 | 186 | 6 | 1 |
| **5** | „Ѕвездички“ | „Архиепископ Михаил“ бр. 158 | 100 | 162 | 6 | 1 |
| **6** | „Ѕвончица“ | „Коле Цветков“ бр. 6 | 125 | 154 | 4 | 1 |
| **7** | „Кокичиња“ | о. Градско, „Маршал Тито“ бр. 68 | 32 | 32 | 1 | |
| **8** | „Бамби“ | о. Чашка „8-ми Септември“ | 50 | 20 | 2 | |
| **9** | „Пинокио“ | с. Карослари | 40 | 15 | 2 | |
| | **Вкупно** | | **1032** | **1309** | **49** | **7** |

Годишен Извештај пред Совет на ОЈДГ „Димче Мирчев“ за 2022 г.

што се гледа од погорниот преглед, потребите во голема мерка ги надминуваат капацитетите, односно дури 300 деца се повеќе од проектираните капацитети, што укажува на потребата да се отворат нови клонови во градот, со што би се намалил притисокот во постоечките.

Самата градинка, односно сите нејзини 6 градски клона (на општина Велес), располагаат со 5.892 м2 корисна површина.

Дејноста на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Извор: Државен завод за статистика

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1131 | 1203 | 1189 | 1289 | 1304 | 1089 | 1132 | 1161 |
| **Машки** | 589 | 622 | 609 | 648 | 684 | 572 | 596 | 622 |
| **Женски** | 542 | 581 | 580 | 641 | 620 | 517 | 536 | 539 |

Извор: Државен завод за статистика




Како што се гледа, бројот на деца гравитира помеѓу 1.100 и 1.300, при што разликата помеѓу машките и женските деца е мала. Од аспект на бројноста, се гледа пад поради ковидот, но и поради сѐ поголемата миграција на младата популација.

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 145 | 145 | 139 | 151 | 145 | 151 | 154 | 141 |
| **Машки** | 17 | 16 | 16 | 16 | 13 | 12 | 13 | 13 |
| **Женски** | 128 | 129 | 123 | 135 | 132 | 139 | 141 | 128 |

Извор: Државен завод за статистика




Од податоците во табелата може да се види дека бројот на вработени варира околу 140-150, при што женскиот персонал доминира по бројност во однос на машкиот.

Основно образование

| | Број на објекти | Површина |
|---|---|---|
| Училишта за основно образование (централни и подрачни) | 20 | 26.348 |
| Училишта за средно образование | 4 | 16.787 |

(Програма за енергетска ефикасност 2021-2024)

Основното образование на територијата на општина Велес се реализира во 7 основни училишта (13 подрачни) и едно основно музичко училиште, како и во 4 средни од кои едно е гимназија, додека другите се: електро-машинско училиште, хемиско и економско средно училиште.

Состојбата во основните училишта според бројот на деца:

| Општинско основно училиште | Централно училиште | Подрачно училиште | | Подрачно училиште | | Подрачно училиште | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ООУ „Панко Брашнаров“** | **668** | **Башино с.** | **22** | **с. Караслари** | **23** | **с. Чалошево** | **5** | **718** |
| **ООУ „Св. Кирил и Методиј“** | **596** | **с. Црквино** | **22** | **/** | | **/** | | **618** |
| **ООУ „Блаже Конески“** | **1092** | **/** | | **/** | | **/** | | **1092** |
| **ООУ „Васил Главинов“** | **1103** | **с. Превалец** | **48** | **с. Раштани 9** | | | | **1160** |
| **ООУ „Лирија“** | **с. Бузалково 419** | **с. Сливник** | **77** | **с. Клуковец 30** | | | | **526** |
| **ООУ „Рајко Жинзифов“** | **181** | **/** | | **/** | | **/** | | **181** |
| **ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“** | **с. Иванковци 57** | **с. Сујаклари** | **19** | **с. Мамутчево** | **2** | **нас. Отовица** | **7** | **85** |
| **Вкупен број на ученици во основните училишта** | | | | | | | | **4380** |

*Број на ученици во <u>основните</u> општински училишта за учебната 2023/2024 година (22.12.2023)*

Сите овие објекти располагаат со површина од 26.348 м2 и со просечен број на корисници од 5.174 (наставници, техх. персонал и деца).

Извор - (Програма за енергетска ефикасност 2021-2024)

Редовни основни училишта, паралелки, ученици и наставници по работно време, по општина, по пол и по учебна година

| Велес | Паралелки | Ученици - вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|---|
| **2017/2018** | 226 | 4 514 | 2 191 | 2 323 |
| **2018/2019** | 223 | 4 495 | 2 188 | 2 307 |
| **2019/2020** | 223 | 4 474 | 2 171 | 2 303 |
| **2020/2021** | 230 | 4 490 | 2 173 | 2 317 |
| **2021/2022** | 226 | 4 475 | 2 179 | 2 296 |

Извор: ДЗС

| Велес | Наставници - вкупно | Наставници - жени | Наставници - мажи |
|---|---|---|---|
| **2017/2018** | 362 | 269 | 93 |
| **2018/2019** | 361 | 272 | 89 |
| **2019/2020** | 366 | 275 | 91 |
| **2020/2021** | 359 | 267 | 92 |
| **2021/2022** | 346 | 260 | 86 |

Извор:ДЗС

Од податоците во табелата се гледа дека во периодот 2017/2018 г. до 2020/2021 г. бројот на ученици е во континуирано благо опаѓање.

Ученици во редовни основни училишта според припадност кон етничка заедница:

| 2021/2022 | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 4 475 | 2 179 | 2 296 |
| **Македонци** | 3 228 | 1 560 | 1 668 |
| **Албанци** | 582 | 280 | 302 |
| **Турци** | 146 | 81 | 65 |
| **Роми** | 280 | 138 | 142 |
| **Срби** | 3 | 1 | 2 |
| **Бошњаци** | 227 | 116 | 111 |
| **Други** | 9 | 3 | 6 |

Извор: ДЗС

Сите централни градски училишта располагаат со сопствени фискултурни сали, како и сопствени парни системи за греење. Исто така, кај сите се превземени поголем број мерки за енергетска ефикасност спроведени во рамки на проекти за енергеткска ефикасност, финанасирани, во најголем дел од сопствени и/или од донаторски средства.

**Средно образование**

Средното образование во општината Велес е организирано во 4 средни општински училишта од кое оваа година едно е избрано за регионален државен центар, а се работи за стручното училиште од електро-машинската, информатичката и сообраќаната струка ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски". Покрај „Коле Неделковски“, стручни училишта се хемиско училиште „Димитрија Чуповски“, како и средното економско училиште „Јовче Тесличков“. Само „Кочо Рацин“ е класична гимназија со општо образование.

**Број на ученици во средните општински училишта за учебната 2023/2024 година**

| Средно општинско училиште | |
|---|---|
| ОСУ „Јовче Тесличков“ | 182 |
| ССОУ „Димитрија Чуповски“ | 506 |
| ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски" | 876 |
| СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ | 441 |
| Вкупен број на ученици во средните училишта | 2005 |

Извор: Државен завод за статистика

Број на ученици и паралелки по години

| Велес | Паралелки | Ученици - вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 98 | 2 191 | 1 002 | 1 189 |
| 2018/2019 | 93 | 2 034 | 953 | 1 081 |
| 2019/2020 | 91 | 1 944 | 932 | 1 012 |
| 2020/2021 | 94 | 2 054 | 991 | 1 063 |
| 2021/2022 | 96 | 2 036 | 995 | 1 041 |

Извор: Државен завод за статистика

Ако се изземе годината на ковидот - 2020 година, кај сите останати имаме релевантно опаѓање на бројот на средношколци, осбено ако се спорди 2017/2028 во споредба со 2021/2022 г., каде имаме намлување од 158 деца, или за 7,22%.

| Велес –Средно Образование | Наставници-вкупно | Наставници-жени | Наставници-мажи | Наставници со полно работно време-вкупно | Наставници со полно работно време-жени | Наставници со полно работно време-мажи | Наставници со пократко работно време-вкупно | Наставници со пократко работно време-жени | Наставници со пократко од полното работно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 214 | 136 | 78 | 180 | 120 | 60 | 34 | 16 | 18 |
| 2018/2019 | 202 | 124 | 78 | 184 | 115 | 69 | 18 | 9 | 9 |
| 2019/2020 | 191 | 113 | 78 | 172 | 106 | 66 | 19 | 7 | 12 |
| 2020/2021 | 190 | 111 | 79 | 170 | 103 | 67 | 20 | 8 | 12 |
| 2021/2022 | 183 | 109 | 74 | 162 | 95 | 67 | 21 | 14 | 7 |
| 2022/2023 | 189 | 116 | 73 | 167 | 103 | 64 | 22 | 13 | 9 |

Извор: Државен завод за статистика

Намалувањето на бројот на децата се рефлектира и на бројот на наставничкиот кадар каде што од 2017 до 2023 имаме намалување од 25 наставника или 12,7 %.Во однос на структурата мажи и жени , бројот на жени доминира кај наставничкиот кадар.

**КУЛТУРА И СПОРТ**

**КУЛТУРА**

Во средниот век Велес бил крстосница и лулка на културата на Балканот. Тука е напишан првиот драмски текст на македонски јазик од преродбеникот и учител Јордан Хаџи Константинов-Џинот, прв пат во Велес на театарската сцена настапила жена, првата гимназија на Балканот е во Велес и првата библиотека, сито така и првото училиште, првиот музеј, прв социјалист на Балканот - Васил Главинов и.т.н.

Носители на културата во Велес се културните институции како: Народниот музеј, билиотеката, театарот, самата локална самоуправа и др.

**Театар „Јордан Хаџи-Константинов Џинот“**

Познатиот антички – римски театар кој функционирал во древниот град Стоби пред две илјади години е дел од театарската традиција на овие простори. Традицијата ја продолжува просветителот и преродбеник Јордан Хаџи-Константинов Џинот, чии драмски текстови напишани во 1845 година му го обезбедија приматот на основоположник на современиот театарски текст. Во познатиот центар на вековната театарска традиција, во градот Велес, од 1948 година работи професионален театар. Театарот денеска е стожер на културниот живот во Велес, со шест премиери годишно просечно. Особено внимание кај тетарската публика привлекува постојаната актерска екипа, која досега има освоено награди на бројни домашни и меѓународни фестивали. Денеска театарот егзистира во комплетно нова зграда - Центар за култура, во кој е сместен новиот театар.

**Матична библиотека „Гоце Делчев“**

Некогаш првата библиотека во Македонија, денес матична библиотека „Гоце Делчев“ - Велес, веќе 31 година е сместена во центарот на градот, во простор познат како пионерски дом. Матичната библиотека располага со библиотечен фонд од околу 10.000 книги и публикации. Библиотеката се грижи за набавка, обработка и одржување на библиотечниот фонд, негово користење и издавање. Покрај бисерите на македонската, европската и светската литература, таа располага и со мало, роднокрајно одделение во кое се чуваат сите значајни, досега објавени дела посветени на Велес низ историјата. Библиотеката располага и со литература на англиски и француски јазик.

| Година | До крајот на 2021 г. | До крајот на 2022 г. | До крајот на 2023 г. |
|---|---|---|---|
| **Вкупен број на книги во библиотеката за последните три години** | 114 779 публикации | 118 127 публикации | 121 366 публикации |
| **Вкупен број на читатели за последните три години** | 2624 активни членови во текот на годината | 2786 активни членови во текот на годината | 2 643 активни членови во текот на годината |
| **Вкупен број на позајмени книги за последните три години.** | 18 875 | 17197 | 16 408 |

**Народен музеј**

Објектот со специфична градска архитектура што го краси центарот на Велес, е седиште на велешката историја и култура. Овој прв повоен музеј во Македонија е отворен во далечната 1946 година. Сите посетители секој ден, од 8:00-12:00 и од 16:00-20:00 часот, имаат можност да ги видат вредните експонати изложени во археолошкото, историското, етнолошкото и одделението за историја на уметноста. Музејот располага со околу 3.000 експонати, од кои 1000 се изложени во постановките. Особен интерес привлекува етнолошкото одделение каде се изложени раскошни градски и селски носии, како и ентериери уредени според старата велешка архитектура. Интерес привлекуваат и останатите поставки, особено археолошкото одделение кое изобилува со експонати пронајдени на археолошките локалитети во регионот на Велес. Народниот музеј располага и со три спомен-куќи, меморијален комплекс во село Горно Врановци и спомен-костурница. Во рамките на стратегијата за развој, музејот предвидува

отворање и на палеонтолошко одделение во кое ќе бидат конзервирани експонати од времето на палеолитот, со кои изобилува регионот на Велес.

Велес изобилува со стара архитекура, тука се спомен-куќите на Кочо Рацин, Васил Главинов, Јордан Хаџи-Константинов Џинот и на Касапови.

Културни манифестации:

- Меѓународна поетска манифестација „Рацинови средби",
- Меѓународен фестивал на античка драма „Стоби",
- Меѓународен фолклорен фестивал „Велес" и
- Сликарска колонија „Еко- Арт"- Велес.

**Меѓународна поетска манифестација „Рацинови средби“**

Кочо Рацин - синонимот на Велес, синтеза од емоции, разум, бит и космополитност, филозофот, револуционерот и поетот е првиот Македонец кој ја отпечатува збирката песни „Бели Мугри“ на македонски јазик и ги поставува темелите на современата македонска литература и култура.

Од 1964 година Велес е домаќин на поетите од Балканот кои го слават битот на поетскиот збор во родниот град на основоположникот на современата македонска поезија и литература, Кочо Рацин. Покрај презентацијата на поетското творештво во рамките на манифестацијата „Рацинови Средби“ се одржуваат и научни собири посветени на животот и творештвото на Рацин. На манифестацијата традицинално се доделува Рациново призние за најуспешно литературно остварување помеѓу две манифестации, како и почесното Рациново признание кое се доделува за научни трудови, преводи и други дела посветени на творештвото на Кочо Рацин. Секоја година манифестацијата се збогатува со разни содржини како настапи на истакнти музички уметници, изложби, саеми на книги. На нив учествуваат музичари и групи од Македонија и од соседството.

**Мегународен фестивал на античка драма „Стоби“**

Со цел да се зачува традицијата на античкиот театар, со изведба на антички театарски текстови на древната сцена во Стоби, на иницијатива на актерите при велешкиот театар, од 1992 година во летните периоди се одржуваат претстави во античкиот амфитеатар. Од 2001 година оваа традиција прерасна во Меѓународен фестивал на античка драма, која секоја година привлекува сè поголем број на театарски уметници од светот. Фестивалот е атракција не само за велешани, туку и за љубителите на театарот од целата држава, за што сведочи огромниот број на посетители кој се движи меѓу 2.000- 3.000 по претстава. На фестивалот традиционално се доделува наградата за најдобра претстава, наградата за режија како и наградите за најдобри актери. За театарските уметници овој фестивал е можност за креација на вистински спектакли во оживување на текстовите на Софокле, Аристофан, Еврипид и други антички автори.

**Меѓународен фолкорен фестивал „Велес“**

Долгата традиција на негување на македонскиот фолклор во Велес ги поттикна културните работници да го основаат Меѓународен фолклорен фестивал „Велес“. Првото издание на фестивалот се одржа во 2004 година со учество на фолклорни ансамбли од Македонија, Република Бугарија, Словенија, Србија и Црна Гора. Фестивлот го привлече интересот на јавноста со богатиот фолклорен колорит на народите и убавината на народното музичко творештво, што фолклорните ансмбли ги презентираат на повеќе локации во градот. Особено внимание кај посетителите привлекува дефилето на учесниците на фестивалот низ велешките улици.

**Спомен-куќа на Кочо Рацин**



Куќата на еден од најголемите поети во периодот помеѓу двете светски војни, Коста Солев – Рацин, во 1962 година е целосно реставрирана. Приземјето е изградено од камен, на катот доминира фасада со бела боја, а покривот е висок и покриен со керамиди. Двокрилната порта од дрво води во тремот решен како мал простор кој ги спојува катот, фурната, чардаците и грнчарската работилница. Работилницата има голема површина, а во нејзинот под има мала скривница. Чардакот на куќата е споен со фурната. На спротивниот крај чардакот со скали води кон повисок чардак. Во спомен куќата на Рацин денеска се наоѓаат негови оригинални ракописи и голем број други спомени за неговиот живот и дело.

**Спомен-куќа на Васил Главинов**



Спомен-куќата на првиот пропагатор на социјалистичките идеи во Македонија, Васил Главинов, денес е музеј посветен на неговиот живот и дело. Куќата се смета за еден од најубавите белези на старата велешка архитектура. На првиот кат од куќата се наоѓа чардакот, кој од левата страна продолжува во гостинска одаја. Од десната страна на чардакот има две други простории. Гостинската одаја има врата со правилна форма. Прозорците се со хоризонтални и вертикални пречки, а завршуваат во баркона форма. На вториот кат се наоѓа чардак со неправилна форма.

**Спомен-куќа на Јордан Хаџи-Константинов Џинот**



Куќата на еден од најзначајните македонски просветители и преродбеници, Јордан Хаџи-Константинов Џинот, е изградена на левата страна на реката Вардар, во велешкиот сокак. Куќата се одликува со специфична староградска архитектура во која доминираат ѕидови од кршен камен, жолта фасада, дрвени столбови и дрвена ограда со тобозани. Чардакот е динамичен, на три нивоа и во квадратна форма се надвиснува над високиот камен. Поради специфичната староградска архитектура и историското значење на куќата на еден од најголемите преродбеници, Министерството за култура и Заводот за заштита на спомениците на култура ја прогласија оваа куќа за споменик на културата. Општина Велес тековно работи на реставрација на куќата, која ќе биде претворена во спомен-музеј посветен на животот и делото на Јордан Хаџи-Константинов Џинот.

**Градска саат-кула**



Изградена во првата половина на XVI век, кулата во централното градско подрачје служела како осматрачница за отоманските власти. Кон крајот на XVIII век, во периодот на преродбата во Велес, кулата била претворена во градски саат. Оттогаш камбанаријата на саатот е постојан потсетник за времето за граѓаните на Велес. Со својата специфична архитектура, оваа градба од камен со раскошен врв денес е неодминлив симбол на Велес, присутен и на грбот и знамето на градот. Кулата овозможува убав поглед на централното градско

подрачје. Ентериерот кој е израз на древната игра на дрвото и каменот ја прави оваа туристичка атракција уште поинтересна. Градскиот саат, кој им одолеал на вековите, веднаш го привлекува вниманието на љубителите на специфичната урбана архитектура.

**Спомен-костурница**



Импозантниот споменик изграден во 1979 година веднаш над влезот во Велес, од неговата десна страна, е вечен дом на стотина велешки борци кои во втората светска војна загинаа за остварување на вековниот сон за слобода на македонскиот народ. Споменикот, изграден во форма на афионов цвет е дело на академскиот вајар Љубомир Денковиќ и архитектот Саво Суботин од Србија и Црна гора. Во централниот дел на внатрешноста е поставен симболот на слободата во форма на расцветано дрво, додека по сите страни од ѕидовите е распослан најголемиот мозаичен комплекс во Македонија, дело на академскиот сликар Петар Мазев. На вкупна површина од 220 $м^2$, преку една композиција составена од пет слики, авторот ја насликал историјата на македонскиот народ од Илинденската епопеја, преку социјалните превривања меѓу двете светски војни, периодот на народно-ослободителната војна и сенародното востание, сè до победата над фашистичкиот окупатор, повоената изградба на Македонија и слободата како врвна придобивка. Мозаикот е направен од природен и вештачки камен од венецијанска паста, во повеќе бои, преку кои едни од други се одвојуваат симболите и формите.

**Споменици на Кочо Рацин**





Во чест на патронот на велешката гимназија, во неговиот роден град за прв пат му е поставен споменик на Кочо Солев Рацин во 1968 година. Споменикот е дело на академскиот вајар Димко Тодоровски, кој преку натприродната големина на фигурата на Рацин направил обид за претставување на големината на македонскиот народ. Изработен е од глина и излиен е во бронза. Традиционално, секоја година пред него во Велес започнува меѓународната средба на поетите, посветена на делото на ненадминливиот поет и револуционер.

И во центарот на Велес, наспроти градскиот саат, се издига споменик посветен на основоположникот на современата македонска поезија, Кочо Солев Рацин. Споменикот, поставен во 2002 година, е дело на акдемик Томе Серафимовски. Висок е 2,80 метри и тежок е 500 килограми. Фигурата на Рацин е излеана во бронза. Споменикот е донација на македонскиот бизнисмен Трифун Костовски.

**Споменик на Гемиџиите**



На левиот брег на реката Вардар, на уредено плато на кејот се издига споменикот посветен на Гемиџиите. Споменикот е поставен во чест на големиот јубилеј „100 години Илинденско востание - 100 години македонска државност“. Импозантниот споменик висок 6,5 метри, претставува сплет од 12 зраци што ги симболизираат дванаесетмината Гемиџии, кои во предвечерјето на Илинденското востание ги извршија познатите Солунски атентати, во обид да го свртат вниманието на Европа кон македонското прашање. Споменикот е дело на академскиот скулптор Станко Павлевски. Крај споменикот е поставена плоча со имињата на гемиџиите на која е испишана нивната историска порака „Се арчиме за Македонија“.

**Споменик на Панко Брашнар**



Поставен е во новиот дел на градот, на плато во непосредна близина на гарнизонот „Алексо Демниевски - Бауман“. Со пропорционална фигура споменикот го отсликува делото на големиот македонски револуционер и прв претседател на Президиумот на АСНОМ, Панко Брашнар. Споменикот поставен во 2004 година е дело на академскиот скулптор Петар Хаџи-Бошков. Изработен од блок од мермер, споменикот со постаментот е висок над 4 метри. Идејата на скулптурата е да покажува повеќе фази од животот и делото на Панко Брашнар.



**Споменик на велешките илинденци**

„Војвода на коњ“, поставен во центарот на градот, помеѓу градскиот саат и споменикот на Кочо Рацин е посветен на велешките војводи, учесници во ослободувањето на Крушево и создавањето на славната Крушевска Република: Јован Наумов - Алабакот, Александар Димов - Докурчев и Тодор Христов - Офицерчето, како и на сите борци за слобода на Македонија. Монументалниот споменик е дело на академскиот склуптор Ангел Коруновски, излиен е во бронза, тежок два тони и заедно со постаментот е вискок 6 метри.

**СПОРТ**

Од аспект на спортот, активностите на Општина Велес сè повеќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за развој и поддршка на спортовите во подем.

Главни места каде што се одвиваат спортските активности се градскиот стадион, Спортската сала Гемиџии (4.500-5.000 седишта), спортските сали во основните училишта „Блаже Конески“ и „Панко Брашнар“, иако за рекреативен спорт се користат и спортските терени во состав на основните и средните училишта.

Главни спортски манифестации во општина Велес кои се и подржани од самата Општина се:

| 1 | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ |
|---|---|
| 1.1 | Поддршка на спортски турнири и натпревари |
| 1.2 | Вардарска регата „Гемиџии“ |
| 1.3 | Меѓународен велешки пливачки маратон |
| 1.4 | Атлетски маратон |
| 1.5 | Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2024 година |
| 1.6 | Поддршка на ендуро-трка |
| 1.7 | Непредвидени спортски манифестации |
| 1.8 | Поддршка на Европски куп во далечинско пливање |

За развој на спортот значајно е постоењето на повеќе спортски клубови (особено во фудбал и ракомет), за чиешто постоење исто така се одвојуваат опрделени средства од општинскиот буџет. Поддршката на Општина Велес на спортот се протега и врз:

- Поддршка Сојуз на училишни спортови

- Поддршка на општински фудбалски сојуз

- Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица.

Исто така, најголемата финанска поддршка е насочена кон изградба и реконструкција на спортските терени во градот како преку програмата за спорт, така и преку поголем број на други проекти кои се реализираат во текот на годината (пр. реконструкција на игралишетео во населба Тунел, реконструкција на игралиштето во с. Сујаклари во 2023 г., реконструкција на теренот покрај Вардар до средното екомско училиште).

**Здравствена и социјална заштита**

Здравството претставува еден од основните чинители на квалитетот на живот на населението и продолжувач на животниот век, поради што има посебно место во социјалниот развој.

Здравстевениот систем во општина Велес го сочинуваат јавните здравствени установи и приватните здравствени установи.

**Јавни здравствени установи**

Јавни здравствени установи на подрачјето на ФЗОРСМ ПС Велес:

1. ЈЗУ Општа Болница Велес

2. ЈЗУ Здравствен Дом Велес

3. ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес и

4. ЈЗУ Специјална Болница за белодробни заболувања и туберколоза Јасеново (се наоѓа на територија на општина Чашка)

**ЈЗУ Здравстевен дом Велес**

Здравствениот дом (познат како Уред) се наоѓа во централното подрачје на Општина Велес и обезбедува:

- итна медицинска помош и домашно лекување,

- превентивна здравствена заштита за предучилишни и за училишни деца,
- следење на деца со ризик и деца со пречки во развој,
- поливалентна патронажа,
- биохемиско – лабораториска дејност,
- стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст,
- примарна здравствена заштита во рурални средини (села),
- обезбедување со лекови и
- рентген за заби - панорамски 3D рентген апарат со 2D функција

Во рамките на овој дом функционираат уште 13 амбуланти во Велес (од кои 3 се во општина Чашка и една во општина Градско).

**ЈЗУ Општа Болница Велес**

Оваа ЈЗУ е најголемата здравствена установа во Општина Велес.

Болницата во Велес датира од XIX век, позната како турска воена болница од 1860 година, со локација во центарот на градот.

Во 1907 год. била изградена нова воена болница со капацитет од 150 легла, со болнички одделенија, кујна, перална, изолација, санитарни чворови, магацин и капела.

Болницата била лоцирана над воениот гарнизон, на местото на денешна лабораторија.

Во 1958/59 год. е направено првото пообемно реновирање на објектите и купена е нова медицинска опрема. Во 1966 год. е изграден и првиот Б тракт. Во новата болница биле сместени хируршко, гинеколошко-акушерско и нервно одделение, старата болница е реновирана за детско и интерно одделение, а во барака било издвоено инфективното одделение.

До 1975 г. биле доградени А и Ц тракт, а со изградбата на инфективното одделение пет години подоцна, по европски стандарди е заокружен болничкиот комплекс со површина со 34.363м2.

Мали доградби и проширување на просторот направени се на одделението за физикална медицина, болничката аптека и одделениото за урологија во еден објект поврзан со одделението за хирургија.

Со донација на НОРВАК доградени се преку топлата врска (ходник) одделението за хирургија и консултативно-специјалистичките амбуланти, каде на годишно ниво се лекуваат 4.500-5.000 пациенти, а стационарно се згрижуваат од околу 1.800-2.000 пациенти.

Искористеноста на овие одделенија е 75-80%, таму се лекуваат пациенти од Велес и велешко, Кавадарци, Неготино и Свети Николе.

Има амбулати за хирургија, ортопедија, урологија и анастезиологија.

Тука, во продолжение на овие амбуланти е и одделението за дијализа, како една целина.

Исто така, со донација на НОРВАК како доградба е и дневната болница за невропсихијатрија, капелата и чуварата.

Сегашната т.е. моменталната состојба на ЈЗУ општа болница е со капацитет од 268 кревети, распоредени по следните одделенија:

| ОДДЕЛЕНИЈА | |
|---|---|
| | |
| - | **Инфективно одд. - 26 бол. кревети** |
| - | **Невропсихијатрија - 32 бол. кревети** |
| - | **Одделение за физикална медицина 24 бол. кревети** |
| - | **Детско одделение - 35 бол.кревети** |
| - | **Одделение за општа и абдоминална хирургија - 20 бол. кревети** |
| - | **Одделение за ортопедија и трауматологија - 15 бол. кревети** |
| - | **Урологија (одделение за урогенитална хирургија) - 10 бол. кревети** |
| - | **Гинекологија и акушерство - 32 бол. кревети** |
| - | **Интерно одделение - 37 бол. кревети** |
| - | **Одделение за анестезиологија и реанимација - 5 бол. кревети** |
| - | **Одделение за очни болести - 6 бол. кревети** |
| - <br> - | **Одделение за болести за уво, нос и грло - 6 бол. кревети** |

*(Извештај ЈЗУ 2024)*

Во склоп на Болницата спаѓаат и следните оддели:

- Лабораторија,

- Рентген дијагностика,

- Болничка аптека и

- Патологија.

Вкупниот број на вработени во ЈЗУ општа болница изнесува 314, од кои 56 доктори специјалисти, 262 медицински персонал и 52 административни работници.

**Приватни здравствени установи**

Покрај во ЈЗУ, граѓаните добиваат медицински услуги и од приватни здравствени амбуланти, односно матични лекари, стоматолози, приватни лабаратории, интернисти и гениколози. Во Општина Велес ги има следниве ПЗУ:

- 30 ординации по општа медицина,
- 32 стоматолошки ординации,
- 6 гениколошки ординации,
- 4 интернистички ординации,
- 4 лаборатории,
- 12 аптеки со 25 работни единици во градот и поголемите населени места, како и во соседните општини Градско и Чашка.

**Социјална заштита**

На подрачјето на општина Велес работи јавна меѓуопштинска установа - Центар за социјална работа. Согласно нивната евиденција, во табелата е даден бројот на корисници на гарантирана минимална помош по години (корисници кои се материјално необезбедени и без примања).

| Корисници на гарантирана минимална помош | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|---|
| **Носители на домаќинства** | 1125 | 1672 | 1890 | 1882 |
| **Носител на домаќинство – жена** | 613 | 791 | 834 | 851 |
| **Членови на домаќинства** | 4153 | 5023 | 5647 | 5636 |
| **Возраст на најзастапени корисници (во години)** | од 46 до 59 г. | од 46 до 59 г. | од 46 до 59 г. | од 46 до 59 г. |

*Центар за социјална работа Велес (податоците се однесуваат на Општина Велес, Чашка и Градско)*

Од табелата се гледа дека бројот на носители на домаќинства кои користат гарантирана минимална помош се зголемува и овој скок е најголем во 2020 г., но спредебено 2019-2022 г. овој процент е 40,22 %. Кај носители на домаќинство - жена исто така има зголемување - прку 240 носители, или 28%. Исто така и бројот на членови на корисници на домаќинства за 4 години се зголемил скоро за 1.500 или за 26% од (4.153-5.636).

Кај корисниците кај социјалната помош имаме 3.688 полнолетни и 493 малолетни приматели на социјална помош по рачлични основи, или 4.181 лица за 2022 година.

**Полнолетни корисници на социјална заштита, состојба на 31 декември 2022 година**

| Велес | Вкупно | Социјално исклучени | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со телесен инвалидитет | Лица со пречки во менталниот развој | Лица со комбинирани пречки во развојот | Материјално необезбедени | Стари лица | Други корисници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 2022** | **3.688** | 43 | 12 | 3 | 68 | 106 | 38 | 66 | 404 | **2 948** |
| **Учество %** | | 1,17 | 0,33 | 0,08 | 1,84 | 2,87 | 1,03 | 1,79 | 10,95 | **79,93** |

Извор: Државен завод за статистика

Од податоците во табелата може да се увиди дека најголем дел од полнолетните приматели на социјална помош не се лицата со инвалидитет или старите лица, туку невработените или лицата со многу мали примања; во проценти тоа се 79,93%, односно полето од табелата „Други корисници".

**Малолетни корисници на социјална заштита, состојба на 31 декември 2022 година**

| Општини | Вкупно | Деца без родители и родителска грижа | Проблеми во бракот и семејството | Деца во ризик | Деца во судир со законот | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со пречки во вербалната комуникација | Лица со телесен инвалидитет | Лица со пречки во менталниот развој | Аутизам | Лица со комбинирани пречки во развојот | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно 2022 | **493** | 34 | 100 | 44 | 43 | 1 | 10 | 3 | 46 | 48 | 22 | 72 | 70 |
| Учество % | | **6,90** | **20,28** | **8,92** | **8,72** | **0,20** | **2,03** | **0,61** | **9,33** | **9,74** | **4,46** | **14,60** | **14,20** |

Извор: Државен завод за статистика

Најголем дел од малолетните приматели на социлна помош се деца од проблематични бракови - 20,28% и лица со комбинирани пречки во развојот - 14,20 %.

Општина Велес, согласно законските надлежности, доделува еднократна парична помош преку Програмата за активности на Општина Велес во областа на социјалната заштита.

| Ред. бр. | Причина за барање на еднократна парична помош од Општина Велес | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тешка финансиска состојба | 27 | 39 | 30 | 23 |
| 2 | Пречки во развојот | 27 | 27 | 25 | 43 |
| 3 | Лекување | 30 | 40 | 30 | 84 |
| 4 | Самохран родител | 8 | 7 | 10 | 6 |
| | ВКУПНО | 92 | 113 | 95 | 156 |

Извор: Општина Велес, Одделение за култура, образование и социјала

Доделување еднократна парична помош или помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства кои се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, заради задоволување на потребите за овие лица.




Од податоците во табелите може да се заклучи дека освен лекувањето, како причина кога се бара оваа еднократна парична помош е доделувањето на лица со тешка финансиска состојба (лица без работа, лица со мали примања). Бројот на лицата кои се нашле во тешка финансиска состојба во периодот од 2019 до 2022 година е во пораст, што највероватно се должи на Ковид-19 пандемијата и економската криза, иако во 2021 г. имаме одреден благ пад, но во наредната година има уште поголем пораст.




| Ред. бр. | Баратели на еднократна парична помош по пол | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Мажи | 35,00 | 78,00 | 30,00 | 62,00 |
| **2** | Жени | 57,00 | 35,00 | 65,00 | 94 |

Од аспект на половата структура, од податоците од табелата може да се констатира дека поголем број на баратели се од женски пол, освен во 2020 - годината на ковид, кога бројот на мажи-баратели е повеќе од 100 во однос на жените.

Од табелите може да се заклучи дека бројот на барања за еднократна парична помош за лекување во 2022 година е зголемен за повеќе од 100%.

**Домување**

Домаќинствата и становите се анализирани за период од 2021 година и истите се дадени во следната табела:

| Општина Велес (2021 година) | Вид на живеалиште - ВКУПНО | Станбена зграда | Нестанбена зграда | Зграда за институционално домување |
|---|---|---|---|---|
| Број на живеалишта | 11.418 | 11.361 | 56 | / |
| Лица кои живеат во живеалиштата | 48.463 | 48.445 | 15 | / |

| Попис 2021 | Вид на живеалиште - ВКУПНО | | Станбена зграда | | Нестанбена зграда | | Зграда за институционално домување | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на живеалишта | Лица кои живеат во живеалиштата | Број на живеалишта | Лица кои живеат во живеалиштата | Број на живеалишта | Лица кои живеат во живеалиштата | Број на живеалишта | Лица кои живеат во живеалиштата | Број на живеалишта | Лица кои живеат во живеалиштата |
| **Велес** | **11.418** | **48.463** | **11.361** | **48.445** | **56** | **15** | **-** | **-** | **1** | **3** |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2022 г.

**Граѓанско општество**

На подрачјето на општина Велес постојат и активно работат следните невладини организации, здруженија, клубови, сојузи и други:

| | 1. ГРАЃАНСКИ СЕКТОР | | | КАЈАКАРСКИ КЛУБОВИ и РЕГАТА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Друштво на родители за грижа за здраво поколение (Зелена Коалиција) | | 1 | Кајак клуб |
| 2 | Еколошка групација „Green power“ (Зелена Коалиција) | | 2 | „Бабуна”, Велес |
| 3 | Фондација за локален развој и демократија „Фокус”, Велес | | 3 | Спортско здружение |
| 4 | (Зелена Коалиција) | | 4 | Кајак-кану клуб „Арка-Борец”, Велес |
| 5 | Здружение Извиднички одред „Димитар Влахов” (Зелена Коалиција) | | 5 | Здружение Кајакарски кану клуб „Вардар”, Велес |
| 6 | Здружение за безбедност на вода и планина „Македонски Спасител” | | 6 | ЗГ Кајак кану клуб „Гемиџии 903”, Велес |
| 7 | ЕД „Вила Зора” | | 7 | Кајакарски кану клуб „Вила Зора” |
| 8 | Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес | | 8 | Здружение Вардарска регата „Гемиџии”, Велес |
| 9 | Стрип Центар на Македонија - Велес | | | **МОТО И ВЕЛО КЛУБОВИ и ЗДРУЖЕНИЈА** |
| 10 | Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености | | 1 | ЗГ „Велес Бајкинг”, Велес |
| 11 | (Зелена Коалиција) | | 2 | ЗГ Мото клуб „Мото Велес” |
| 12 | Центар на активни граѓани „Активо” | | 3 | Младински Велосипедски Клуб „Велес”, Велес |
| 13 | Здружение на глуви и наглуви | | 4 | „Велес фри бајкинг” |
| 14 | Здружение на слепите лица на општина Велес | | 5 | „МК Ендуро Теам Велес” |
| 15 | Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општина Велес, Чашка и Градско „Мобилност”, Велес | | | **РИБОЛОВНИ КЛУБОВИ** |
| 16 | Организација на жените на општина Велес | | 1 | Здружение на Спортско-рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес |
| 17 | ДПЛПП „Зрак” | | 2 | Здружение Спортско рекреативен риболовен клуб |
| 18 | ЗГ „Велес Бајкинг”, Велес | | 3 | ЗСРРК „Професионал тим”, Велес |
| 19 | Младински велосипедски клуб „Велес“ | | 4 | Здружение на рекреативни риболовци |
| 20 | Планинарско друштво „Чеплес“ | | 5 | Спортски клуб „Металург“, Велес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **21** | Спортско Планинарско Друштво „Зелен Рај", Велес | | **6** | Здружение на спортски риболовци „Бабуна" |
| **22** | Мото Клуб „Мото Велес" | | | **КОШАРКАРСКИ КЛУБОВИ** |
| **23** | „Велес фри бајкинг" | | **1** | ЗГ Кошаркарски клуб „Борец баскет" |
| **24** | Здружение „Разбој" | | **2** | Кошаркарски клуб „Вила Зора" |
| **25** | Здружение Вардарска регата „Гемиџии", Велес | | | **ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ** |
| **26** | Фондација за култура „Ангел Петров", Велес | | **1** | Фудбалски клуб „Тополка" |
| **27** | ЗГ „Ромска сила" | | **2** | Фудбалски клуб „Превалец" |
| **28** | ЗГ „Обезбеди живот" | | **3** | Фудбалски клуб „Младост" |
| **29** | ЗГ Црковен хор „Св. Великомаченик Пантелејмон" | | **4** | Фудбалски клуб „Интернационал" |
| **30** | ЗЗЖ „Гласот на животните" | | **5** | Фудбалски клуб „Илинден БС" |
| **31** | „Lollypop", Велес | | **6** | Фудбалски клуб „Горски" |
| **32** | ЗГ „Акцијаш - Ветерани", Велес | | **7** | Фудбалски клуб „Форца нова" |
| **33** | ЗГ „Попи" | | **8** | Фудбалски клуб „Јени Бирлик 2021", Велес |
| **34** | ЦПЛПИ „Порака" | | **9** | Женски фудбалски клуб „Борец" |
| **35** | „Transparent Future" | | **10** | Акционерско друштво Фудбалски клуб „Борец 1919" |
| **36** | „МК Ендуро Теам Велес" | | **11** | Фудбалски клуб „Борец Јуниор" |
| **37** | Клуб на писатели „Коста Солев Рацин" | | **12** | Клуб за мал фудбал „Кеги мобил" |
| **38** | „Лајонси" Велес | | **13** | ЗГ Спортска академија „Јуниор", Велес |
| **39** | „Ротари" клуб, Велес | | | **РАКОМЕТНИ КЛУБОВИ** |
| **40** | Здружение Центар за Кинезиологија, Велес | | **1** | ЗГ Машки ракометен клуб |
| **41** | Здружение на граѓани за заштита и одгледување на благородни птици и птици пеачки „Канаринец", Велес | | **2** | „Борец 1950", Велес |
| **42** | ЗГ „Бирлик Јекипе", Велес | | **3** | ЗГ Ракометен клуб „Велес 2009" |
| **43** | Здружение „Распеани велешани" | | **4** | Ракометен Клуб „Бисинов - Вардар" |
| **44** | Здружение на граѓани од културата и уметноста „Арт Окарина", Велес | | **5** | Градски Ракометен Клуб ГРК „Борец" АД Велес |
| **45** | Здружение на граѓани друштво за музичко-сценска уметност и спорт Балетско студио „Анабела", Велес | | | **ОДБОЈКАРСКИ КЛУБОВИ** |
| **46** | Фондација „Импакт Нет", Велес | | **1** | Женски Одбојкарски Клуб „Виола" |
| **47** | Здружение на граѓани Хуманитарно Едукативно Добротворно Здружение на Роми „Романе – Берша", Велес | | **2** | Женски Одбојкарски Клуб ЖОК „Борец" |
| **48** | Здружение на Хрвати „Веритас Кроација" | | **3** | ЗГ Градски Одбојкарски Клуб ГОК „Борец", Велес |
| **49** | Здружение на граѓани „Папрадишки мајстори", Велес | | | **ТЕНИСКИ КЛУБОВИ** |
| **50** | Здружение на граѓани музучари Градски камерен оркестар – Велес | | **1** | ЗГ Тениски клуб „Борец" Велес |
| **51** | ЗГ „Амета" Ресурсен центар, Велес | | | **ПИНГ-ПОНГАРСКИ КЛУБОВИ** |
| **52** | ЗГ Младинско драмско поетско студио „Премиера", Велес | | **1** | Здружение пингпонгарски клуб „Борец-Тим" |
| **53** | Општинска организација на Црвен крст, Велес | | **2** | Пингпонгарски клуб „Патриот Галакси" |
| **54** | ЗГ Мовембер | | | **ПАРАГЛАЈДИНГ КЛУБОВИ** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **55** | Здружение „Балкански музички центар – Македонија”, Велес | | **1** | Параглајдинг клуб „Аквила” |
| **56** | Здружение на граѓани за еколошко одржување на водите „Иванковци”, с. Иванковци, Велес | | | **КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ** |
| | **СОЈУЗИ** | | **1** | Меѓуопштинско Здружение на лица со телесен инвалидитет на Општина Велес, Чашка и Градско |
| **1** | Сојуз на спортови | | **2** | ЗТИЛ „Мобилност”, Велес |
| **2** | Општински фудбалски сојуз, Велес | | | **ПЛИВАЧКИ КЛУБОВИ и ЗДРУЖЕНИЈА** |
| **3** | Сојуз на училишен спорт, Велес | | **1** | Здружение за спорт и рекреација „Клуб 28” |
| **4** | Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди, Велес | | | **КЛУБОВИ ЗА ГИМНАСТИЧКИ СПОРТОВИ** |
| | **БОРЕЧКИ КЛУБОВИ и ЗДРУЖЕНИЈА** | | **1** | Клуб за гимнастички спортови „Партизан” |
| **1** | Карате клуб „Гемиџии” | | | **АТЛЕТСКИ КЛУБОВИ** |
| **2** | Карате клуб „Гладијатор” | | **1** | Атлетски клуб „Изгрев” |
| **3** | Карате клуб „Бушидо” | | **2** | Атлетски клуб „Велес” |
| **4** | Здружение карате клуб „Будо”, Велес | | **3** | ЗГ Атлетско рекреативен клуб „Борец”, Велес |
| **5** | Спортски Клуб за бразилско џиу џицу „Будо”, Велес | | | **СТРЕЛАЧКИ КЛУБОВИ** |
| **6** | Спортски клуб Кик бокс клуб „Будо”, Велес | | 1 | Стрелачки клуб „Велес” |
| **7** | Боречки клуб „Велес” | | | **ШАХОВСКИ КЛУБОВИ** |
| **8** | Боречки клуб „Борец” | | 1 | Здружение на граѓани Градски шаховски клуб „Велес”, Велес |
| **9** | Железнички Боречки клуб „Борец”, Велес | | | **ЗДРУЖЕНИЈА НА СПОРТСКИ ВЕТЕРАНИ** |
| **10** | Боксерски клуб „Велес” | | 1 | Здружение на спортски ветерани „Велес”, Велес |

Ова е само една скратена листа на поактивните невладини организации, за ралика од вкупниот број на регистрирани невладини организации. Општ заклучок е дека невладините организации повремено се активни. Нивната активност е тесно поврзана со финансиски средства (финансиска поддршка) за реализација на нивните програмски активности. Поради тоа потребно е да се обезбеди финансиска поддршка за реализација на програмските цели, согласно надлежностите и приоритетите на општината.

**Клучни наоди**

| | |
|---|---|
| **Во поголемите рурални средини постои згрижување на децата во градинки/центри за ран детски развој, но не во сите рурални средини во општината** | Треба да се отвораат установи за детско згрижување, посебно во руралните средини каде што нема отворено, како подрачни единици на главниот центар ОЈДГ „Димче Мирчев“ |
| **Намален број на ученици во основно и во средно образование** | Задржување на младите во општината преку подобрување на условите за вработување. Потребно е стимулирање на млади бракови и раѓање во помлади години. |
| **Намален број на ученици во средно образование** | Отворање на стручни насоки во средното училиште за полесен пристап до пазарот на |

| | |
|---|---|
| | труд, но и отворање на паралелки со современи насоки и професии кои се бараат на пазарот на труд |
| **Недоволен број на културни манифестации во општината, како и креирање на други забавни содржини и места за собирање на младите** | Поддршка во одржување на постојните културни, традиционални и фолклорни манифестации и востановување нови манифестации |
| **ЈЗУ не ги пружа сите медицинска услуги за поголем број други болни, особено строго специјалистички услуги, со што притисокот се префрла врз Скопските клиники** | Да се обезбеди соодветен кадар и опрема за давање на повеќе услуги во ЈЗУ во Велес |
| **Недостасуваат здравствени установи во руралните населени места** | Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи во руралните средини од примарно здравство, амбуланти |
| **Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата** | Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица, приматели на социјална помош |
| **Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ - пречки во развојот на лицата** | Воведување на мерки за постојана парична помош, односно личен асистент кај семејстата кои имаат член со пречки во развојот |
| **Недоволна активност на невладините организации** | Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината. |
| | |

# 6. СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ - Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

**Заштита на животната средина**

Заштитата на животната средина претставува еден од клучните сегменти за локалниот развој на заедницата. Нејзините карактеристики се придобивки за заедницата кои ги наследува, користи, но и отстапува на наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е значаен фактор што го унапредува квалитетот на живеење на сегашните и на наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е во функција на развој на економијата, посебно на туризмот. Со користење на обновливи извори на енергија се постигнува урамнотеженост на енергетскиот биланс и перспективите во областа на економијата, а со тоа и на вработувањето.

Природното наследство содржи развојна и културно - морална димензија.

Состојбите на животната средина се однесуваат на тоа во која мерка успеваме да се справиме со депонирањето на комуналниот отпад, но и на други отпадни материи, квалитетот на водата, воздухот и почвата и заштитата на вредностите на природата.

***Управување со отпад***

Во Општина Велес има две активни депонии, во непосредна близина на Велес. Заради долгиот временски период на користење на депонијата, истата почна да претставува сериозен проблем.

Одделот Депонии ги одржува двете општински депонии:

- Градска депонија за комунален и индустриски неопасен отпад и
- Депонија за градежен отпад и шут.

Комуналниот и индустриски неопасниот отпад на градската депонија се третираат со булдожер, а покривањето на отпадот со земја се врши со ровокопач - багер за ископ на земја и со трактори.

Во одделот за складирање и третман на отпад во текот на 2022 година секојдневно, освен во недела, се собираше хартија и картон од правни субјекти по претходно утврдена рута, која е проширена во однос на почетната од септември 2016 година. Преку една седмица во месецот се собира отпад од пакување (картон, пет амбалажа, лименки и слично) од домаќинствата кои во изминатите години имаат добиено жолти канти. Собраниот отпад се селектира, балира, складира и предава на овластен откупувач на отпад од пакување, со кој ЈКП „Дервен“ има склучено Договор за соработка. Во изминатиот период, од 2022 година предадени се 18 тона отпад од пакување (хартија, пет амбалажа и најлон), а собрани се и 43 тони стакло.

Депонијата е оградена, а отпадот кој се депонира се третира со земјена покривка, заради што во последните години често е запалена и претставува сериозен безбедносен проблем од повеќе аспекти. Состојбата е слична и со дивите депонии на подрачјето на општината. Состојбата со депониите налага оптимално решавање на проблемот. Пред сè се мисли како на примарна селекција на отпадот, но и на организирано подигнување на отпадот од што поголем број на населени места во општината.

***Собран и создаден отпад***

Во изминатата 2022 година изнесен е отпад од 33.764.771 м3 . Од домаќинствата изнесен е отпад од 28.226.172 м3, а од претпријатијата е изнесен отпад од 5.538.599 м3, од

индустрија се изнесени 14.576 м3 комунален отпад (вкупно од редовно и вонредно собирање по повик).

За извршување на овие активности одделението за износ на смет е опремено со девет специјални возила (авто смеќари) со вкупен капацитет од 70м3, две комбинирани специјални возила од 27м3 и 22м3, две специјални возила (авто подигачи) за транспорт на контејнери од 5-7м3 и еден автоподигач опремен со грејфер (дигалка) за подигање на подземните контејнери. За извршување на овие активности одделението за износ на смет е опремено со три трактори со приколка со носивост до 3 тона, кои служат за изнесување на отпадот од повисоките зони на градот каде што улиците се тесни и сообраќајот се одвива отежнато.

Табела за собрани количини на отпад по вид:

| Вид на отпад годишно (м3) | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Измешан комунален** | 41.219 | 46.330 | 45.697 |
| **Пазари** | 7.525 | 8.825 | 9.505 |
| **Пластика** | 1.965 | 2.105 | 1.903 |
| **Хартија и картон** | 664 | 1.005 | 1.405 |
| **Био-разградлив материјал** | 948 | 675 | 915 |
| **Обработени финално кожи** | 3.232 | 3.274 | 1.966 |
| **Отпад од животинско потекло** | 1.701 | 1.845 | 1.835 |
| **Текстилна индустрија** | 2.176 | 2.369 | 2.006 |
| **Кујни и кантини** | 3.260 | 3.325 | 2.749 |
| **Плочки - крш** | 43 | 75 | 98 |
| **Прашина и згура од котли** | 1.070 | 1.050 | 590 |
| **Прехранбена индустрија** | 1.583 | 1.695 | 1.900 |
| **Струготини, глодан метал** | 842 | 873 | 610 |
| **Тутунска индустрија** | 5 | 10 | 5 |
| **Дрвна индустрија** | 80 | 140 | 146 |
| **Отпади** | 584 | 574 | 513 |
| **ВКУПНО:** | 66.897 | 74.170 | 71.843 |

(Годишни извештаи на ЈКП „Дервен“)

На двете депонии се води дневен и месечен извештај за количината на депониран отпад. Редовно се доставуваат транспортни и идентификациони формулари за количината и видот на отпадот од правните субјекти кои создаваат индустриски неопасен отпад.

Од територијата на град Велес и од приградските населби Превалец и Речани комуналниот отпад се собира два пати седмично, во ноќните часови. Собирањето, транспортирањето и депонирањето на индустриски неопасниот отпад од правните субјекти на територијата на Општина Велес се врши два пати седмично во претпладневните часови.

Во следната табела е прикажан физичкиот обем на собран отпад кој е депониран на депониите а е собран од тарифираните површини.

| Години | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Износ на депониран смет м2** | **33.489.920** | **30.303.226** | **30.982.877** | **32.606.447** | **33.764.771** |




Од наведените податоци може да се забележи дека годишните количини на собран и депониран смет се во благ пораст, споредено со ковид-годините 2019 и 2020г.

**Водни ресурси**

Хидрографската состојба се однесува на количеството и квалитетот на површински води кои главно зависат од појавата, времетраењето и интензитетот на врнежите.

Површински води во општина Велес се реките и вештачкото езеро. Поголеми реки во општината се Вардар и реките Тополка и Бабуна кои се вливаат во Вардар, во непосредна близина на градот Велес. Вештачко езеро е езерото Младост во непосредна близина на Велес и на Отовичка река, која е со мал воден капацитет и затоа со изгрдбата на браната „Лисиче“ (на река Тополка во општина Чашка), се продолжи цевководот не само до фабриката за вода во градот Велес, туку еден крак и за дополнување на езерото Младост во критичните летни месеци.

Системите за водоснабдување користат води од главните водотеци, односно од реките Вардар, Бабуна и Тополка, од езерото Младост и води од подземни извори и чешми. Со завршувањето на браната „Лисиче“ се надмина проблемот за водоснабдување на општината, а посебно на градот Велес. На градскиот водоснабдителен систем е приклучен градот Велес со населбите Порцеланка и Превалец, село Горно Оризари и село Новачани со викенд населбата на Езеро Младост.

Годишниот просечен проток на Бабуна изнесува 4,65 m3/s, на Тополка 2,41 m3/s и на Отовица од 1,31 m3/s. Останатиот непосреден слив во реката Вардар од левата страна изнесува 1,31 m3/s, а од десната страна 0,3 m3/s. Просечниот годишен проток на реката Вардар кај водомерната станица кај градот Велес изнесува 83,1 m3/s.

Водоводите во селата, а кои со одлуки на Советот на Општина Велес се дадени на управување на ЈКП „Дервен“ испорачуваат безбедна вода за пиење до жителите, со квалитет што одговара на законските прописи. Тука спаѓаат водоводите во селата Сујаклари, Црквино, Мамутчево, Сливник, Сопот, Иванковци и Караслари.

Останатите села: Раштани, Кумарино, Башино село и Чалошево се снабдуваат со вода од водоснабдителни системи управувани од страна на водни заедници или месни заедници и испорачуваат небезбедна вода за пиење. Тие во иднина треба да се преотстапат на ЈКП „Дервен“.

Во селото Бузалково, кое е со поголем број на жители а и во селата Сопот и Џидимирци кои се со помал број на жители воопшто нема водоснабдителни системи, а населението самостојно, преку бунари се снабдува со вода за пиење.

Доколку нема канализационен систем, собирање се врши во септички јами, но начинот и местото на празнење не е регулирано во општината. Канализациони системи нема во селата Бузалково-дел, Горно Оризари зона 1 и 2 и Сопот.

Општина Велес има изградено канализациони системи за отпадни води во градот и поголемите населени места во општината, но не и пречистителни станици за третман на отпадните води. Согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води, реката Тополка, реката Бабуна и Отовичка река одговараат на 2 класа, а реката Вардар на потегот од Скопје преку Велес до вливот на Црна река, во овој дел припаѓа на 3 класа.

**Почва**

Општина Велес, согласно територијалната поделба на општините од 2004 година, располага со вкупна површина од 427,45 км2. Вкупната земјоделска површина изнесува 5.108,87 хектари од кои што ораници, бавчи и куќни градини се 3.989,23 хектари, ливади 176,48 хектари, пасишта 159,16 хектари, овоштарници 104,7 хектари, лозја 678 хектари и расадници 1,30 хектари. Распределбата на вкупната површина на земјиштето во општина Велес изнесува 4,3%, градот, 43,7% пасишта, шуми 25,7% и обработливо земјиште 26,4%. (Извор: Државен Завод за статистика, попис на земјоделство 2007 година).

За општина Велес може да се каже дека има релативно чисти почви, освен во околината на градот и селата кои се наоѓаат во непосредна близина на самиот град. Како главен загадувач на почвата во Велес и околината е тридецениското работење на Топилницата за олово и Цинк-Злетово.

Анализирано присуство на кадмиум и олово во зелен лук и кромид од велешки бавчи:

***(Од трудот „Дистрибуција на тешки метали во некои зеленчуци произведени во близина на Топилницата за олово и цинк“ на Трајче Стафилов, Златко Панчевски, Катерина Бачева)***

*„Примероците од последните истражувања утврдија дека практично нема зеленчуци без високи концетрации на метали. Референтната граница за присуство на метали е надмината и во примероците од кромид, лук, марула, ротквица, брокула, цвекло, т.н. ледена свеќа... Ова е недопустливо. Ги мина и нашите очекувања. Ние сега подготвуваме и официјално да ги објавиме тие резултати. Станува збор и за миени зеленчуци без остатоци од земјена прашина. Ова значи, според нашиот Правилник за општите барања за безбедност на храната, зеленчуците од овој регион веднаш треба да се забранат за продажба и консумација! Се работи за почви кои се загадени со кадмиум, олово и цинк. Со користење холандски параметри, веќе признати на ниво на Европа“* - појаснува професорот Стафилов. Така, се добиваат следните резултати:

Анализирано количество метали во почви од четири локации во Велешко:

| Метал | Локација 1 | Локација 2 | Локација 3 | Локација 4 | Референтна граница (Холандски стандард) |
|---|---|---|---|---|---|
| Кадмиум (Cd) | **6,77** | **1,39** | **6,64** | **7,66** | 0,8 |
| Олово (Pb) | **156** | 46 | **122** | **138** | 85 |
| Цинк (Zn) | **231** | 65,3 | **206** | **229** | 140 |

Иако Топилницата престана да работи во 2003 година и почна да се намалува загадувањето со тешки метали, како остаток од нејзиното работење во непосредна близина на градот се наоѓа огромна депонија од згура која и во извештаите за животна средина на Р.М. е прогласена за жешка точка, затоа што преку атмосферските води и ружата на ветрови продолжува да ја загадува велешката почва.

Покрај ова, како дополнителни потенцијални загадувачи се јавуваат и поголемиот број индустриски фирми, иако најголем дел од индустриските капацитети поседуваат „А“ и „Б“ интегрирани дозволи. Досега се издадени 5 „А“ интегрирани еколошки дозволи и 22 „ Б“ интегрирани дозволи за територија на општина Велес. (Извор: регистар на МЗЖС)

Покрај Топилницата, загадувачи на почвата се дивите депонии и непрочистените отпадни води од домаќинствата и индустријата.

**Воздух**

За утврдување и следење на квалитетот на амбиентниот воздух е задолжено Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), кое врши редовен мониторинг на квалитетот на амбиетниот воздух односно систематизирано, континуирано мерење, следење и контрола на промената на состојбата и промените на квалитетот на амбиентниот воздух.

Мониторнингот за квалитетот на амбиентниот воздух се врши со помош на автоматска мониторинг-станица Велес 2, која се наоѓа во дворот на детската градинка „Димче Мирчев“ во населба Тунел и го следи загадувањето од сообраќајот, затоплувањето на домовите и индустријата. Оддалеченоста на мониторинг-станицата од патот е околу 6 метри. Се мерат загадувачките супстанции: О3, NO2, SO2, CO и PM10.

Квалитетот на воздухот во Велес се следи и преку мерните мрежи и мерните места на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Велес и Управата за хидрометеоролошки работи како и преку т.н сензори, односно мерни уреди поставени на повеќе локации во Општина Велес, но континуирано мерат само три од нив и тие се поставени во еден од објектите на детската градина „Димче Мирчев“, еден во објект на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ и во објект на ОСУ „Јовче Тесличков“ во Велес.

Од извештаите преку порталот за квалитет на воздух на Министерството за животна средина и просторно планирање е наведено дека во декември 2023 година, во текот на 22 дена била надмината 24-часовната гранична вредност за параметарот ПМ 10 која изнесува 50 μг/м3, а во текот на целата измината 2023 година вкупно надминување на 24-часовната гранична

вредност за параметарот ПМ 10 има во 74 денови. Што се однесува до останатите параметри - нема надминување, согласно извештаите од надлежното министерство.

**Шумски екосистеми**

Вегетацијата во овој регион главно е со субмедитерански, топло-континентални карактеристики. Шумските заедници се претставени со листопадни шуми од даб (Quercus), особено дабот благун (Quercus pubescens), кој е еден од доминантно застапените родови во шумите на ова подрачје; бука (Fagus); габер (Caprinetum) со посебна застапеност на белиот габер (Caprinus orientalis). Шумите во овој регион се многу деградирани и на места целосно уништени. Ливадските заедници се претставени со ксерофилни и ксероморфни растенија, виглавни треви од родовите Stipa, Festuca, Poa и др. Застапени се и едногодишни и повеќегодишни ефемерни растенија: Tulipa, Valeriana Tuberosa, Crocus reticulates.

Вегетацијата во овој регион главно е со субмедитерански, топло-континентални карактеристики. Шумските заедници се претставени со листопадни шуми од даб (Quercus), особено дабот благун (Quercus pubescens) кој е еден од доминантно застапените родови во шумите на ова подрачје, бука (Fagus), габер (Caprinetum) со посебна застапеност на белиот габер (Caprinus orientalis). Шумите во овој регион се многу деградирани и на места целосно уништени. Ливадските заедници се претставени со ксерофилни и ксероморфни растенија, виглавни треви од родовите Stipa, Festuca, Poa и др. Застапени се и едногодишни и повеќегодишни ефемерни растенија: Tulipa, Valeriana Tuberosa, Crocus reticulates.

**Заштита на вредностите на природата**

Локалитетот Бабуна е прогласен за карактеристичен пејсаж од страна на Советот на Општина Велес. Локалитетот Пешти, кој се наоѓа над реката Бабуна, е живеалиште на белоглавиот орел кој е ендемичен вид и го нема на ниедно друго место на планетата, но се соочува со закана од целосно истребување. Друг ендемичен вид во регионот на општина Велес е и црниот штрк.

**Енергетска ефикасност**

Општина Велес е една од ретките општини која има изработени пет Програми за енергетска ефикасност од 2009-2024. Првата е направена на 5 години (другите потоа беа со важност од 3 години). Моментално важечка е Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес за периодот 2022 – 2024. Со изработката на овие Програми, како и поединечни елаборати за објектите под ингеренции на Општината (образовни објекти, јавни објекти за домување, објекти од обласа на културата и спортот, административни објекти на Општина Велес, објекти на јавни претпријатија), се овозможи постојано следење на овие објекти и инвестициите во нив, од аспект на енергетска ефикасност.

Во најголем дел од овие објекти Општина Велес, во согласност со општите насоки за енергетска ефикасност на државата (Договорот од Кјото и Парискиот договор) за намалување на влијанието на климатските промени преку намалување на користење на фосилните горива и намлување на CO2 (прво за 10%, а потоа за 20%), има преземено поголем број на мерки за енергетска ефикасност. Така, во најголем дел од овие објекти се:

- Променети котлите за греење (во 2009 година евидентирано беше дека 90% од нив се од марката „Раде Кончар“ од 1982 година, со по неколкукратно крпење и реставрирање и со коефициент на искористување меѓу 50-70%) со нови котли, а сега се оди кон тоа и овие котли да се прилагодат на поеколошки горива (пелети или гас),
- Во 90% од објектите се замени пасивната со енергетски-ефикасна фасада (енергртска мерка кај школите и јавните претпријатија),

- Исто така и 90 % заменети се старите дрвени прозорци со енергетски ефикасни.

Најголем дел од овие мерки за енергетска ефикасност се реализирани преку разни проекти од странски донатори и проекти на министерствата на Република Македонија. Но, еден помал дел е реализиран и со средства на Општина Велес преку издвојување на средства во Програмите за ЛЕР (локален економски развој) и комунална инфраструктура, како средства од сопствениот буџет, со што континуирано се инвестира како во пасивни мерки така и во активни мерки (заштеди преку користење автоматизација во осветлување и греење на овие објекти).

Имено, во последните 4 години, од 2019 до 2023 г. од општинскиот буџет се субвинционира набавка на сончеви колектори со по 500.000 денари годишно и 500.000 денари за инвертер клими, во насока на намалување на загадувањето на воздухот.

Но, потребата за инвестиции е голема ако се има во предвид дека до 1995 г. не постоеше регулатива за енергетска ефикасност кај објектите, така што најголем дел од објектите кои се градени во предходниот период се нискоенергетски и не можат да влезат ниту во најниската категорија за енергетска класификација.

Оваа потреба за заштеда на енергијата, но и за користење на сè повеќе обновливи извори на енергија ќе расте, особено ако се земат во предвид наглите промени на цената на покачување на струјата (со либерализацијата на пазарот на овој енергенс) и на нафтата поради светските политички промени.

За таа цел, Општина Велес во текот на 2022 и 2023 година инвестираше во изградба на фотоволтаици во повеќе училишта.

| Ред. бр | Институција | Дата | Инсталир. моќност KW |
|---|---|---|---|
| 1 | СОУ „Кочо Рацин“ | март 2022 | 19,5 |
| 2 | ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски" | јули 2022 | 36,07 |
| 3 | ООУ „Јовче Тесличков“ | март 2022 | 19,5 |
| 4 | ООУ „Блаже Конески“ | март 2022 | 19,5 |
| 5 | ООУ „Васил Главинов | март 2022 | 19,5 |
| 6 | ООУ „Панко Брашнаров“ | март 2022 | 19,5 |
| 7 | Локална библиотека „Гоце Делчев“ | август 2023 | 40 |

Сите овие мерки ќе придонесат кон намалување на потрошувачката на енергенси (дрва, нафта и струја) за затоплување на градбите, а со тоа ќе се заштитат шумските екосистеми и ќе се намали загадувањето на воздухот.

**Обновливи извори на енергија**

Со цел да се направи анализа, обработка и систематско претставување на потенцијалите на обновливите извори на енергија на подрачјето на Општина Велес, се изработи посебна Стратегија за користење обновливи извори за Општина Велес.

Со оваа Стратегија е направена и техноекономска анализа на можностите за искористување на обновливите извори на енергија и дадени се препораки за идни планови за искористување на ОИЕ.

Основен заклучок е дека најголем потенцијал за искористување има сончевата енергија заради времетраењето и интензитетот на сончевото зрачење. Имајќи ги во предвид системите за искористување на сончевата енергија, за добивање топла вода и за директно производство на електрична енергија, со анализа на висината на потребната инвестиција за овие системи, како и субвенциите кои се достапни кај нас, може да се заклучи дека од економска гледна точка најголем потенцијал има во искористување на сончевата енергија за подготовка на санитарна топла вода, а веднаш потоа фотволтаиците како извор на енергија.

Биомасата, особено отпадното дрво и другиот органски отпад од нивите, е мошне мала иако има голем потенцијал за искористување, пред сѐ заради неговата ниска цена, воспоставените навики, како и заради тоа што претставува нуспроизвод кој во моментов воопшто или многу малку се користи кај нас во индивидуалните системи.

Градскиот комунален отпад, заедно со хидроенергијата, претставуваат значаен потенцијал за производство на енергија со солиден капацитет. Карактеристично за овие видови на обновлива енергија е што можат да се користат за централно снабдување со енергија, но, за нивно искористување е потребна висока инвестиција и скапа технологија.

Изградбата на хидроцентрали бара големи инвестиции, додека користењето на ветерот е поврзано со брзината и силата на ветерот мерен во секунда.

**Сончева енергија**

Во Општина Велес сончевата енергија интензивно може да се користи од 15 февруари до 15 ноември, при што просечниот број на сончеви часови во текот на годината изнесува околу 2.148. Измерената просечна средна дневна вредност на енергија на сончевото зрачење на хоризонтална површина изнесува околу 4.06 [kWh/m2ден].

Според Стратегијата за обновливи извори на енергија на Република Македонија, годишниот просек за дневното зрачење е во рамките на 4.06 [kWh/m2ден] во централниот дел на земјата (Велес). Вкупното годишно сончево зрачење се движи во рамките до максимум 1650 kWh/m2.

Климатските карактеристики, високиот интензитет на сончево зрачење и неговото продолжено времетраење, како и температурата на воздухот, обезбедуваат поволни услови за успешен развој на искористувањето на сончевата енергија.

Вкупното годишно глобално сончево зрачење за Велес (северна географска ширина 41**о**71’, источна географска должина 21**о**78**’** и надморска височина од 206 m) изнесува 1650 kWh/m2**,** што е една од просечните вредности во Македонија.

**Локации за изградба на фотонапонски електрични централи**

Општина Велес има определено 3 локации за изнајмување и поставување на фотоволтаици ,односно изградба на објект од јавен интерес со намена Е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани:

- КП бр. 10573/6, КО Велес, со површина од 65.133 м2, согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) “Грохот 2”
- КП бр. 14232/5, КО Велес, со површина од 29.999 м2, согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) „Свети Илија 2”
- КП бр. 14232/6, КО Велес, со површина од 29.388 м2, согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (фотонапонски панели за производство на елекетрична енергија кои се градат на земја) „Свети Илија 3”

Во текот на 2023 година во Општина Велес се поднесени 19 барања за поставување на фотволтаични централи (според закон, општините издават одобренија за централи под 1 MW) со вкупна моќност од 1.855,64 KW.

| Потрошувач-производител (број на поднесени барања за поставување на фотоволтаични централи) | KW /моќност |
|---|---|
| 19 | 1855,64 |

**Хидропотенцијал на општина Велес**

Низ територијата на општина Велес тече реката Вардар, заедно со нејзините сливови. Од поголемите реки кои спаѓаат во сливот на Вардар, а течат низ територијата на Општина Велес, вреди да се споменат поголемите водотеци како Бабуна, Тополка и Отовица.

Годишниот просечен протек на вода за овие реки е:

• Бабуна: 4.65 m3/s

• Тополка: 2.41 m3/s

• Отовица: 1.31 m3/s

• Останат слив од лева страна: 1.31 m3/s

• Останат слив од десна страна: 0.30 m3/s

• Вардар: 83.1 m3/s

На територијата на општина Велес постои можност за изградба на две мали хидроцентрали на Тополка пред самиот влив и ХЕЦ „Велес" на Вардар, со енергетско искористување на потегот Таор-Велес т.е. со изградбата на ХЕЦ „Велес" ќе биде потребно преместување на железничката пруга, што преставува огромна инвестиција, независно од изградбата на браната.

Извор: (Енергетска стратегија на РМ 2009-2030).

Од утврдениот број на можни локации за изградба на мали и мини ХЕЦ во општина Велес, добиени се следните податоци за апсолутниот капацитет на водна количина со која располага територијата на општината.

Табела 12 - Апсолутен инсталиран проток за ХЕЦ во општина Велес

| Типови на ХЕЦ | Апсолутен инсталиран проток за ХЕЦ | Инсталиран капацитет - Моќност | Вкупно годишно производство | Вкупно проценето чинење на објектите |
|---|---|---|---|---|
| | ($m^3/s$) | (kW) | (MWh/god) | (€) |
| Мали | 2.97 | 2744 | 10577 | 3.42 мил EUR |
| Големи | 195 | 93,1 | 310000 | 157.7 мил EUR |

Извор: (Стратегија за користење на обновливи извори на Општина Велес)

**Потенцијал на енергија од ветер**

Според меѓународната класификација, потенцијалните локации за градба на ветерна електрана се делат на класи според густината на ветерната моќност, WPD (Wind Power Density), односно според брзината на ветрот. Класите се дадени во долната табела.

Под енергија на ветерот се подразбира кинетичката енергија на подвижната воздушна струја, која дејствува врз инсталација за прием на ветерна енергија, при што оваа енергија се претвора во механичка енергија, која го придвижува генераторот и при тоа се претвора во електрична енергија.

За општина Велес потребни се дополнителни испитувања/мерења за погодни локации за градба на ветерни електрани.

Ветровите се јавуваат од сите правци, меѓутоа, преовладуваат од северен и северозападен правец. Северниот ветер се јавува со просечна честина од 168‰ годишно и

средна годишна брзина од 2,7 m/s. Северозападниот ветер се јавува со годишна честина од 152‰ и средна годишна брзина од 2,9 m/s, со максимум во месец јули и минимум во ноември.

Просечната годишна честина на тишините изнесува 472‰.

Ветерните електрани се градат како комплекс од повеќе поединечни ветерни турбини, кои енергијата ја даваат интегрално, преку врската на ветерната електрана со електроенергетскиот систем. Речиси сите комерцијални ветерни турбини работат во дијапазон на брзини на ветрот од 4m/s до 25m/s, но брзината за која се постигнува инсталираната моќност на турбината е околу 12m/s.

На целата територија на општина Велес, на висина од 80 m дуваат ветрови со просечна брзина на годишно ниво помеѓу 4.5 и 5.5 m/s. Од ова може да се заклучи дека во општина Велес нема да можат да се искористат ветерни турбини со претходно наведената енергетска карактеристика и моќност од 1 MW, затоа што нивната најмала брзина на вклучување е 4m/s и од оваа гледна точка општина Велес има недоволен потенцијал за искористување на ветерна енергија.

Сепак, може да се разгледа и можноста за поставување на турбини со помала моќност, кои имаат помала брзина на вклучување и помала номинална брзина околу 2,9 m/s.

Може да се каже дека можностите за искористување на обновливите извори на енергија (вода, ветар, сонце и дрво) не се целосно искористени во општината, односно потенцијалот за можноста на нивно искористување е многу поголем.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Појави на диви депонии, неуредена времена депонија (иако се правеа напори за изградба на заедничка регионална депонија) | Санацијата на дивите депонии и уредување на времената депонија, рециклирањето и обработката на сметот се најголемите приоритети во општината кои треба да се адресираат преку регионален систем за управување со отпадот |
| Високо ниво на хидрографски потенцијал | Планирање и управување со водените ресурси осбено на реката Вардар, но и огромна инвестиција |
| Загадувањето на почвата најчесто е остаток од поранешнот работење на Топилницата за олово и цинк и сè уште постоење на нејзината депонија со троска како и дивите депонии и непрочистените отпадни води | Неопходна е санација на дивите депонии, изградба на пречистителна станица, како и дислокација на огромниот куп троска од поранешното работење на Топилницата |
| Зголемен мониторинг станици за следење на квалитетот на воздухот | Потребно е да се воведе поголем и покомплексен мониторинг и активен однос кон заштитата на воздухот |
| Евидентирана е една природна реткост за заштита | Треба да се предложи за ретко природно наследство и да се зајакне заштитата кај локалитет Пешти |
| Незаштитени шумски екосистеми | Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва |
| Енергетската ефикасност на објектите е на ниско ниво | Унапредување на енергетска ефикасност со субвенционирање |

| | |
|---|---|
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку субвенционирање |

# 7. СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ - Безбедност и сигурност во заедницата

**Безбедност и сигурност во заедницата**

**Процена на потенцијални ризици по заедницата**

Проценката на загрозеност на територијата на општина Велес од природни непогоди и други несреќи и мерки за заштита и спасување се ажурира на годишно ниво. Последото ажурирање е направено во 2023 година. Од оваа година ажурирањето на проценката ќе се прави на 4 години.

Документот ги дава следните проценки на загрозеност:

- Загрозеност од земјотреси, урнатини и рударски несреќи,
- Загрозеност од поплави и уривање на високи брани,
- Загрозеност од снежни намети, лавини и луњи,
- Загрозеност од пожари и експлозии,
- Загрозеност од неексплодирани убојни и експлозивни средства,
- Загрозеност од свлечишта и лизгање на земјиштето,
- Загрозеност од епидемии на заразни заболувања,
- Санитарно-хигиенска состојба на објектите за водоснабдување,
- Капацитети за сместување на медицинските установи во општината,
- Црвен крст,
- Процена на број на настрадани лица,
- Загрозеност на животните и производите од животинско потекло,
- Загрозеност на растенијата и производите од растително потекло,
- Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и несреќи со опасни материи,
- Загрозеност во сообраќајот и телекомуникациите,
- Загрозеност од други вонредни состојби,
- Загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина

**Планови за заштита**

Општина Велес има неколку планови кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

- Заштита и спасување
  - Дел за заштита и спасување од пожари
  - Дел за прва медицинска помош
  - Дел за заштита и спасување од поплави
  - Дел за згрижување и евакуација
- Заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во општина Велес
- Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општина Велес
- Плановите за заштита и спасување, како и Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Велес ажурирани се во 2018 година, додека планот за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во Општина Велес е изготвен во 2020 година.

Други планови за безбедност и сигурност во заедницата не се изготвени.

**Пожари**

Пожарите најчесто се случуваат во летниот период, кога температурата на воздугот е мошне висока. Најчесто пожар се јавува во шумските предели, но и во низинскиот дел каде има житни култури. Пожари се јавуваат и кај градежни објекти.

Последните две-три години пожар ја зафаќа и времената депонија во близина на Велес.

Загрозеноста на шумите од пожари се класифицирани во втор, трет и четврт степен и тоа: втор степен 2.380,50 ха, во трет степен на загрозеност се околу 16.760,20 ха, а во четврт степен - 5.483,90 ха.
Најчесто пожарите се јавуваат како:

- негрижа и невнимание на луѓето кои се присутни и престојуваат во шумите поради сечење на дрва, собирање на шумски плодови, лов, излет итн. и
- неисправни електрични инсталации, неисправни (неисчистени) или оштетени оџаци.

Во периодот од 2000-2006 година на територијата на општината се случиле вкупно 269 пожари од помали и поголеми размери, од кои 201 на отворен простор, 39 во објекти, 9 на моторни возила и 20 класифицирани во останати.
Во заштита и спасување од пожар на територијата на општина Велес формирани се следните институции и сили:

- Координативно тело за заштита од пожари,
- ТППЕ (професионална единица),
- РСЕ за заштита и спасување од пожари во јачина на одделение,
- Сили во ЈП „Македонски шуми" – подружница Велес,
- Штаб за заштита и спасување на општина Велес,
- просторни сили за заштита и спасување кои се во фаза на доекипирање со големина на вод од 30 припадници) како и
- локалното население.

**Поплави**

Согласно Планот за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во општина Велес како реална опасност за поплавување на земјоделски површини, комуналната инфраструктура, но и градежни објекти се потенцирани реките и вештачките акумулации во општината.
Причини за настанување на поплави на отворено се:

- Обилни врнежи од дожд,
- Нагло топење на снег од повисоките места,
- Неисчистени речни корита и плитки и тесни корита.

Причини за настанување на поплави во населени места се:

- Неисчистени речни корита кои поминуваат низ населени места,
- Непланска изградба на индивидуални станбени објекти во близина на речни корита,
- Неисправна одводна и канализациона мрежа, неисчистени канали за собирање на атмосферска вода и
- Непостоење на субјект кој стопанисува и го контролира водостојот на вештачките хидроакумулации.

Во изминатиов период многу малку е направено за отстранување на причините за настанување на поплавите.

**Служби за цивилна заштита**

Во општина Велес постои служба за цивилна заштита (просторни сили за заштита и спасување). За да може службата за цивилна заштита успешно да се справува со одредени причини за загрозување на безбедноста и сигурноста во заедницата и последиците од истите, потребно е да се превземат активности во насока на:

- Ажурирање на персоналниот состав, со оглед на тоа дека некои лица стекнале услов за пензионирање, други лица се иселиле од општината итн.,
- Покрај потребата од ажурирање на персоналниот состав на силите за цивилна заштита, неопходна е соодветна обука како на лицата во состав на единицата за ЦШ, така и на лицата во координативното тело за справување со елементарни непогоди,

- Обезбедување на целата опрема за заштита и спасување по број и вид.

Може да заклучиме дека во моментов силите за цивилна заштита не се во можност со полн капацитет да се справат со ризиците по безбедноста и сигурноста во заедницата.




# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 2024-2027